Институт
за
европска
политика.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА ПОГЛАВЈЕ 23

ЗА ПЕРИОДОТ АПРИЛ 2020 – СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА ПОГЛАВЈЕ 23

ЗА ПЕРИОДОТ АПРИЛ 2020 – СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА ПОГЛАВЈЕ 23

ЗА ПЕРИОДОТ АПРИЛ 2020 – СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА

Издавач:
Институт за европска политика – Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери
д-р Билјана Котевска

Автори:
м-р Ива Цоневска Вангелова
м-р Исмаил Камбери

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје,
октомври 2021

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.96/.99.047(497.7)"2020/2021"(047)
343.85:343.352(497.7)"2020/2021"(047)
342.72/.73.037(497.7)"2020/2021"(047)

ЦОНЕВСКА Вангелова, Ива
Извештај во сенка за Поглавје 23 [Електронски извор] : за периодот април 2020 - септември 2021 година / [автори Ива Цоневска Вангелова, Исмаил Камбери]. - Скопје : Институт за европска политика, 2021

Начин на пристапување (URL): https://epi.org.mk/post/20027. - Текст во PDF формат, содржи 102 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 29.12.2021. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 82-102

ISBN 978-608-4702-54-2

1. Камбери, Исмаил [автор]
а) Правосудство -- Реформи -- Македонија -- 2020-2021 -- Извештаи б) Корупција -- Спречување -- Македонија -- 2020-2021 -- Извештаи в) Човекови права и слободи -- Заштита -- Македонија -- 2020-2021 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 56009477

CIVICA MOBILITAS

Оваа публикација е овозможена со поддршка на програмата на ЦИВИКА мобилитас. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на ЦИВИКА мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) и организациите што ја спроведуваат.

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| АВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АКМИС | Автоматизиран информациски систем за управување со судските предмети |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| ГРЕКО | Група на држави против корупција |
| ДЗЛП | Дирекција за заштита на лични податоци |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДИТ | Државен инспекторат за труд |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ЕИГЕ | Европски институт за родова еднаквост |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕНЕР | Електронски национален регистар на прописи |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| ЗСЗД | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| ИКТ | Информатичка комуникациска технологија |
| КСТ | Европски комитет за спречување на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување |
| ЛГБТИ | Лезбиска, геј, бисексуална, транс и интерсексуална заедница |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МРТ | Македонска радио-телевизија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОЈОГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| СЕММ | Совет за етика во медиумите во Македонија |
| СЈО | Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (Специјално јавно обвинителство) |
| ССРСМ | Судски совет на Република Северна Македонија |
| УБК | Управа за безбедност и контраразузнавање |
| ЕПИ | Институт за европска политика |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕУ | Европска унија |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| СЕПЕЈ | Европската комисија за ефикасност на правдата |
| ЦСР | Центар за социјална работа |

# Содржина

Вовед 7
Методологија 8

1. Правосудство 9
    - Стратешки документи 10
    - Управувачки тела 13
    - Независност и непристрасност 19
    - Одговорност 26
    - Професионалност и компетентност 29
    - Квалитет на правда 34
    - Ефикасност 37

2. Борба против корупцијата 41
    - Институционална рамка 42
        - Државна комисија за спречување на корупцијата 42
        - Јавно обвинителство 44
    - Правна рамка 47

3. Фундаментални права 49
    - Судската практика на Европскиот суд за човекови права 50
    - Народен правобранител 51
    - Тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување 53
    - Затвори и притвори 54
    - Заштита на лични податоци 56
    - Слобода на мисла, совест и религија 59
    - Слобода на изразување 60
        - Имплементација на легислатива/институции 60
        - Притисок врз новинари 61
        - Јавен радиодифузен сервис 62
        - Економски фактори 63
        - Интернет 64
        - Професионални организации/професионални услови 65
    - Ранливи групи и принцип на недискриминација 66
        - Комисија за спречување и заштита од дискриминација 66
    - Род 68
    - Говор на омраза 72
        - Дела од омраза 74
    - ЛГБТИ+ 75
    - Роми 77
        - Лица со попреченост 79

Користена литература 82

# Вовед

Овој извештај во сенка ги обединува во единствена кохерентна целина сите наоди, заклучоци и препораки што произлегоа од следењето на областите содржани во Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права. Ова е шести ваков извештај што го објавува Институтот за европска политика – Скопје (ЕПИ), земајќи ги предвид коментарите и мислењата на невладините организации. Претходните четири извештаи ги покриваа следните периоди: октомври 2014 година – јули 2015 година[1], јули 2015 година – април 2016 година[2], мај 2016 година – јануари 2018 година[3] и јуни 2018 година – март 2019 година[4], април 2019 – март 2020 година[5].

Извештајот го опфаќа периодот од почетокот на април 2020 година, заклучно со крајот на септември 2021 година. Во извештајот се прикажани податоци што се релевантни и пред април 2019 година, доколку тие биле потребни за контекстуализација или за појаснување на новините од тековниот извештаен период, а кои се релевантни за извештајниот период. Периодот на опфат на извештајот соодветствува на извештајниот период на Европската комисија (ЕК) за Република Северна Македонија (РСМ, Северна Македонија). Овој извештај ја следи структурата на Поглавјето 23, согласно извештајот на ЕК. На крајот на секоја област во рамка ги издвоивме препораките и главните заклучоци.

Во текот на извештајниот период државата се соочи со ветото од Бугарија, со што Бугарија не го прифати нацртот на преговарачката рамка со Северна Македонија и не се постигна компромис за отворање на првата меѓувладина конференција. Пандемијата предизвикана од КОВИД-19 придонесе за прогласување на вонредна состојба и одолжување на предвремените парламентарни избори,[6] но и на тест ги стави институциите што во овој исклучително динамичен период требаа да се справат со кризата предизвикана од пандемијата и здравјето на граѓаните да се стави во преден план, а во исто време непречено да се одвиваат и другите реформи.

Овој извештај во сенка е изготвен во рамките на институционалниот грант на Институтот за европска политика финансиран во рамките на програмата на ЦИВИКА мобилитас.

1 Неда Чаловска и др., „Правосудството и темелните права во Република Македонија“ (Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2015) <https://epi.org.mk/docs/Analiza_Mreza.pdf>.

2 Неда Чаловска, Воислав Стојановски и Александар Јовановски, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот од јули 2015 до април 2016 година“ (Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2016) <https://epi.org.mk/docs/Izvestaj_mk.pdf>.

3 Велимир Деловски и др., „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот од мај 2016 до јануари 2018 година“ (Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 2018) <https://epi.org.mk/docs/Mreza23_izvestaj%20vo%20senka_2018.pdf>.

4 Ива Цоневска и др., „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот јуни 2018 – март 2019 година“ (2019).

5 Iva Conevska and Ismail Kamberi, “Shadow Report on Chapter 23 for the Period June 2019 – Marth 2020” (Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот јуни 2019 – март 2020 година) (European Policy Institute – Skopje 2020) <https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/Izvestaj_vo_senka_2020.pdf>.

6 Предвремените парламентарни избори беа одржани на 15 јули.

# Методологија

При подготвувањето на овој извештај се примени методологијата за следење на областите што се фокус на работа на „Мрежа 23" – Правосудство, борба против корупција и темелни права,[7] изработена во 2015 година и веќе применета на претходните извештаи. Таа вклучи истражување на официјалните извори на државните и правосудните институции, анализа на медиумското известување за одредени случувања во овие области во предметниот период, многубројни анализи и извештаи подготвени од граѓански организации.

За подготовка на овој извештај во сенка беа направени консултации по пишан (електронски) пат со граѓански организации и институции. Најнапред беа направени консултации за доставување на релевантни анализи, извештаи и истражувања поврзани со Поглавјето 23. За состојбата со заштита на фундаменталните права беше спроведена фокус-група со претставници на граѓанските организации на 29 јуни.

7 Наталија Шикова (уред.), „Методологија за мониторинг и евалуација на јавните политики од Поглавјето 23 – правосудство и фундаментални права од законодавството на Европската унија" (Центар за управување со промени) <https://epi.org.mk/docs/Metodologija_mk.pdf>.

# 1. Правосудство

Во текот на извештајниот период се продолжи со имплементација на реформите во правосудниот сектор предвидени во Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план (Стратегијата). Сепак, новонастанатата ситуација со пандемијата предизвикана од КОВИД-19 придонесе за приспособување и приоретизирање на текот на реформите. Позитивно е што во текот на изминатиот период интензивно се работеше на процесот на дигитализација на судството, со што беше донесен и план за дигитализација на судството, со кој се предвидува целосно да се дигитализираат 34 судови и над 120 судници[8] и со оглед на неговата важност се очекува во целост да биде имплементиран во следниот период. Финансискиот аспект на реформите и кадровската и техничката екипираност на судовите и обвинителствата сè уште остануваат предизвик.

Најдинамичен и неизвесен беше периодот и во делот на пристап до правда, што беше за време на тримесечната вонредната состојба, која беше прогласена на 18 март 2020 година со Одлука на претседателот на државата. Во оваа насока, работата на судовите беше регулирана преку Одлуката за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19 донесена од Судскиот совет на РСМ[9], бидејќи недостигаше каков било правен акт што ги регулира работата и постапките на судовите и судските органи за време на вонредна состојба. Дополнително, Владата на РСМ со Уредба со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства, го запре течењето на законските и преклузивните рокови за поднесување тужби во парнична и кривична постапка, како и управните спорови, и ги стопираше роковите за изјавување на редовни и вонредни правни лекови за време на вонредната состојба.[10]

8 Влада на Р. Северна Македонија, „Заедничка прес-конференција на премиерот Заев, министерот Маричиќ и судијата Нанев: Дигитализација на судството за зголемување на ефикасноста и пристапот до правда“ (26 април 2021).

9 Одлуката беше донесена на 17 март 2020 година.

10 Natali Petrovska and Zarko Hadzi-Zafirov, “Legal Implications for Court Proceedings during a State of Emergency” (Правни импликации врз судските постапки за време на вонредна состојба) (2021) <http://blueprint.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%BC%D0%BF%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8-%D0%B2%D1%80%D0%B7-%D1%81%D1%83%D0%B4%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D0%BA%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%BE%D0%BD%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0.pdf> пристапено на 5 август 2021.

# Стратешки документи

Покрај пандемијата, пред сè Министерството за правда на РСМ континуирано работеше и на имплементација на законодавната агенда предвидена во Стратегијата за реформи на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план. Согласно последната анализа[11] за спроведувањето на Стратегијата, подготвен од Блупринт групата за правосудство, целиот процес на спроведување на Стратегијата и Акцискиот план за 2020 година беше делумно транспарентен и инклузивен, додека временската рамка за донесување закони, и покрај донесувањето на ревидираниот акциски план, беше во најголем дел пречекорена. Слична оцена е дадена и во првиот мониторинг-извештај на Блупринт групата за правосудство,[12] чијшто период на следење е првите шест месеци од 2021 година.

Со оглед на контекстот во кој се одвиваа реформите, дел од законите[13] што не беа донесени од претходниот парламентарен состав, а кои се клучни во делот на правосудството, во текот на извештајниот период се доработуваа од работни групи формирани во Министерството за правда, се работеше и на подготовка на нови закони и законски измени предвидени во Стратегијата[14], а дел од предлог-законите и предлог-законските измени, предвидени во Стратегијата, се во парламентарна процедура[15]. Законот за меѓународна соработка во кривичната материја во април 2021 година беше донесен од Собранието на РСМ.

Во однос на имплементацијата на другите активности од Стратегијата, согласно последните податоци на Министерството за правда,[16] од 227 активности предвидени активности, над 130 активности се целосно завршени. Дел од активностите што се однесуваат на обуки, усогласување на судската практика, кадровско и техничко доекипирање, континуирано се спроведуваат и тие ќе траат до крајот на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година. За дел од експертите[17] исполнувањето на Стратегијата не треба да се гледа само низ призмата на број на имплементирани активности. Постојат голем број активности и мерки што зависат не само од Министерството за правда, односно ако се одвојат финансиски средства за реформите многу полесно ќе се спроведуваат реформите, независно од заложбата и напорите на Министерството за правда. Притоа, и во Стратегијата, во делот на надлежни институции, е ставено Министерството за финансии, бидејќи голем број реформи зависат од издвојување на финансиски средства.

---

11 Жарко Хаџи-Зафиров и др., „Анализа на примената и спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) за 2020 година“ (2021) <http://blueprint.org.mk/2021/04/21/%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d1%98-%d0%b7%d0%b0-%d1%81%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b2%d0%b5%d0%b4%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d1%82%d1%80%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%b3%d0%b8/> пристапено на 3 јули 2021.

12 Блупринт група за правосудство, „Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година (период на следење јануари 2021 – јуни 2021 година)“ (август 2021) <http://blueprint.org.mk/wp-content/uploads/2021/08/%D0%9F%D1%80%D0%B2-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D1%83%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%BC%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%BD%D0%B3-%D0%B1%D1%80%D0%B8%D1%84-2021-3.pdf> пристапено на 9 септември 2021.

13 Предлог-закон за Академијата за судии и јавни обвинители и предлог-закон за медијација, не беа донесени од претходниот парламентарен состав и повторно се работеа во работни групи формирани во Министерството за правда.

14 Закон за кривична постапка, Закон за правда на децата, Закон за судски буџет, Закон за вештачење се во процес на подготовка од работната група.

15 Во собраниска процедура се: предлог-закон за парнична постапка, нов предлог-закон за Академијата за судии и јавни обвинители, нов предлог-закон за медијација, предлог-закон за адвокатура (усвоен од Владата во јули 2021 година), предлог-закон за паричен надоместок на жртвите на кривичните дела, предлог-измени на Кривичниот законик (усвоени од Владата во јули 2021).

16 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'“ <https://www.facebook.com/EPI.Skopje/videos/408804293926251> пристапено на 15 септември 2021.

17 Ibid.

Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор беше формиран со цел следење на имплементацијата на Стратегијата на државно ниво и тој е предвиден во Стратегијата[18] по насоките од Европската комисија. Дел од експертите[19] сметаат дека сегашниот формат на Советот не ја отсликува реалната замисла и потреба за постоењето на овој совет. Во Стратегијата[20] е предвидено форматот на овој совет што треба да биде предводен од Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во кое ќе бидат вклучени министерот за правда, министерот за финансии и други претставници на Владата на Република Македонија, како и други претставници на релевантни органи. Целта на овој совет не е да раководи со реформите, туку да ја следи имплементацијата на Стратегијата, сè со цел надлежните институции да се координираат меѓусебно за да се имплементираат активностите во Стратегијата, особено во оние делови каде што се потребни финансиски средства. Поради тоа, во овој совет клучна улога треба да има и министерот за финансии. Сепак, под притисок на јавноста во мај 2019 година, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија се повлече од претседателското место во Советот и оваа функција ја презеде министерот за правда.[21]

Во однос на бројот на седници на Советот за имплементација на Стратегијата за реформи во правосудството, во 2019 година беа одржани пет седници каде што претставници на засегнатите страни дебатираат за постигнатите резултати и носат препораки за идното спроведување на Стратегијата. Во 2020 година, поради состојбата со КОВИД-19, како и поради одржувањето на предвремените парламентарни избори и претходното функционирање со техничка влада, првата седница на Советот се одржа на крајот на декември 2020 година.[22] На седницата на Советот, што се одржа кон крајот на декември 2020 година, е утврдено дека од вкупно 227 активности утврдени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, 114 се реализирани во целост, 35 активности се во тек, 13 активности имаат подоцнежен рок на реализација, 15 активности доцнат, 44 активности имаат континуиран рок на реализација, додека шест измени зависат од претходно донесување на предвидените законски измени. На оваа седница исто така се препорача доследна примена на донесените законски решенија, надминување на пречките што придонесуваат за доцнење на активностите предвидени во Акцискиот план и во Стратегијата, како и донесување на подзаконските акти од Советот на јавни обвинители кои се однесуваат на работата на јавните обвинители.[23]

Потребно е навремено да се почне со подготовка на следната Стратегија за правосудство, најнапред со формирање тим што ќе ја подготвува, која по најавите од Министерството за правда треба да опфаќа период од четири години, почнувајќи од 2023 година. Ова е од исклучителна важност затоа што во услови на отсуство на релевантна Стратегија за правосудство повеќе од десет години, тимот кој ја подготвуваше постојната Стратегија за правосудство 2017-2022 година имаше само три месеци на располагање за нејзина подготовка, што по истекот на овие три месеци требаше да биде донесена.[24]

Во февруари 2019 година, Министерството за правда ја донесе Стратегијата за информатичко-комуникациска технологија во правосудството за 2019-2024 година (ревидирана стратегија). Во Стратегијата е предвидено нејзино континуирано следење со цел ефективно спроведување на предвидените активности, за што е надлежен Советот за информатичко-компјутерска технологија (ИКТ). Позитивно е што овој совет, меѓу другото, може да превиди ревидирање на Стратегијата и на Акцискиот план согласно утврдени потреби.[25] „Советот за ИКТ е формиран со измените и дополнувањата на Законот за

---

18 „Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 со Акциски план“ (Министерство за правда, 2017).

19 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'“ (n 16).

20 „Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 со Акциски план“ (n 18).

21 Влада на Република Северна Македонија, „Од 134. седница на Владата“ (5 август 2019) <https://vlada.mk/node/17749>.

22 Министерство за правда, „Одговор по барање за слободен пристап на информации од јавен карактер“.

23 Ibid.

24 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'“ (n 16).

25 Стратегија за информатичко-комуникациска технологија во правосудството за 2019-2024 година (ревидирана стратегија) 2019.

судови.[26] Во рамките на своите активности Советот за ИКТ предлага, создава, спроведува и обезбедува ИКТ-решенија, што имаат цел зголемување на ефикасноста и транспарентноста на правосудниот систем, како и централизирање на информатичките системи воспоставени во Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, сите судови и обвинителства, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции и казнено-поправните и воспитно-поправните установи и Академијата за судии и јавни обвинители, а заради обезбедување на брз, автоматизиран и непречен пристап до податоци, како и нивна меѓусебна интероперабилна размена.[27] Советот за ИКТ ја одржа својата конститутивна седница[28] на шести ноември 2019 година." По донесувањето на планот за дигитализација на судството, Советот за ИКТ континуирано одржува седници.[29]

Во следниот период потребно е преземање мерки и активности за соодветна имплементација на Стратегијата за ИКТ, планот за дигитализација на судството и следење на нивната имплементација од сите релевантни чинители.

Од моментот на донесување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план во најголем дел се имплементирани реформите што се однесуваат на измена на законската рамка, имплементирајќи ги Итните реформски приоритети, препораките на Венецијанската комисија и препораките дадени од експертската група предводена од Прибе. Покрај напорите за реализација на законодавната агенда утврдена во Стратегијата, се забележува доцнење во спроведувањето на одредени активности, и покрај ревидираниот акциски план. Поради тоа е потребно надминување на пречките што придонесуваат за доцнење на активностите предвидени во Акцискиот план и во Стратегијата, пред сè, издвојување на финансиски средства за имплементација на одредени реформи предвидени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор со Акциски план. Потребно е и навремено носење на подзаконските акти за имплементација на реформските закони и измени на закони предвидени во Стратегијата.

Очекуваме дека во следниот период фокусот ќе биде ставен на доследна имплементација на законите и измената на законите во областа на правосудството, навремено носење на сите подзаконски акти и нивна соодветна имплементација, со што ќе се зголеми ефикасноста и независноста во правосудството, а со тоа ќе се зголеми и довербата на граѓаните во правосудниот систем.

Очекуваме и продолжување и зајакнување на практиката за инклузивност во врска со формирањето и работата на работните групи за подготовка на закони, како и зголемени дебати и предлози во однос на определени решенија што се од исклучителна важност за граѓаните.

Потребно е навремено да се почне со подготовка на следната Стратегија за правосудство, најнапред со формирање тим што ќе ја подготвува, која по најавите од Министерството за правда треба да опфаќа период од четири години, почнувајќи од 2023 година.

Во следниот период потребно е преземање мерки и активности за соодветна имплементација на Стратегијата за ИКТ, планот за дигитализација на судството и следење на нивната имплементација како од страна на Советот на ИКТ, така и од сите други релевантни чинители, вклучително и граѓанските организации. Мошне позитивен чекор во однос на информациско-компјутерската технологија во правосудството, особено за судството, е донесувањето на планот за дигитализација на судството, што очекуваме да биде целосно имплементиран во следниот период.

26 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 96/2019; Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите 2019.

27 Министерство за правда, „Совет за ИКТ, Министерство за правда" <https://www.pravda.gov.mk/toc1/1958> пристапено на 9 септември 2021.

28 Академик, „Конституиран советот за координирање на ИКТ во правосудството" (11 август 2019) <https://akademik.mk/konstituiran-sovetot-za-koordinirane-na-ikt-vo-pravosudstvoto/>.

29 Министерство за правда, „Совет за ИКТ, Министерство за правда" (n 27).

# Управувачки тела

Со цел унапредување на независноста и непристрасноста на правосудниот систем, како мерки за имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор[30], се донесоа нов Закон за Судски совет и Закон за изменување и дополнување на Законот за совет на јавни обвинители.

Законот за Судскиот совет беше позитивно оценет од страна на Венецијанската комисија[31], сепак сè уште постојат несогласувања од страна на судската фела во однос на организациската поставеност на Советот.[32] По однос на организациската поставеност, судската фела и дел од невладините организации имаат забелешки по однос на одредбата од Законот, според која, претседателот на Судскиот совет се избира од членовите кои се избрани од Собранието на Република Северна Македонија. Во оваа насока, во април 2021 година, Уставниот суд поведе постапка[33] за законските одредби за избор на претседател на Судскиот совет за уставноста на член 8 став 3 во делот: „...кои се избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија".

Во однос на имплементацијата на Законот за избор на членови на советот, во текот на извештајниот период (април 2020 – јуни 2021 година), по новиот Закон за Судски совет избран е еден член на советот од редот на судиите од апелациското подрачје Битола.[34] Гласењето беше спроведено на 26.08.2020 година, согласно протоколите за заштита од КОВИД-19, имајќи предвид дека се одвиваше во време на пандемија. И покрај укажувањето од Комисијата дека со тоа Судскиот совет ја крши законската обврска, изборот директно не се пренесувал и снимка од процесот не беше достапна на интернет-страницата на Советот, поради немање на технички и човечки ресурси да се реализира таа.[35] Во рамките на изборниот процес, Судскиот совет на РСМ донесе одлука за формирање Комисија за избор за член на Судскиот совет и согласно со член 14 од Законот за Судскиот совет на РСМ[36] еден член и заменик-член се избираа од редот на претставниците на здруженијата и фондациите што работат повеќе од пет години во областа на човековите права и владеењето на правото.

Во декември 2020 година Собранието ја избра Павлина Црвенковска како нов член на Судскиот совет од редот на истакнати правници.[37] Во април 2021 година Црвенковска е избрана едногласно за претседател на Судскиот совет на РСМ.[38] Ова е прв избор

30 „Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 со Акциски план" (n 18).

31 Richard Barrett, Philip Dimitrov and Ciril Ribičič, "Opinion on the Draft Law on the Judicial Council, Adopted by the Venice Commission at Its 118th Plenary Session" (Venice Commission 2019) Opinion No. 947/2019 <https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2019)008-e>.

32 Според излагањето на претседателот на Судскиот совет дадено на дијалогот за јавни политики. Извор: Институт за европска политика, „Документ за јавните политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година'" (2019) <https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2020/01/%D0%94%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%B7%D0%B0-%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B8-%D0%B1%D1%80%D0%B8%D1%84.pdf>.

33 akademik.mk, „Уставниот суд поведе постапка за законските одредби за избор на претседател на Судскиот совет" (29 април 2021) <https://akademik.mk/ustavniot-sud-povede-postapka-za-zakonskite-odredbi-za-izbor-na-pretsedatel-na-sudskiot-sovet/> пристапено на 9 септември 2021.

34 Судски совет, „Врз основа на сумирањето и утврдувањето на резултатите од гласањето за избор на член на Судски совет на Република Северна Македонија од редот на судиите од апелациското подрачје Битола, избрана е Мери Радевска, судија на Основниот суд Битола" (27 август 2020) <https://urlzs.com/d6eyh>.

35 Блупринт група за правосудство (n 12).

36 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019; Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија 2019.

37 Судски совет на Република Северна Македонија, „Судски совет на Република Северна Македонија – Претседател" <https://urlzs.com/Xh1aZ>.

38 „За претседателка на Судскиот совет на Република Северна Македонија е избрана Павлина Црвенковска – прв избор на претседател според новиот закон за Судски совет" (20 април 2021) <https://urlzs.com/4Nq6W>.

на претседател на Советот според новиот Закон за Судски совет. Во мај 2021 година, непосредно по изборот на новата претседателка на Судскиот совет, ДКСК отвори предмет за неа.[39] Реакции за нејзиниот избор имаше и од опозициската ВМРО-ДПМНЕ[40] и од оштетени штедачи од Еуростандард банка. На ваквите обвинувања одговори претседателката на Судскиот совет дека непристрасно ќе ја извршува функцијата и дека кога се одлучува или во иднина ќе се одлучува за некој предмет поврзан со банката, таа ќе се изземе.[41] Во своето прво обраќање како претседателка на Судскиот совет, Црвенковска вети дека овој состав на Советот, под нејзино водство, ќе направи максимални напори да го подигне дигнитетот на правосудниот систем и за барем еден степен да ја подигне доверба на граѓаните во правосудството.[42]

Во извештајот од следењето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за 2020 година на Блупринт групата за правосудство[43] повторно е нотирано дека се продолжува со практиката од 2019 година за членови на Судскиот совет на РСМ предложени од Собранието или од претседателот на РСМ, а избрани од Собранието на РСМ, да се избираат кандидати кои имаат работно искуство во извршната и во судската власт, а од приложената биографија не може да се види исполнувањето на законските услови во насока на утврдување на елементите за истакнат правник. Покрај тоа што законот јасно ги определува критериумите што треба да ги исполнуваат истакнатите правници, членови на Судскиот совет, законот дава предлози кој сè може да биде избран за член на ССРСМ, па ги наведува универзитетските професори по право, адвокати, поранешни судии на Уставниот суд на Република Северна Македонија, меѓународни судии и други истакнати правници. Ова јасно ја покажува интенцијата на законодавецот за посакуваниот профил на членови на Судскиот совет.[44]

Со цел имплементација на новиот Закон за Судски совет, Судскиот совет, со надминување на рокот, кон крајот на 2019 година ги донесе Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ,[45] Правилникот за начинот на рангирање кандидати за судии од Академијата за судии и јавни обвинители, кој е донесен на 26.12.2019 година, а со кој се уредува начинот на рангирање на кандидатите од листата на кандидати доставена од Академијата за судии и јавни обвинители што се пријавиле за избор на судија на основен суд.[46] Во текот на 2020 година Судскиот совет донесе и Методологија за оценување на работата на судија врз основа на исполнетост на квалитативните критериуми за судиското работење и Образец за оценување и бодување на исполнетост на квалитативните критериуми за работата на судијата, Методологија за квалитативно оценување на претседателите на судовите и Образец за квалитативно оценување на претседатели на судовите и Упатство за начинот на пресметување на ефективни работни часови. Судскиот совет исто така донесе и Програма за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2021 година и интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година.[47]

---

39 360 степени, „ДКСК отвори предмет за новата претседателка на Судскиот совет“ (6 мај 2021) <https://360stepeni.mk/dksk-otvori-predmet-za-novata-pretsedatelka-na-sudkiot-sovet/>.

40 Ibid.

41 360 степени, „Некому му пречи мојот избор па сака да ме дискредитира, вели новата претседателка на Судскиот совет за обвинувањата од оштетени штедачи во Еуростандард банка“ (29 април 2021) <https://360stepeni.mk/nekomu-mu-prechi-mojot-izbor-pa-saka-da-me-diskreditira-veli-novata-pretsedatelka-na-sudskiot-sovet-za-obvinuvanata-od-oshteteni-shtedachi-vo-eurostandard-banka/>.

42 „Ќе направиме сè за барем еден степен да ја подигнеме довербата на граѓаните во судството, вели новата претседателка на Судскиот совет“ (29 април 2021) <https://sdk.mk/index.php/makedonija/ke-napravime-s-za-barem-eden-stepen-da-ja-podigneme-doverbata-na-graganite-vo-sudstvoto-veli-novata-pretsedatelka-na-sudskiot-sovet-pavlina-tsrvenkovska/>.

43 Блупринт група за правосудство (n 12).

44 Ibid.

45 Објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 274/2019.

46 Донесувањето на овие подзаконски акти е нотирано и во претходниот извештај во сенка, Conevska and Kamberi (n 5).

47 Сите подзаконски акти и други документи се објавени на интернет-страницата на Судскиот совет. Судски портал на Република Северна Македонија, Судски совет на РСМ: <http://sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/!ut/p/z1/hY49D4lwFEV_iwOj7eOrVrcuYtSEiYhvMUBqIaGUQLXx31tHEw13u7nnJJciLSkO1bNTIe3MUPW-X5HdWJYkwE9wzsKcgyjygm0P-6goYnpZAtDP8CcCvI9LyJFiV2viGk2A8DBO44izNIkSvmHh56EY6pgripO8y0IO5DH5462147wLIADnHFHGqF6SxugAfimtmS0tv0k66hLWWL-cWK3eVbdaWg!!/dz/d5/L2dBISEvZ0FBIS9nQSEh/>.

Методологијата за сложеност на предмети беше донесена од страна на Судскиот совет во септември 2021 година. Судскиот совет донесе и определени стратешки документи за својата работа во 2020 година[48], и тоа Функционална анализа на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Стратешки план на Судскиот совет на Република Северна Македонија со Акциски план за 2020-2022, при што Акцискиот план ги содржи истите активности предвидени во Акцискиот план од претходната година, План за стратешка комуникација на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Стратегија на човечки ресурси за судската мрежа. Од исклучителна важност е во следниот период доследно да биде имплементирана Стратегијата на човечки ресурси за судската мрежа.

Во претходниот извештај е нотирано дека[49], „иако е добра одредбата предвидена во Законот за Судски совет која овозможи проширување на правото на пристап до Судскиот совет и секој граѓанин да може да поднесе барање за утврдување на одговорност на судија, сепак ангажираноста на Судскиот совет во овој сегмент од неговата надлежност е огромна и постои опасност да не може да се одговори на со закон предвидените други надлежности на Судскиот совет". Сепак, Судскиот совет ги охрабрува граѓаните да пријавуваат неправди во судството, но да не чекаат многу, бидејќи рокот е шест месеци.[50] Од вкупно 724 поднесени претставки против судии од цела Македонија лани, само за четворица Судскиот совет одлучил дека се основани, а за две полуосновани. Ист е просекот и на прифатени претставки години наназад. „Годишно, едвај по две биле утврдени како основани. Огромен дел од претставките од граѓани против судиите биле отфрлени поради истекот на рокот од шест месеци во кој се обврзани да се обратат до Советот." За претставките и поплаките од граѓани, рок за поднесување нема.

Забележана е проактивна улога од страна на Судскиот совет на РСМ со цел справување со кризата предизвикана од КОВИД-19. Во отсуство на каков било правен акт што ја регулира работата и постапките на судовите и судските органи за време на вонредна состојба, работата на судовите беше регулирана преку Одлуката за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19 донесена од Судскиот совет на РСМ.[51] Ваквата одлука беше изменета на седми мај 2020 година и 29 мај 2020 година, додека на 29 октомври Судскиот совет објави соопштение[52] дека сè уште е во сила Одлуката за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19 донесена од Советот на ден 17.03.2020 година, како и измените од 07.05.2020 година и 29.05.2020 година и тие е потребно да се применуваат од страна на претседателите на судовите и судиите. Судскиот совет исто така донесе и Препорака за користење на годишните одмори од календарската 2019 година (донесена на 07.05.2020) и Препорака за донирање на дел од плата на судиите за месеците април и мај 2020 година во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19.[53]

Пред распуштањето на Собранието на Република Северна Македонија во февруари 2020 година,[54] по одолжување од речиси цела година, Собранието ги донесе измените и дополнувањата на Законот за Советот на јавни обвинители[55]. Во однос на имплементацијата на законот, во текот на извештајниот период го донесе Деловникот за работата на Советот на јавни обвинители[56] и Правилник за утврдување на начинот на вршење надзор над

48 Судски портал на Република Северна Македонија (n 47).

49 Conevska and Kamberi (n 5).

50 Сакам да кажам, „Судскиот совет ги охрабрува граѓаните да пријавуваат неправди во судството, но да не чекаат многу, рокот е 6 месеци" (23 септември 2021) <https://urlzs.com/rdc75>.

51 Одлуката беше донесена на 17 март 2020 година.

52 Судски совет на Република Северна Македонија, „Соопштение за јавност" (20 октомври 2020) <https://urlzs.com/HgtjN> пристапено на 9 септември 2021.

53 Судски портал на Република Северна Македонија (n 47).

54 Собрание на Република Северна Македонија, „135. седница на Собранието на РСМ" (16 февруари 2020) <https://www.sobranie.mk/sessiondetails.nspx?sessionDetailsId=960776a1-bef0-4c2b-a514-a325b5a6b7b9&date=16.2.2020>.

55 Повеќе за измените е објаснето во претходниот Извештај во сенка, Conevska and Kamberi (n 5).

56 „Службен весник на РСМ", Деловникот за работата на Советот на јавни обвинители 2021 (бр. 118/2021).

работата и постапувањето на јавните обвинителства[57]. Советот на јавни обвинители на РСМ во мај 2021 година го донесе и Етичкиот кодекс на јавните обвинители[58] по предлог на Здружението на јавни обвинители. Ваквиот кодекс беше критикуван од страна на стручната јавност и беше потенцирано дека со одредени одредби од кодексот можат да придонесат кон затвореност на Јавното обвинителство и тие се спротивни на Законот за Јавно обвинителство и на напорите за транспарентност.[59] Посебни реакции имаше и одредбата од етичкиот кодекс според која „Јавните обвинители нема да ги коментираат во јавноста одлуките донесени од Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија“, дел од стручната јавност смета дека ваквата одредба е направена непосредно по јавното изјаснување незадоволство од јавен обвинител за недостаток на транспарентност при последен избор на јавни обвинители.[60]

Во јули 2020 година на еден член на Советот му истече мандатот за кој беше избран и на негово место во декември 2020 година беше избран нов член.[61] Во септември 2021 година Антонио Јолевски едногласно беше избран за нов претседател на Советот на јавни обвинители.[62]

Во делот на транспарентноста, како што беше нотирано и во претходниот Извештај во сенка за Поглавје 23[63], „со новиот Закон за Судскиот совет[64] се создава основа за подобрување на отчетноста и транспарентноста на Судскиот совет. Расправата на Судскиот совет е и јавна. Јавноста може да биде исклучена само доколку се исполнети одредени законски претпоставки, а тоа е кога се работи за заштита на личноста и интегритетот на судијата. Но, и кога е исклучена јавноста, претседателот на Судскиот совет мора да даде образложени причини зошто јавноста е исклучена. Покрај тоа, при изборот на судии, секој член на Судскиот совет е должен јавно да ја брани својата одлука, зошто го дал гласот за определен судија и да даде образложени причини за тоа“. Во оваа насока, Претседателот на Судскиот совет беше главната точка за контакт со медиумите и јавноста беше редовно информирана за тековната работа преку соопштенија за јавноста.[65] Позитивна е новината воведена со новиот Закон за Судски совет во насока на зголемена транспарентност, со која седниците за избор на судии и претседатели на судови не се исклучени за јавноста.[66]

57 Совет на јавни обвинители, „Интернет-страница – закони и подзаконски акти“ <http://sjorm.gov.mk/%d0%b7%d0%b0%d0%ba%d0%be%d0%bd%d0%b8-%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d0%b4%d0%b7%d0%b0%d0%ba%d0%be%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%b0%d0%ba%d1%82%d0%b8/>.

58 Совет на јавни обвинители, „Етички кодекс на јавните обвинители во Република Северна Македонија“ (20 мај 2021) <https://zjorm.org.mk/news/%D0%B5%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D1%81-%D0%BD%D0%B0-%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BE%D0%B1%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8-%D0%B2/> пристапено на 9 септември 2021.

59 Особено реакции во јавноста предизвикаа одредбите од кодексот според кои „Јавните обвинители се должни да се воздржуваат од давање изјави во јавност или приватно со кои би можеле да предизвикаат сомнеж во нивната непристрасност, а посебно не треба да даваат коментари за предметите во кои постапуваат или би можеле да постапуваат“ и „Јавните обвинители кога ќе примат од повисокиот јавен обвинител напатствија за постапување во одредени предмети, ќе се воздржат за тоа да даваат известувања или коментари на други“. Според дел од стручната јавност ова е спротивно на член 3 од Законот за Јавно обвинителство, „(1) Јавното обвинителство се организира според принципите на хиерархија и субординација. (2) Јавното обвинителство е самостоен државен орган. (3) Почитувањето на принципите од став (1) на овој член не смее да ја загрози самостојноста и одговорноста на секој јавен обвинител во вршењето на функцијата“.

60 „Дијалог за политики ’Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?‘“ (n 16).

61 Совет на јавни обвинители, „Годишен извештај за работата на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија за 2020 година“ (2021) <http://sjorm.gov.mk/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%b5%d0%bd-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d1%98/>.

62 360 степени, „Советот на јавни обвинители избра нов претседател“ (29 септември 2021) <https://360stepeni.mk/sovetot-na-javni-obviniteli-izbra-nov-pretsedatel/>.

63 Conevska and Kamberi (n 5).

64 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 102/2019; Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија (n 36).

65 Блупринт група за правосудство (n 12).

66 Ibid.

Во текот на овој извештаен период, Судскиот совет[67] и Советот на јавни обвинители[68] правеа напори да ги унапредат транспарентноста и отчетноста во својата работа. Зголемена транспарентност и објавување на сите одлуки, соопштенија за јавноста и подзаконски акти е особено забележана кај Судскиот совет. Сепак, за полесно и побрзо информирање на јавноста со одлуките од седниците, соопштенијата за јавност треба да бидат подетални, со повеќе информации, а сè со цел да не создаваат забуна, односно да се избегнат шпекулациите во јавноста. „Судскиот совет треба да објавува анонимизирани образложени одлуки за постапките од кои би можело да се утврди објективноста и независноста во одлучувањето.“[69] Ваквата практика на објавување на анонимизирани одлуки треба да постои и кај Советот на јавни обвинители. Советот на јавни обвинители треба да ги отвори своите седници за медиумите и за невладините организации. Со цел унапредување на транспарентноста, потпишан е Меморандумот за соработка меѓу Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на РСМ и Советот на јавните обвинители на РСМ на 12 февруари 2021 година. Согласно меморандумот, Советот номинира членови[70] во насока за поголемо унапредување на соработката и поголема транспарентност на судиите и јавните обвинители.[71]

И во двата совета детално треба да ги образложуваат одлуките за (не)избор на судии и јавни обвинители, а со цел најнапред зачувување на авторитетите на Советите кај судската и обвинителската фела и, секако, во насока на враќање на довербата на граѓаните во правосудниот сектор.

Иако Советот на јавни обвинители од 2021 година има нов буџет, тој е проектиран под минимално потребните средства за негово нормално функционирање.[72]

Почна имплементацијата на новиот Закон за Судскиот совет и измените на Законот за советот на јавни обвинители. Двата совета почнаа со донесување на подзаконските акти за имплементација на новиот Закон за Судскиот совет и измените на Законот за советот на јавни обвинители, иако дел од актите беа донесени со пречекорување на законскиот рок. Во текот на извештајниот период по првпат беше избран претседател на Судскиот совет, согласно новиот Закон за Судски совет.

По однос на организациската поставеност, судската фела и дел од невладините организации имаат забелешки по однос на одредбата од законот, според која претседателот на Судскиот совет се избира од членовите кои се избрани од Собранието на Република Северна Македонија. Исто така, во делот на имплементацијата на законските одредби од Законот за Судскиот совет, невладините организации што работат во делот на правосудството апелираат доследно да се почитува критериумот „истакнат правник“ за избор на членови на Судскиот совет на РСМ предложени од Собранието или од претседателот на РСМ, а избрани од Собранието на РСМ.

Покрај унапредената правна рамка за надлежностите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на РСМ, од големо значење е адекватната и доследна практична примена на законските одредби од страна на двата совета. Потребно е и понатамошно следење на работата од страна на здруженијата на граѓани кои работат во оваа област.

67 Судски портал на Република Северна Македонија (n 47).

68 Совет на јавни обвинители <http://sjorm.gov.mk/>.

69 Блупринт група за правосудство (n 12).

70 Се номинираа претседателот на Советот Ацо Колевски и заменик-претседателот на Советот Арбер Исаку.

71 Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, „Записник од 21. седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија“. (12 февруари 2021) <http://sjorm.gov.mk/%d0%b7%d0%b0%d0%bf%d0%b8%d1%81%d0%bd%d0%b8%d0%ba-2/>.

72 Совет на јавни обвинители, „Годишен извештај за работата на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија за 2020 година“ (n 62).

Во текот на овој извештаен период Судскиот совет и Советот на јавни обвинители правеа напори да ги унапредат транспарентноста и отчетноста во својата работа. Зголемена транспарентност и објавување на сите одлуки, соопштенија за јавноста и подзаконски акти е особено забележана кај Судскиот совет. Сепак, за полесно и побрзо информирање на јавноста со одлуките од седниците, соопштенијата за јавност треба да бидат подетални, со повеќе информации, а сè со цел да не создаваат забуна, односно да се избегнат шпекулациите во јавноста. „Судскиот совет треба да објавува анонимизирани образложени одлуки за постапките од кои би можело да се утврди објективноста и независноста во одлучувањето." Ваква практика треба да се применува и кај Советот на јавни обвинители. Дополнително, Советот на јавни обвинители треба да ги отвори своите седници за медиумите и невладините организации.

И во двата совета треба детално да ги образложуваат одлуките за (не)избор на судии и јавни обвинители, а со цел најнапред зачувување на авторитетите на Советите кај судската и обвинителската фела и, секако, во насока на враќање на довербата на граѓаните во правосудниот сектор.

Иако Советот на јавни обвинители од 2021 година има нов буџет, тој е проектиран под минимално потребните средства за негово нормално функционирање. ”

# Независност и непристрасност

Гарантирањето на независноста и непристрасноста на судството претставува неопходен аспект на одржувањето на владеењето на правото. Како што е нотирано и во претходниот извештај во сенка за Поглавје 23[73]: „Дел од активностите и мерките утврдени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор кои се однесуваат на независноста и непристрасноста се имплементирани со донесувањето на третиот сет на измени на Законот за судовите и новиот Закон за Судски совет. Во насока на зголемување на независноста на правосудството се и Законот за Јавно обвинителство и Законот за изменување и дополнување на Законот за Совет на јавни обвинители". Со третиот сет измени на Законот за судовите и новиот Закон за Судски совет особено се придонесува кон имплементација на препораките на експертската група предводена од Прибе[74] и препораките дадени од Венецијанската комисија.[75] Сепак, и покрај воспоставената правна рамка што заедно со Уставот на РСМ ја гарантираат, пред сè, независноста на судството и принципот на поделба на власта, довербата на граѓаните во судството не е на највисоко ниво. Не е висока довербата ниту во јавното обвинителство.

Истражувањата спроведени од Меѓународниот републикански институт – ИРИ за Република Северна Македонија[76] покажуваат дека довербата на граѓаните во правосудството е на многу ниско ниво, односно само 23 проценти од граѓаните изјавиле дека имаат доверба во правосудството, наспроти 76 проценти кои рекле дека немаат. Од последната спроведена анкета[77] со граѓани-учесници во судските постапки во однос на довербата во судовите, анкетата покажува дека 48,3% од испитаниците имаат доверба во судовите (35,2% претежно имаат доверба, а 13,1% имаат доверба), додека 43,3% сè уште покажуваат недоверба во судовите (19,8% немаат доверба, а 23,5% претежно немаат доверба), а околу 8% не знаат, односно немаат одговор. Во однос на довербата во јавното обвинителство, 36,9% се изјасниле дека имаат нарушена доверба во јавното обвинителство (19,5% немаат доверба, а 17,4% претежно немаат доверба), 33,2% од нив релативно имаат доверба (24,8% претежно имаат, а 8,4% имаат доверба) и високи 29% не знаат или немаат одговор. Факторите што влијаат врз намалување на довербата кај секоја од институциите се многубројни, но како најголеми испитаниците ги наведуваат сомневањата за корупција и политичко влијание. Сепак, довербата на граѓаните во судството во 2021 година е зголемена во однос на 2020 година. Довербата на граѓаните најмногу е зголемена во судовите (за 12,4%), а потоа во јавното обвинителство (за 7,2%).[78] Согласно последното истражување од балкански барометар[79], 81,1% од граѓаните во нашата држава сметаат дека судството е најкорумпирано. Сепак, овој процент е помал од процентот во 2019 година, каде што 89% од граѓаните имале ваква перцепција. И покрај ваквите перцепции, во последниот извештај на Стејт департментот е нотирано дека Владата покажува поголемо почитување на судската независност и непристрасност.[80]

73 Conevska and Kamberi (n 5).

74 Senior Experts' Group, "The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts' Group on Systemic Rule of Law Issues Relating to the Communications Interception Revealed in Spring 2015" (2015) <https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf>; Senior Experts' Group, "The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Assessment and Recommendations of the Senior Experts' Group on Systemic Rule of Law Issues 2017" (2017) <https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf>.

75 Barrett, Dimitrov and Ribičič (n 31); Richard Barrett and others, "Opinion on the Draft Amendments to the Law on Courts, Adopted by the Venice Commission at Its 117th Plenary Session" (Venice Commission 2018) Opinion No. 944/2018 <https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2018)033-e>.

76 International Republican Institute, "North Macedonia" <https://www.iri.org/search/node/north%20macedonia>.

77 „Извештај од втората годишна анкета за мерење на задоволството на корисниците на судовите" (Асоцијација „Зенит", 2021).

78 Ibid.

79 ACIT and EPIK Institute, "Balkan Barometer 2021 Public Opinion Analytical Report" (Балкански барометар – аналитички извештај за јавното мислење 2021 година) <file:///C:/Users/Angel%20EPI/Downloads/Balkan_Barometer_Public_opinon_2021v4%20(1).pdf>.

80 State Department, "North Macedonia 2020 Human Rights Report" (2021) <https://www.state.gov/reports/2020-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/>.

Клучна улога во јакнење на довербата на граѓаните во судството имаат законодавната власт, извршната власт, медиумите и Судскиот совет, преку поттикнувањето на транспарентноста на судските постапки, спроведувањето на пресудите, а со тоа и одржувањето на јавната доверба во независноста и непристрасноста на судството.[81] Еден од факторите за самостојноста и независност на судството е и Судскиот совет. Во оваа насока, Судскиот совет треба да продолжи со практиката за бранење на судската независност нотирана и во претходниот извештај во сенка[82]. Транспарентноста на Советот и образложението на одлуки за избор на судии, претседатели на судови, како и одлуките за разрешување судии[83] се клучни за враќање на довербата на граѓаните. Судскиот совет ќе го одржи авторитетот помеѓу судската фела, а исто така ќе придонесе за враќање на довербата на граѓаните.[84] Судскиот совет ги задоволува основните услови за јавно и транспарентно работење на своите седници, но она што останува да биде предизвик со просторно-техничките услови со кои располага Судскиот совет, а кои можат да бидат пречка за присуство на заинтересирани припадници на јавноста, особено доколку се има предвид дека салата во која се одржуваат седниците не може да смести поголем број лица присутни како јавност.[85] Од последната анализа на Коалицијата „Сите за правично судење“ од следењето на седниците на Судскиот совет се забележува дека се донесуваат одлуки за избор и за разрешување судии без аргументација и зад затворени врати.[86] Образложението на одлуките на Советот на јавни обвинители во однос на изборот и разрешувањето на јавните обвинители е од исклучителна важност за враќање на довербата на граѓаните во јавното обвинителство.[87] Големи реакции во јавноста[88] имаше во однос на изборот на јавни обвинители на 22 април 2021 година, во однос на даденото образложение од Советот на јавни обвинители за неизборот на еден кандидат во Вишо јавно обвинителство.

Треба да продолжи и активната улога и заложбите на Здружението на судии во унапредување на независноста и непристрасноста на судството. Од исклучителна важност за унапредување на транспарентноста на судството е и Судско-медиумскиот совет[89] и спроведените активности и работилници на Советот во изминатиот период. Во поглед на отвореноста и транспарентноста на јавното обвинителство голем чекор се направи со потпишувањето на Меморандумот за соработка меѓу Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на РСМ и Советот на јавните обвинители на РСМ на 12 февруари 2021 година. Согласно меморандумот, Советот номинира членови[90] во насока за поголемо унапредување на соработката и поголема транспарентност на судиите и јавните обвинители.[91] Во текот на извештајниот период се забележува зголемена транспарентност и отвореност од определени судови во државата.

81 Леди Бјанку [Ledi Bianku] и Хана Смит [Hannah Smith], „Независност и непристрасност на судството – преглед на релевантната судска практика на Европскиот суд за човекови права“ (2021) <https://www.rolplatform.org/wp-content/uploads/2021/09/independence-and-impartiality-of-judiciary-mkd.pdf>.

82 Conevska and Kamberi (n 5).

83 Дел од експертската јавност истакна критики во однос на разрешувањето судии без обелоденување на повеќе детали за причините за разрешување, истакнувајќи дека како за образложение нестручно и несовесно работење без детално елаборирање на причините, види повеќе „Дијалог за политики ’Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?’“ (n 16).

84 Ibid.

85 Натали Петровска и Дарко Аврамовски, „Влијание на мерит-системот врз судската независност и професионалност во Северна Македонија“ (2021) <https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2021/09/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%94%D0%B5%D0%BC%D0%BA%D0%BE%D0%BC-%D0%9C%D0%9A%D0%94.pdf>.

86 „Она што е уште повпечатливо е тоа што пред секоја седница се одржува колегиум помеѓу членовите на Советот, кој секако е затворен за јавноста. Овие колегиуми траат посебно долго пред седниците кога станува збор за избор на судии, или избор на судии во повисоките судови, што заедно со отсуството на подетални образложенија на одлуките на Советот, како и тоа што не сите членови на Советот се вклучуваат во дискусиите, може да остави сомнеж во јавноста дека овие колегиуми всушност претставуваат договарање на членовите зад затворени врати за она што ќе биде дискутирано на седницата“, види повеќе на Ibid.

87 „Дијалог за политики ’Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?’“ (n 16).

88 Фактор.мк, „Ленче Ристовска била многу млада за да работи како виш јавен обвинител“ (април 2021) <https://faktor.mk/lenche-ristovska-bila-mnogu-mlada-za-da-raboti-kaj-ruskovska>.

89 „Судско-медиумски совет – интернет-страница“ <https://sudskomediumski.mk/>.

90 Се номинираа претседателот на Советот Ацо Колевски и заменик-претседателот на Советот Арбер Исаку.

91 Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (n 72).

Во текот на извештајниот период дојде до отворање истраги и поведување на судски постапки на актуелни високи државни функционери. Во текот на извештајниот период обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција отвори истрага за набавката на софтверот за сообраќајни прекршоци против Рашковски – генералниот секретар на Владата на РСМ[92] и тој од април 2021 година се наоѓа во притвор.[93] Истовремено, и ДКСК, по сопствена иницијатива, отвори случај за Рашковски.[94] Според високите ешалони на власта, ова е доказ дека законот важи еднакво за сите.[95]

Реакции во јавноста предизвикаа и перцепциите за можно бегство на Мијалков, кој по два дена откако на предлог на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Основниот кривичен суд – Скопје со Решение му определи мерка куќен притвор и 24-часовен видео- и аудионадзор, се јави во судот.[96]

Случајот „Рекет", како и перцепцијата за независноста на судскиот и јавнообвинителскиот систем, треба да се земе како потсетник за важноста на изборот и интегритетот на судиите и јавните обвинители за независноста на правосудниот систем.[97] Од исклучителна важност е полагањето на психолошкиот тест и тестот за интегритет при влезот во Академијата за судии и јавни обвинители.[98] Случајот „Рекет" доби своја разрешница во јуни 2020 година, каде што поранешната специјална јавна обвинителка доби казна затвор од седум години за сторено дело Злоупотреба на службената положба и овластувањата. Апелациониот суд во Скопје на 21 јули ја потврди оваа пресуда, со што таа стана правосилна.[99]

Како што е наведено и во претходниот извештај во сенка,[100] важен аспект од независноста на правосудниот систем е, секако, и финансиската независност. Сепак, сѐ уште се соочуваме со фактот на недоволно финансирање на судската власт. Имено, финансиската независност и зголемувањето на платите во судството претставуваат предмет на дискусија повеќе години. Финансиската независност се рефлектира и врз организациските капацитети и врз ефикасното извршување на работните задачи во рамките на дадените функции на судството,[101] а зголемувањето на платите во судството оди паралелно со зголемувањето на одговорноста и ефикасноста на судиите.[102]

Износот на средствата што се потребни за функционирање на единките корисници на судскиот буџетот се утврдува во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ согласно Законот за судски буџет. Во Законот за судски буџет е утврдено дека во случај на ребаланс на буџетот на Република Северна Македонија не можат да се намалуваат

---

92 dw.com, „Рашковски и сопственикот на 'Инвока' во куќен притвор" (16 април 2021).

93 Во јули 2021 година, судот го замрзна имотот на Рашковски и неговите деца. Pravdiko.mk, „Судот им го замрзна имотот на Рашковски и на неговите деца" (6 јули 2021) <https://www.pravdiko.mk/sudot-im-go-zamrzna-imotot-na-rashkovski-i-na-negovite-detsa/>.

94 Ружица Фотиновска, „ДКСК отвори предмет за набавката на софтвер од Драги Рашковски" (24.mk, 10 март 2021) <https://www.24.mk/details/dksk-otvori-predmet-za-nabavkata-na-softver-od-dragi-rashkovski-1>.

95 Влада на РСМ, „Заев: Нема недопирливи, а во исто време никој не е виновен додека не се докаже спротивното, имаме правна држава која брзо ги расчистува случаите" (16 април 2021) <https://vlada.mk/node/24906> пристапено на 9 септември 2021.

96 Академик.мк, „Јавното обвинителство: Сашо Мијалков во попладневните часови се јави во Обвинителството" (23 февруари 2021).

97 Институт за европска политика, „Дијалог за политики: Ветингот како вонредна мерка ќе создаде вонредни проблеми" (3 јуни 2020) <https://epi.org.mk/post/14608>.

98 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'" (n 16).

99 Тамара Дичоска, „Апелација ја потврди пресудата за 'Рекет': 9 години затвор за Боки, 7 за Јанева" (24.mk, 21 јули 2021) <https://24.mk/details/apelacija-ja-potvrdi-presudata-za-reket-9-godini-zatvor-za-boki-7-za-janeva>.

100 Conevska and Kamberi (n 5).

101 Александар Гоџо и Оливер Митов, „Функционална анализа на Судскиот совет на Република Северна Македонија" (април 2020) <http://www.vsrm.mk/wps/wcm/connect/ssrm/d905f12b-310c-4552-ac69-95539c6cfb13/%D0%A4%D0%A3%D0%9D%D0%9A%D0%A6%D0%98%D0%9E%D0%9D%D0%90%D0%9B%D0%9D%D0%90+%D0%90%D0%9D%D0%90%D0%9B%D0%98%D0%97%D0%90+%D0%9D%D0%90+%D0%A1%D0%A1%D0%A0%D0%A1%D0%9C-%D0%A4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0.pdf?MOD=AJPERES&CACHEID=ROOTWORKSPACE.Z18_L8CC1J41L0B520APQFKICD0CR4-d905f12b-310c-4552-ac69-95539c6cfb13-kZ5emCU>.

102 Академик.мк, „Се зголемуваат платите на судиите" (14 јуни 2021) <https://akademik.mk/se-zgolemuvaat-platite-na-sudiite/> пристапено на 9 септември 2021.

средствата наменети за финансирање на судската власт. Законски, овие одредби ја гарантираат финансиската независност. „Од една страна, практично судската власт може да се пофали со тоа што има загарантиран износ на средства изразени од БДП на име буџет, меѓутоа, од друга страна во секојдневното работење постојат предизвици во остварувањето на ова право. Имено, во изминатите години, не се случило да се исполни законското ветување од 0,8% од БДП да биде во целост алоциран на судската власт“.[103]

За таа цел, согласно Програмата за работа на Судскиот буџетски совет за 2020 година и согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година, Судскиот буџетски совет, во соработка со Министерството за правда како носител на Стратегијата и во соработка со Министерството за финансии во рамките на активноста од стратешката цел број 2.1 Независност и непристрасност, изготви предлог-изменување и дополнување на Законот за судски буџет. Во мај 2021 година на ЕНЕР[104] е објавено известување за подготовка на измени и дополнувања на Законот за судски буџет, во кое е наведено дека со овие измени и дополнувања ќе бидат надминати недоследностите во примената на одредени одредби од Законот за судски буџет.

Судството не може да биде целосно независно ако нема финансиска самостојност и слобода да одлучува за трошењата, тековните активности и набавките. Кај нас, судството добива повеќе од двојно помалку средства отколку што е предвидено со закон и дополнително за сите набавки и вработувања мора да добие одобрение од Министерството за финансии.[105] „Судиите се согласни дека судството треба да има свој буџет и свој трезорски систем со тело кое ќе одлучува за вработувањата и потребите во судството. Со тоа би се постигнало негова поголема независност, а набавките и тековните вработувања би се вршеле без одобрение на извршната власт.“[106] Во последната ревизија на усогласеност на институционални капацитети на единките корисници на судска власт за реализација на надлежностите[107] исто така се забележува прекршување на законската одредба од Законот за судски буџет за издвојување на процент од БДП за судската власт, недостиг на финансиски средства во судството, како и обезбедување на соодветни технички услови.

Дополнително, Владата и Здружението на судии постигнаа согласност за зголемување на платите на судиите од 15% до 2022 година, каде што Владата изјави дека средствата за договореното зголемување на платите во судството се веќе обезбедени во судскиот буџет.[108] Се очекува ваквите заложби во целост да бидат исполнети во следниот период, пред сè, земајќи предвид дека последните ветувања[109] за зголемување на платите не беа остварени.[110] Покрај зголемување на платите на судиите, потребно е зголемување на платите и на судските и јавнообвинителските соработници. Во оваа насока, потребна е измена и дополнување на Законот за судска служба со цел да се унапредат и статусот и примањата на судските службеници. Во март 2021 година министерот за правда го потпиша правилникот за зголемување на платите од 8 до 18%.[111] Се очекува и зголемување на платите на јавните обвинители, како и понатамошна тенденција за зголемување на платите на судиите за да се зголемат во 2023 година до посакуваните 20%.[112]

---

103 Гоџо и Митов (n 102).

104 ЕНЕР, „Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет“ (10 мај 2021) <https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=67287>.

105 Центар за правни истражувања и анализи, „Финансиската независност на судството“.

106 Ibid.

107 Државен завод за ревизија, „Институционални капацитети на единките корисници на судска власт за реализација на надлежностите“ (15 мај 2020) <https://dzr.mk/mk/200515-revizija-na-usoglasenost-2019-institucionalni-kapaciteti-na-edinkite-korisnici-na-sudska>.

108 Академик.мк, „Се зголемуваат платите на судиите“ (n 103).

109 Зголемување на платите на судиите се очекуваше уште во септември 2019 година. „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'“ (n 16).

110 Ibid.

111 Правдико, „Маричиќ потпиша правилник за зголемување на платите на судската полиција“ (5 март 2021) <https://www.pravdiko.mk/marichik-potpisha-pravilnik-za-zgolemuvane-na-platite-na-sudskata-politsija/>.

112 Фактор.мк, „Платите на судиите ќе се зголемат за 15 отсто до 2022 година“ (14 јуни 2021) <https://fokus.mk/platite-na-sudiite-ke-se-zgolemat-za-15-otsto-do-2022-godina/>.

Потребно е зголемување на средствата доделени и на Јавното обвинителство, како клучен орган за сузбивање на криминалот и корупцијата. Во Законот за Јавно обвинителство[113] е предвидено висината на средствата за работа на Јавното обвинителство да изнесува најмалку 0,4% од Буџетот на Република Северна Македонија. Ваквата одредба воопшто не кореспондира со заложбата за гарантирано обезбедување минимум финансиски средства, ниту, пак, некое драстично покачување на веќе определениот износ. Со цел обезбедување на успешно работење и гарантирање на независноста на Јавното обвинителство, Советот на јавни обвинители треба да има посебен буџет со кој самостојно ќе управува и ќе одлучува за потребите и вршењето на јавните набавки за јавните обвинителства.[114] Со немањето на доволно финансиски средства доделени на Јавното обвинителство се нарушува и тајноста на истрагата со тоа што обвинителите се обврзани да се обратат на извршната власт за дополнителни средства за вештачење при водење истраги за капитални кривични предмети.[115]

АКМИС и дигитализација на судството

Процесот на дигитализацијата на судството и нов или унапреден систем АКМИС претставуваат едни од највидливите реформски процеси што се однесуваат на судството. Овие процеси ќе придонесат за унапредување на непристрасноста, зголемување на транспарентноста и ефикасноста на судството, а секако ќе придонесат и кон поголема економичност во трошењата на средствата од судскиот буџет.[116] Планот за дигитализација беше усвоен од страна на Владата во април 2021 година. Согласно овој план, ќе се подобри и заштитата на системот, а и соработката со други институции, меѓународни организации и соработката со други држави.[117] „187 судници ќе бидат опремени со најсовремена дигитална опрема за непречено онлајн-судење. Во овој процес на дигитализација посебен акцент се дава на учеството на јавноста и можноста да се следат судењата. Анализите покажуваат дека судењата на далечина или онлајн-судењата за 60% ја зголемуваат ефикасноста и транспарентноста. Дополнително, на овој начин се намалуваат трошоците. Само со 15 институции приклучени на системот за интероперабилност ќе се заштедат 15 милиони евра на годишно ниво.“[118]

Први судови што ќе бидат дигитализирани според планот се судовите во Штип, Кавадарци и Струмица. На почетокот на октомври 2021 година ќе се почне и со издавањето на електронски уверенија од казнената евиденција. Согласно овој план, судовите ќе бидат поврзани не само помеѓу себе, доколку повеќе со системот на интероперабилност ќе бидат поврзани со јавните обвинителства, Министерството за правда и други релевантни институции.[119] Со дигитализацијата на судството и јавното обвинителство се заштедува време во спроведување на постапките, се олеснува електронското движење на документите низ судските инстанции, обвинителствата и другите институции што вршат кривичен прогон и ќе ја подобри севкупната поврзаност на овие институции, дополнително целосно ќе се имплементира е-доставата. Дигитализацијата ќе ја оневозможи злоупотребата на правата на учесниците во судските постапки со одолжување на постапките, преку дигитализирање на списите. Воедно, дигитализацијата ќе овозможи побрз пристап до правда на граѓаните и зголемена транспарентност на правосудните органи и ќе овозможи и онлајн-судења за определени предмети што се поедноставни.[120] Првото-онлајн судење во нашата држава се одржа во Основниот суд Кавадарци.[121]

113 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 42/2020; Закон за Јавно обвинителство.

114 Блупринт група за правосудство, „Анализа на капацитетите и ресурсите на Јавното обвинителство во Република Северна Македонија“ (2020) <https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2020/03/Resursi-kapaciteti-jo-2020.pdf>.

115 „Дијалог за политики ’Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?’“ (п 16).

116 Институт за европска политика, „Дигитално судство – Нова ера на реформите на македонскиот правосуден систем“ <https://www.youtube.com/watch?v=vVowUktO_68>.

117 Влада на Р. Северна Македонија, „Заедничка прес-конференција на премиерот Заев, министерот Маричиќ и судијата Нанев: Дигитализација на судството за зголемување на ефикасноста и пристапот до правда“ (п 8).

118 Ibid.

119 Институт за европска политика, „Дигитално судство – Нова ера на реформите на македонскиот правосуден систем“ (п 117).

120 Ibid.

121 Академик.мк, „Онлајн судење за разбојништво во Основниот суд Кавадарци“ (април 2020) <https://akademik.mk/onlajn-sudene-za-razbojnishtvo-vo-osnovniot-sud-kavadartsi/>.

Се очекува во следниот период целосно да биде надграден АКМИС-от и целосно да биде имплементиран планот за дигитализација на судството. Дополнително, а со цел доследна имплементација на планот и работа со новите начини на технологија ќе треба да се одржуваат обуки преку АСЈО на сите релевантни чинители. Треба да се најде соодветен начин за да се зачува ИТ-кадарот во судовите и обвинителствата, пред сè, преку зголемување на нивните плати.[122] Потребно е во следниот период да се работи на опремување на обвинителствата со соодветна опрема за навремено и ефикасно да ги извршуваат своите надлежности.[123]

Во насока на дигитализација на институциите, а со тоа на судовите и обвинителствата, е и Законот за електронско управување и електронски услуги,[124] кој создава обврска за приклучување на националната платформа за интероперабилност. Од септември 2020 година почна со примена и новиот Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги. Со овој закон се уредуваат создавањето, складирањето и обработката на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.[125] Советот за ИКТ континуирано работи на имплементација на планот за дигитализација и активно придонесува за измена на процесните закони и други аспекти што се однесуваат на правосудството, со цел усогласување со одредбите, пред сè, од Законот за електронско управување и електронски услуги. Прв закон што е целосно усогласен е предлог-законот за парнична постапка, кој е во собраниска процедура, следно се работи и на Законот за кривична постапка, каде што ќе има сет одредби[126]. Се работи и на измена на судскиот деловник што, меѓу другото, ќе ги содржи техничките чекори за одржување на онлајн-рочишта.[127]

Во однос на злоупотребите на системот АКМИС, како што беше нотирано и во претходниот извештај, при увидот за функционирањето на системот АКМИС и примената на судскиот деловник беа забележани неправилности на користењето на АКМИС од некои судови по што[128] Основното јавно обвинителство Скопје на осми јули 2019 година поднесе Обвинителен предлог за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба“ против поранешниот претседател на Основниот кривичен суд – Скопје, по што во април 2020 година беше осуден со казна затвор од три години и шест месеци.[129] Во текот на извештајниот период Судскиот совет разреши судија поради злоупотреба на системот АКМИС.[130]

---

122 Институт за европска политика, „Дигитално судство – Нова ера на реформите на македонскиот правосуден систем“ (n 117).

123 Ibid.

124 „Службен весник на РМ“ и „Службен весник на РСМ“, Законот за електронско управување и електронски услуги.

125 Академик.мк, „Стапува во примена Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги“ (1 септември 2020) <https://akademik.mk/stapuva-vo-primena-zakonot-za-elektronski-dokumenti-elektronska-identifikatsija-i-doverlivi-uslugi/>.

126 Кои ќе се однесуваат на електронската достава, изготвување на електронски документи, воведување на електронски докази, увидот во списи ќе се редефинира каде што ќе има можност за достава на електронски докази. Онлајн-рочиштата ќе бидат исклучок, односно ќе биде предвидена можност за дел од учесниците во судењето од оправдани причини да бидат вклучени онлајн. Ќе биде предвидено и доставување снимки од електронски преземени дејства.

127 Институт за европска политика, „Дигитално судство – Нова ера на реформите на македонскиот правосуден систем“ (n 117).

128 Министерство за правда, „Извештај од извршен увид во функционалноста на информатичкиот систем и надзор над примената на одредбите од судскиот деловник во судовите“ (2018) <https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/%D0%90%D0%9A%D0%9C%D0%98%D0%A1%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98.pdf>.

129 Апелациониот суд во Скопје му ја намали казната затвор на две години и шест месеци. Телма, „Намалена казната за екс судијата Владимир Панчевски на две и пол години затвор“ (28 септември 2021) <https://telma.com.mk/2021/09/28/%D0%BD%D0%B0%D0%BC%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%B0%D0%B7%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B5%D0%BA%D1%81-%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BB%D0%B0%D0%B4/>.

130 dw.com, „Забрзано се проветрува судството, 'падна' уште една судијка поради злоупотреби“ (20 јануари 2021) <https://www.dw.com/mk/%D0%B7%D0%B0%D0%B1%D1%80%D0%B7%D0%B0%D0%BD%D0%BE-%D1%81%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%82%D1%80%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D1%81%D1%83%D0%B4%-D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BD%D0%B0-%D1%83%D1%88%D1%82%D0%B5-%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%BA%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8-%D0%B7%D0%BB%D0%BE%D1%83%D0%BF%D0%BE%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%B1%D0%B8/a-56293653>.

„Покрај воспоставената правна рамка што заедно со Уставот на РСМ ја гарантираат, пред сè, независноста на судството и принципот на поделба на власта, довербата на граѓаните во судството не е на највисоко ниво. Не е висока довербата ниту во јавното обвинителство. Клучна улога во јакнење на довербата на граѓаните во судството имаат законодавната власт, извршната власт, медиумите и Судскиот совет, преку поттикнувањето на транспарентноста на судските постапки, спроведувањето на пресудите, а со тоа и одржувањето на јавната доверба во независноста и непристрасноста на судството.

Советот ги задоволува основните услови за јавно и транспарентно работење на своите седници, а сепак се забележува дека се донесуваат одлуки за избор и за разрешување судии без аргументација и зад затворени врати. Образложението на одлуките на Советот на јавни обвинители во однос на изборот и разрешувањето на јавните обвинители е од исклучителна важност за враќање на довербата на граѓаните во јавното обвинителство.

Потребно е зголемување на буџетот на судството и јавното обвинителство. Не се исполнуваат мерките во Стратегијата во кои е предвидено зголемување на судскиот буџет. Законот за судски буџет во однос на издвојување на БДП на судството, години наназад не се спроведува. Судиите се согласни дека судството треба да има свој буџет и свој трезорски систем со тело што ќе одлучува за вработувањата и за потребите во судството. Со тоа би се постигнало поголема независност во судството, а набавките и тековните вработувања би се вршеле без одобрение на извршната власт. Очекуваме дека со следните измени и дополнувања на Законот за судски буџет целосно ќе одговорат на потребата од финансирање на судската власт и доследно ќе биде применуван во практиката.

Потребно е зголемување на платите на судиите, обвинителите и стручните соработници сè со цел да земаат доследни плати што одговараат на нивната функција и извршување на нивните надлежности.

Процесот на дигитализацијата на судството и нов или унапреден систем АКМИС претставуваат едни од најзначајните реформски процеси што се однесуваат на судството. Се очекува во следниот период целосно да биде надграден АКМИС-от и целосно да биде имплементиран планот за дигитализација на судството. Исто така, потребно е и креирање и воспоставување на софтверско решение за автоматизирано управување со предмети во Јавното обвинителство што ќе ја унапреди ефикасноста во постапувањето со кривичните пријави, следењето на процесот на истрага и гонење и ќе овозможи пристап и обработка на податоци. Дополнително, а со цел доследна имплементација на планот и работа со новите начини на технологија ќе треба да се одржуваат обуки преку АСЈО на сите релевантни чинители. Треба да се најде соодветен начин за да се зачува ИТ-кадарот во судовите и обвинителствата, пред сè, преку зголемување на нивните плати. Потребно е во следниот период да се работи на опремување на обвинителствата со соодветна опрема за навремено и ефикасно да ги извршуваат своите надлежности.“

# Одговорност

Измените на Законот за судовите,[131] во однос на основите на одговорност на судиите, се во функција на јакнење на независноста на судиите и на судството. Измените се во насока на исполнување на препораките дадени во извештајот на ГРЕКО[132], како и мерките утврдени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор. Дополнително, овие измени се одобрени и од страна на Венецијанската комисија.[133] Со нив се врши степенување на основите за разрешување,[134] со што се зема предвид и тежината на сторената повреда и вината на судијата. Од анализата на законските одредби може да се смета дека е напуштен концептот на строго казнување на судиите со разрешување поради нивното неажурно, неефикасно и непрофесионално работење. Законот за Судскиот совет ги имплементира препораките дадени од Венецијанската комисија во делот на одговорноста.[135] Тој ја дефинира постапката за утврдување одговорност на претседателите и на судиите, како и основите за дисциплинска постапка за член на Советот и самата постапка.[136]

Сепак, и покрај воспоставената правна рамка, последното истражување[137] на Коалицијата „Сите за правично судење" покажува дека судиите сметаат дека одлуките на Судскиот совет за утврдување на дисциплинска одговорност или разрешување судија не се лесно достапни, но и не се доволно образложени. Дополнително, „тешко е да се одреди дали критериумите за утврдување на дисциплинска одговорност или разрешување на судија се доволно стандардизирани, како и тоа дали постапките за утврдување одговорност се доволно предвидливи. Ова неминовно влијае на правната сигурност што ја уживаат судиите кои се јавуваат како странки во овие постапки, што во голема мера кај нив претставува основа за загриженост. Како поголем проблем, судиите го истакнуваат фактот што неколку судии беа разрешени за релативно краток период, иако Судскиот совет не преземаше вакви слични чекори и активности подолг период. Ова ги наведува да сметаат дека Судскиот совет не користи јасна методологија, а особено не користи јасни критериуми за градација на тежината на изречената мерка, па така во неколку различни случаи Судскиот совет се реши директно да ги разреши судиите, без претходно да примени некоја полесна дисциплинска мерка".[138]

Дополнителна загриженост кај дел од судиите има и во однос на ефикасноста на системот на жалби при Советот за жалби во Врховниот суд[139], односно нивната перцепција е дека Советот за жалби[140] при Врховниот суд секогаш ги потврдува одлуките на Судскиот совет. Согласно новиот Закон за Судски совет, разрешени се вкупно 16 судии поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.[141] Во однос на поднесените жалби од судии за кои е поведена постапка за утврдување одговорност, во 2020 година се поднесени шест

131 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 96/2019; Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите (n 26).

132 Усвоен од ГРЕКО на својата 80. пленарна седница, „Четврти круг на евалуација – Превенција на корупцијата во однос на пратениците, судиите и обвинителите, втор извештај за усогласеност, Република Македонија" (2018) <https://rm.coe.int/-80-18-22-/16808cc861>.

133 Barrett and others (n 76).

134 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 96/2019; Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите (n 26).

135 Barrett, Dimitrov and Ribičič (n 31).

136 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019; Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија (n 36).

137 Петровска и Аврамовски (n 86).

138 Ibid.

139 „Чудно е што ваквите одлуки Врховен суд секогаш ги потврдува, што остава дилема колку ваквите постапки по жалба се ефикасни. Колку што знам, постојат судии кои се казнети, а кои не ги обжалуваат решенијата токму затоа што немаат доверба дека нешто може да се смени во второстепената постапка", извадок од Ibid.

140 Советот за жалби е предвиден со новиот Закон за Судски совет.

141 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'" (n 16).

жалби, додека Советот за жалби донел пет одлуки со кои жалбите се одбиени, а решенијата на Судскиот совет на РСМ се потврдени. За разлика од 2020 година, во 2019 година се поднесени седум жалби, додека Советот за жалби донел една одлука со која жалбата е одбиена, а решението на Судскиот совет на РСМ е потврдено, додека во два случаи се донесени одлуки со кои се укинати решенијата на Судскиот совет и предметите се вратени на повторно одлучување.

Во Законот за Јавно обвинителство[142] се утврдени основите за престанок, разрешување и дисциплинска одговорност на јавните обвинители. Позитивно е што, како и со измените на Законот за судовите, со овој предлог-закон се врши степенување на основите за разрешување, поточно за полесен облик на повреда на основите за потешка дисциплинска повреда, на јавниот обвинител да му биде изречена дисциплинска мерка, наместо да биде разрешен. Во однос на основите за разрешување на јавните обвинители се зема предвид и тежината на сторената повреда и вината на јавниот обвинител.[143] Во законот е утврдено потребното мнозинство со кое Советот на јавни обвинители може да ги разреши обвинителите. Во однос на постапката, правилникот за начинот на спроведување на постапката за утврдување одговорност на јавниот обвинител, по предлог на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, го донесува Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.[144]

За разлика од Законот за Судски совет[145], каде што барање за поведување постапка за утврдување одговорност на судија или претседател на суд може да поднесе секој. Во Законот за Јавно обвинителство[146] е предвидено дека јавен обвинител може да се разреши поради потешка дисциплинска постапка и членување во политичка партија. Додека постапката за утврдување одговорност на јавните обвинители за сторена дисциплинска повреда се спроведува по образложен предлог на јавниот обвинител на Република Северна Македонија за сите јавни обвинители и по образложен предлог на виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство за јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство, за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство и за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство, по службена должност или по добиено сознание за сторена повреда. Кон предлогот за поведување на дисциплинска постапка, подносителот е должен да достави докази за сторената дисциплинска повреда.[147] За разлика од Законот за Судски совет, каде што постапката се води во советот, кај јавното обвинителство постапката за утврдување одговорност на јавниот обвинител во вршење на јавнообвинителската функција ја спроведува комисија од пет члена или нивни заменици од кои по еден од вишите јавни обвинителства и еден член од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија избрани од колегиумите од тие обвинителства.[148] Имајќи го предвид недостатокот од јавни обвинители, ваквите дисциплински постапки се одвиваат бавно.

Постои нагорен тренд во поднесените претставки до Советот на јавни обвинители, односно во 2019 година имало 160 претставки, додека во 2020 година Советот добил 200 претставки.[149] Најголем дел од претставките се за наводно непостапување или неажурно постапување по поднесени кривични пријави и недобивање известувања од нивна страна во подолг период, а физичките лица и правните субјекти особено се незадоволни од донесените решенија за отфрлање на кривичните пријави што во голем процент и се обжалени до вишите јавни обвинителства.[150] Во 2020 година до Советот на јавни обвинители се вложени

142 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/2020, Закон за Јавно обвинителство (n 114).

143 Ibid.

144 Ibid.

145 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019; Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија (n 36).

146 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/2020; Закон за Јавно обвинителство (n 114).

147 Член 93 од Законот за Јавно обвинителство.

148 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/2020; Закон за Јавно обвинителство (n 114).

149 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'" (n 16).

150 Совет на јавни обвинители, „Годишен извештај за работата на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија за 2020 година" (n 62).

вкупно четири жалби против одлука на Дисциплинската комисија во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и во Советот се води второстепена дисциплинска постапка по нив. Покрај бројката на поднесени претставки, Советот на јавни обвинители во 2020 година нема донесено одлуки за разрешување на јавните обвинители.[151] Ситуацијата е различна во судството, каде што Судскиот совет активно води дисциплински постапки против судии и има разрешени судии по новиот Закон за Судскиот совет.

"Сепак, и покрај воспоставената правна рамка во однос на постапката и основите за одговорност на судиите, судиите сметаат дека одлуките на Судскиот совет за утврдување на дисциплинска одговорност или разрешување судија не се лесно достапни, но и не се доволно образложени. Судиите сметаат дека Судскиот совет не користи јасна методологија, а особено не користи јасни критериуми за градација на тежината на изречената мерка, па така во неколку различни случаи Судскиот совет реши директно да ги разреши судиите, без претходно да примени некоја полесна дисциплинска мерка.

Постои нагорен тренд во поднесените претставки до Советот на јавни обвинители, односно во 2019 година имало 160 претставки, додека во 2020 година Советот добил 200 претставки. Сепак, поради намалениот број на јавни обвинители, дисциплинските постапки се одвиваат бавно. Покрај бројката на поднесени претставки, Советот на јавни обвинители во 2020 година нема донесено одлуки за разрешување на јавните обвинители."

151 Ibid.

# Професионалност и компетентност

Како што беше нотирано и во претходниот извештај во сенка за Поглавје 23[152], со донесувањето на последните измени и дополнувања на Законот за судови[153], новиот Закон за Судски совет[154], Законот за Јавно обвинителство[155] и измените и дополнувањата на Законот за советот на јавни обвинители[156] се создаде правна рамка во голема мера усогласена со меѓународните стандарди во однос на избор на судии и јавни обвинители базирано на систем на заслуги. Меѓу другото, се имплементираше препораката ix од извештајот на ГРЕКО[157] што се однесува на зголемување на квалитативните во однос на квантитативните критериуми за оценување на судиите со донесувањето на новиот Закон за Судскиот совет.[158] Влезот во судството и јавното обвинителство е преку Академијата за судии и јавни обвинители, со што се имплементираа препораките дадени од Прибе[159]. Исто така, последните измени на Законот за судовите и новиот Закон за Судски совет на РСМ беа консултирани и добија позитивно мислење од страна на Венецијанската комисија[160]. Што се однесува на правната заштита на судиите за определени мерки што се преземаат кон судиите, се воведува правото на жалба до Совет за жалби при Врховниот суд[161] како еден вид гаранција, како во однос на (не)изборот за судии и претседатели на судови, така и во однос на одлуката за оценување.

Воспоставената правна рамка, како и гаранциите за правилна примена на мерит-системот, се само еден аспект од покажувањето резултати во однос на исполнувањето на одредниците во делот на правосудството како област од Поглавјето 23. Сепак, неопходна е доследна имплементација на овие одредби, за што клучно е и следењето на имплементацијата на овие закони, како на државно ниво, така и од страна на невладините организации.

Во однос на имплементацијата на Законот за Судски совет во делот на избор и унапредување судии, Судскиот совет ги донесе Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд[162], Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители, кој е донесен на 26.12.2019 година, а со кој се уредува начинот на рангирање на кандидатите од листата на кандидати доставена од Академијата за судии и јавни обвинители што се пријавиле за избор на судија на основен суд.

152 Conevska and Kamberi (n 5).

153 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 96/2019; Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите (n 26).

154 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 102/2019; Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија (n 36).

155 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 42/2020; Закон за Јавно обвинителство (n 114).

156 Совет на јавни обвинители, „Интернет-страница – закони и подзаконски акти“ (n 58).

157 Усвоен од ГРЕКО на својата 80. пленарна седница (n 133).

158 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 102/2019; Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија (n 36).

159 Senior Experts’ Group, “The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts’ Group on Systemic Rule of Law Issues Relating to the Communications Interception Revealed in Spring 2015” (n 75); Senior Experts’ Group, “The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Assessment and Recommendations of the Senior Experts’ Group on Systemic Rule of Law Issues 2017” (n 75).

160 Barrett, Dimitrov and Ribičič (n 31); Barrett and others (n 76).

161 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 102/2019; Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија (n 36).

162 Судски совет на Република Северна Македонија, „Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд“ (4 февруари 2020) <http://sud.mk/wps/wcm/connect/ssrm/c7213a55-036c-4a1f-88ff-3f52ab8290d2/Pravilnik+%D0%B7%D0%B0+%D0%BD%D0%B0%D1%87%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D1%82+%D0%BD%D0%B0+%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B3%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5+%D0%BD%D0%B0+%D0%BA%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B8%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5+%D0%B7%D0%B0+%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80+%D0%BD%D0%B0+%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0+%D0%B2%D0%BE+%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%81%D0%BE%D0%BA+%D1%81%D1%83%D0%B4.pdf?MOD=AJPERES&CACHEID=ROOTWORKSPACE.Z18_L8CC1J41L0B520APQFKICD0CR4-c7213a55-036c-4a1f-88ff-3f52ab8290d2-kZargVy>.

Во текот на 2020 година Судскиот совет донесе и Методологија за оценување на работата на судија врз основа на исполнетост на квалитативните критериуми за судиското работење и Образец за оценување и бодување на исполнетост на квалитативните критериуми за работата на судијата, Методологија за квалитативно оценување на претседателите на судовите и Образец за квалитативно оценување претседатели на судовите и Упатство за начинот на пресметување на ефективни работни часови. Методологијата за сложеност на предмети, заклучно со јуни 2021 година, не беше донесена.[163]

И покрај воспоставената правна рамка, од мониторираните седници на Судскиот совет, како и од мислењата на судиите постои сомнеж и незадоволство од начинот на кој Советот ги избира судиите, судиите во повисоките судови и претседателите на судови.[164] Несоодветни образложенија или отсуство на образложенија за избор или неизбор на судии, судии во повисоки судови и претседатели на судови, давањето на генерички и апстрактни образложенија на седниците на Советот и многу ретко повикување на биографиите на кандидатите се едни од причините што фрлаат сомнеж во однос на независноста на Судскиот совет и отсуство на влијанија при изборот, како кај општата јавност, така и кај судиите.[165]

Во однос на изборот на нови судии, членовите на Советот не даваат никакви образложенија во случаите кога гласаат против некој кандидат. Ова може да доведе до избор на кандидати кои на подготвената ранг-листа редоследно се пониско рангирани од кандидатите кои не се избрани, па во такви случаи би било од исклучително значење да биде дадено појаснување, како за изборот на конкретните кандидати, така и за причините поради кои не се избрани другите, повисоко рангирани кандидати. Членовите секогаш се придржуваат до ова правило на задолжително усно образложување на гласовите за избор на судија, меѓутоа во практиката се забележани голем број апстрактни реченици што се искористени во образложенијата, сумарни реченици или реченици што се повторуваат кај сите кандидати или исклучително кратки образложенија сумирани во една реченица.[166] „Имајќи предвид дека ваквите образложенија се повторуваат кај повеќе кандидати, како и дека се дадени од страна на различни членови на Советот, придружени со отсуството на образложенија во писмените одлуки за избор на судии, отсуството на какви било образложенија за кандидатите кои не добиле гласови, како и исклучително реткото повикување на конкретни лични квалификации или искуства од биографиите на кандидатите, во практика се остава впечаток на прилично несериозно постапување од страна на Советот при изборот на новите судии."[167] И судиите се на став дека овие одлуки се навремено објавени и достапни, меѓутоа истакнаа дека одлуките не се соодветно образложени.[168] Иако законот изречно предвидува дека членовите на Советот се должни усно да ја образложат својата одлука, препорачливо е образложенијата на членовите да бидат пренесени и во писмените одлуки за избор на нови судии. Ова е особено битно доколку се земе предвид дека нема постојано присуство на јавноста на седниците на Советот, па така јавноста има ограничени можности да се запознае со причините поради кои се избрани новите судии, а уште побитно доколку се има предвид претходноспоменатиот проблем со давањето на генерички и апстрактни образложенија на седниците на Советот.[169]

Постапките се спроведуваат на релативно сличен начин и во однос на избор на судии во повисоките судови, така што недоволната аргументираност има исто влијание врз перцепциите на судиите и врз јавноста за правилна примена на системот на заслуги и избор на најдобрите кандидати.

---

163 Судскиот совет на РСМ ја донесе истата во септември 2021 година.

164 Согласно последната анализа на Коалицијата „Сите за правично судење", која е направена врз основа на податоците добиени од набљудувачите кои ги следат Седниците на советот, како и врз основа на мислења на судии, види повеќе Петровска и Аврамовски (n 86).

165 Ibid.

166 Ibid.

167 Ibid.

168 Ibid.

169 Ibid.

Во анализата на Коалицијата „Сите за правично судење" е нотирано дека впечатоците на набљудувачите на седниците се дека повторно отсуствува задоволителен степен на дискусија помеѓу членовите на Судскиот совет и во однос на избор на претседателите на судовите. Имајќи предвид дека, согласно Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија[170], секој член на Советот е должен усно да ја образложи својата одлука за избор, членовите даваат кратко образложение, но само доколку гласале „за" изборот, но не и доколку гласале „против".[171]

Во истата анализа[172] има наведено забелешки при (не)избор на определени претседатели на судови. Станува збор за (не)изборот на претседател на Основен суд Гостивар на јавната седница одржана на 15.02.2020 година, каде што од повеќе пријавени кандидати за претседател на суд не бил избран ниту еден, а воедно за решението нема да биде понудено никакво образложение зошто Советот одлучил да не избере ниту еден од предложените кандидати. Ваква слична ситуација е детектирана и во поглед на избор на претседател на Основниот суд Виница[173], каде што три огласи по ред не е избран ниту еден од пријавените кандидати за претседател на Судот, но освен потенцирање од страна на неколку члена на Советот дека ќе мора многу скоро да биде избран претседател на Судот, не беа понудени образложенија зошто изборот не може да биде направен досега, како и зошто не е избран ниту еден од понудените кандидати. Со тоа значително се зголемува непредвидливоста на овие постапки за избор, не се јасни критериумите за избор на судија и претседател на суд, како и потребните компетенции, квалификации, професионални и лични квалитети на кандидатите. Во анализата е наведено дека ваквите ситуации „неминовно оставаат впечаток на постоење на други фактори при изборот на судии и претседатели на судови, како и евентуални влијанија врз Судскиот совет, токму поради отсуството на јавна дебата со јасни аргументи за одлуката на Советот".

За крај, задоволството или незадоволството од постапувањето на Советот може да се согледа и од системот на жалби што беше воведен за да обезбеди гаранции на судиите, што во практиката се покажува како нефункционален, особено за (не)избор на претседател на суд. Во текот на 2020 година, Судскиот совет избра осум претседатели на основни судови, и тоа за основните судови во Струга, Кавадарци, Кочани, Охрид, Кратово, Радовиш, Струмица, и тројца за претседатели на апелациските судови, и тоа за судовите во Штип, Битола и Гостивар.[174] Исто така беа донесени и девет одлуки за определување на вршител на должност претседател на суд. Заклучно со април 2021 година беше избран и претседател на Врховниот суд и претседател на Основниот суд Дебар.[175] Дополнително, покрај тоа што има и пропаднати огласи на кои се пријавувале кандидати за претседатели и повеќе кандидати судии аплицирале за местото претседател, ниту во 2019 ниту во 2020 година не е поднесена жалба до Советот за жалби при Врховниот суд,[176] согласно член 51 од Законот за Судски совет.[177]

Механизмот за жалби не е доволно користен ниту од кандидатите кои не се избрани за судии согласно член 49 од Законот за Судски совет. Имено, во 2019 година поднесена е само една жалба, додека во 2020 година поднесени се три жалби. Во сите случаи Советот за жалби донел одлука со која ја одбива жалбата и го потврдува решението донесено од Судскиот совет.[178] Во 2020 година, Советот изврши избор на вкупно 14 судии во основните судови, од кои 13 судии на 332. седница по оглас бр. 08-1886/2 од 22.11.2019 година, и тоа за основните судови во Битола, Куманово, Тетово, Штип, Охрид, Свети Николе, Основен кривичен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопје. На 351. седница на Советот избран е судија на Основен суд Кавадарци. Шест судии на Апелациониот суд Скопје беа избрани на

170 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019; Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија (n 36).
171 Петровска и Аврамовски (n 86).
172 Ibid.
173 Ibid.
174 Судски портал на Република Северна Македонија (n 47).
175 Ibid.
176 Врховен суд на Република Северна Македонија, „СПИ бр. 18/2021 – Решение по барање за слободен пристап до информации" (мај 2021).
177 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019; Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија (n 36).
178 Врховен суд на Република Северна Македонија (n 178).

десетти февруари 2020 година, согласно со старите критериуми за избор според Законот за Судски совет што важел во моментот на објавување на огласот. На десетти февруари исто така беа избрани и четири судии во Врховниот суд на РСМ од кои двајца за кривична област и двајца за граѓанска област.[179] На четврти април 2021 година се избрани тројца судии во Кривичниот суд и тројца судии во Граѓанскиот суд.[180]

Во однос на упатувањето судии во друг суд и прераспределувањето во друг оддел, согласно измените на Законот за судовите, судија може да биде упатен или прераспределен за период од една година, но не повеќе од еднаш во период од пет години.[181] Овие гаранции се воведени по предлог на Венецијанската комисија во случај на упатување на судиите во друг суд или распоредување во понизок суд. Имено, се воведува ограничување до кога ќе се смета таа една година во која судијата може да биде упатен или распределен. Со предложеното решение, упатувањето и распоредувањето ќе биде најмногу еднаш во пет години. Со ваквото решение се оневозможува упатувањето и распоредувањето да се користат како форма на притисок.[182] Судскиот совет на РСМ во 2020 година има донесено 17 одлуки[183] за привремено упатување за вршење на судиската функција на судија. Потребно е одредбите за привремено упатување доследно да се имплементираат во практиката и ниту еден судија да не биде упатен подолго од една година. Од прегледот на интернет-страницата на Судскиот совет се забележува дека има судии кои биле делегирани во друг суд подолго од една година. Судскиот совет има донесено и 34 одлуки[184] за продолжување на мандатот на судиите кои поднеле изјави за продолжување на мандатот, согласно со прописите за работни односи.

Во Законот за Јавно обвинителство[185] се утврдени основите за избор на јавните обвинители, додека постапката за избор е регулирана со Законот за советот на јавни обвинители.[186] Од периодот од април 2020 година, заклучно со април 2021 година, избрани се 11 јавни обвинители и назначени се тројца вршители на должност.[187] Образложението на одлуките на Советот на јавни обвинители во однос на изборот на јавните обвинители е од исклучителна важност за враќање на довербата на граѓаните во јавното обвинителство.[188] Особени реакции имаше во јавноста[189] во однос на изборот на јавни обвинители на 22 април 2021 година, во однос на даденото образложение од Советот на јавни обвинители за неизборот на еден кандидат во Вишото јавно обвинителство.

Единствена точка за влез во судството и јавното обвинителство останува Академијата за судии и јавни обвинители. Во април 2021 година за судии беа избрани и последните шест кандидати од вкупно 37 кандидати од шестата генерација на АСЈО.[190] Во јуни 2020 година, по едногодишниот процес проследен и со жалби до Управниот и Вишиот управен суд, АСЈО ја изготви конечната ранг-листа за приемот на 60 нови слушатели на почетна обука за седмата генерација слушатели. Од вкупно 673 пријавени, 643 апликанти ги исполнија формалните услови и со тоа го добија статусот кандидати за приемен испит на почетна обука. Почетната обука со теоретска настава за седмата генерација на слушатели во Академијата почна во септември 2020 година.[191] Еден дел од теоретскиот дел на почетната обука слушателите на седмата генерација слушатели го следеа онлајн во согласност со

179 Блупринт група за правосудство (n 12).

180 Судски портал на Република Северна Македонија (n 47).

181 Цоневска и др. (n 4).

182 Ива Цоневска и Исмаил Камбери, „Процена на влијание на регулативата на законот за судови“ (Институт за европска политика – Скопје 2018) <https://epi.org.mk/docs/PVR%20Zakon%20za%20sudovi%20MK.pdf>.

183 Блупринт група за правосудство (n 12).

184 Блупринт група за правосудство (n 12).

185 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 42/2020; Закон за Јавно обвинителство (n 114).

186 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 42/2020; Закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

187 Совет на јавни обвинители (n 69).

188 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'“ (n 16).

189 Фактор.мк, „Ленче Ристовска била многу млада за да работи како виш јавен обвинител“ (n 89).

190 Судски совет на Република Северна Македонија, „Соопштение од 370. седница на Судскиот совет на РСМ – 22.04.2021 година“ (22 април 2021) 2 <shorturl.at/aefvT>.

191 Блупринт група за правосудство (n 12).

препораките за заштита од КОВИД-19.[192] Огласот за осмата генерација слушатели беше објавен на 24 септември 2020 година, за 97 позиции.[193] На огласот се пријавија вкупно 497 кандидати. Кандидатите завршија со полагање на приемниот испит за прием во АСЈО во јуни 2021 година.[194] Полагањето на приемниот испит во АСЈО траеше подолго време поради ситуацијата со пандемијата. Полагањето на студиите на случај беше одложено поради случајот со фирмата „Инвока гроуп дооел", која беше задолжена за хостингот на електронските испити на Академијата.[195]

На осми февруари 2019 година беше формирана работна група во рамките на Министерството за правда за подготовка на предлог на новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители. Работната група е составена од десет члена, меѓу кои директорката на АСЈО, претставници од Министерството за правда, судии, јавни обвинители и претставници на граѓанските организации. Подготовката на овие предлог-измени има цел да ги отстрани пречките со кои се соочува АСЈО.[196] Иако овој закон беше усвоен од Владата во јули 2019 година, сепак не беше донесен од претходниот парламентарен состав.[197]

Новиот предлог-закон за Академијата за судии и јавни обвинители се доработуваше од работна група формирана во Министерството за правда, а во јуни 2021 година е усвоен од Владата на РСМ и е во собраниска процедура.[198]

Законот за судовите, Законот за Судскиот совет, Законот за Јавно обвинителство и Законот за советот на јавни обвинители, земено во корелација со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители за прием на слушатели на почетна обука, ја сочинуваат правната рамка и ги определуваат и критериумите и постапката за избор на судии и јавни обвинители.

Воспоставената правна рамка, како и гаранциите за правилна примена на мерит-системот, се само еден аспект од покажувањето резултати во однос на исполнувањето на одредниците во делот на правосудството како област од Поглавјето 23. Сепак, неопходна е доследна имплементација на овие одредби, за што клучно е и следењето на имплементацијата на овие закони, како на државно ниво, така и од страна на невладините организации.

Реакции од страна на судиите, како и податоците од набљудуваните седници на Судскиот совет упатуваат на тоа дека се избираат судии, претседатели на судови и се унапредуваат судии без дебата и јасна аргументација. Несоодветни образложенија или отсуство на образложенија за избор или неизбор на судии, судии во повисоки судови и претседатели на судови, давањето на генерички и апстрактни образложенија на седниците на Советот и многу ретко повикување на биографиите на кандидатите се едни од причините што фрлаат сомнеж во однос на независноста на Судскиот совет и отсуство на влијанија при изборот, како кај општата јавност, така и кај судиите.

Од добиените податоци произлегува дека неизбраните кандидати за судии и претседатели на судови не го користат механизмот за жалби при Советот за жалби во Врховниот суд и ваквиот механизам, иако воведен за да им даде гаранции на судиите, сепак е нефункционален во практиката.

Образложението на одлуките на Советот на јавни обвинители во однос на изборот на јавните обвинители е од исклучителна важност за враќање на довербата на граѓаните во јавното обвинителство.

192 Академија за судии и јавни обвинители, „Почетна обука – документи" <https://jpacademy.gov.mk/initial-training/>.

193 „Службен весник на Република Македонија", бр. 230/2020 од 24.09.2020; Јавен оглас за прием во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје.

194 Полагањето на приемниот испит во АСЈО траеше подолго време поради ситуацијата со пандемијата. Полагањето на студиите на случај беше одложено поради случајот со фирмата „Инвока гроуп дооел", која беше задолжена за хостингот на електронските испити на Академијата.

195 Академија за судии и јавни обвинители, „Известување – почетна обука" (мај 2021) <https://jpacademy.gov.mk/initial_training/izvestuvane/>.

196 Цоневска и др. (n 4).

197 Собрание на Република Северна Македонија, „Седница бр. 123 на Собранието на Република Северна Македонија" (16 февруари 2020) 121.

198 Собрание на Р. Северна Македонија, „Материјали – Предлог-закон за Академија за судии и јавни обвинители" <https://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=543628f3-2109-4bd5-8b99-22d543901888>.

# Квалитет на правда

Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) континуирано работи во однос на унапредување на квалитетот на обуките и воведување на потребните теми за обука, на база на спроведените евалуации на обуките и доставените предлог-теми од Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, експерти и невладини организации. Постои значително зголемување на бројот на лица кои поминале обуки што се однесуваат на жртви, во кои спаѓаат и деца-жртви во 2020 година, за разлика од 2019 година. Во 2020 година поминале вкупно 449 лица од кои 184 судии, 196 јавни обвинители, 33 службеници, седум адвокати, четири претставници на Министерството за внатрешни работи, 22 слушатели на почетна обука и тројца други учесници, додека во 2019 година ваква обука во АСЈО поминале осум судии, 12 јавни обвинители, двајца стручни соработници од судовите и обвинителствата и 15 претставници од Министерството за внатрешни работи. Исто така, зголемен е и бројот на одржани обуки што се однесуваат на деца-жртви, односно во 2020 година одржани се 17 обуки, додека во 2019 година само две советувања. Исто така, значителен е бројот на судии и јавни обвинители, кои поминале обука за судската практика на ЕСЧП, односно 46% од судиите и јавните обвинители поминале ваква обука во 2019 и 2020 година.[199]

Во поглед на соработката на АСЈО со други тела и институции, АСЈО има потпишано меморандуми за соработка со повеќе релевантни институции, меѓународни и невладини организации.[200] Во јуни 2020 година АСЈО, Државниот завод за превенција на детското престапништво (ДЗПДП) и Комората за медијатори на Република Македонија потпишаа меморандум за соработка што има цел заедничко дејствување во насока на развојот и унапредувањето на медијацијата во системот на правдата за децата.

Како што беше нотирано и во претходниот извештај во сенка[201] потребно е да се зголеми капацитетот на Академијата во однос на просториите, главно простории за обука, буџетот и персоналот, доколку се очекува или се налага да се обезбеди поголема и подобра обука за судиите, јавните обвинители и помошниот персонал (вклучувајќи ги и стручните соработници). Со прием на новата генерација на слушатели, АСЈО ќе нема просторни услови за организирање на континуирани обуки во своето седиште. Во април 2021 година е избран судијата Илир Исени за заменик-директор на АСЈО.[202]

Значителен чекор кон подобрување на квалитетот на правдата е и потпишувањето на Протоколот бр. 16 од страна на министерот за правда.[203] Во однос на уедначувањето на судската практика, Одделот за судска практика при Врховниот суд во 2019 година има одржано седум седници.[204] Во 2020 година не се одржани средби помеѓу судиите од различни апелациски подрачја и Врховниот суд (за судската практика), за разлика од 2019 година, каде што се одржани три средби.[205] Со цел усогласување на судската практика, потребно е преку заеднички средби на Врховниот суд на РСМ со апелациските судови да се заземат заеднички ставови по одредени правни прашања заради поголема уедначеност при донесувањето на одлуките, како и да се зголеми

199 „Извештај од следење на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година – за 2020 година“ (Институт за европска политика – Скопје, Асоцијација „Зенит“, септември 2021).

200 Академија за судии и јавни обвинители, „Меморандуми за соработка“ <https://jpacademy.gov.mk/memorandumi-za-sorabotka/>.

201 Conevska and Kamberi (n 5).

202 Судски совет на Република Северна Македонија, „Соопштение од 369. седница на Судски совет на РСМ – 12.04.2021 година“ (12 април 2021) <shorturl.at/jA169>.

203 Министерство за правда, „Маричиќ во Стразбур ја потпиша Конвенција за борба против фалсификување лекови и Протоколот 16“ (септември 2021) 16 <https://www.pravda.gov.mk/vest/6236>.

204 Врховен суд, „Решение (2/2020) по барање за слободен пристап до информации“ (29 јануари 2020).

205 „Извештај од следење на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година – за 2020 година“ (n 202).

активноста на одделите за судска практика. Заради следење на насоките и ставовите што ги заземаат апелациските судови на своите средби, заклучоците од овие средби треба да бидат потранспарентни, со што ќе се поедностави примената на судската практика.[206]

Постои значително зголемување на бројот на пробациски предмети во 2020 година (276 предмети), за разлика од 2019 година (165 предмети). Ова е голем чекор со оглед на фактот дека пробациската служба активно почна со работа во 2019 година. И во двете години најголем дел од предметите се однесуваат на алтернативната мерка условен отпуст.[207]

Претходниот предлог-закон за медијација, заклучно со февруари 2020 година, не беше донесен од претходниот парламентарен состав. Предлог-законот за медијација се доработуваше од работна група формирана во Министерството за правда и од јуни 2021 година е во собраниска процедура.[208]

Покрај потребата за измена на законите, за унапредување на концептот за медијација се потребни и дополнителни мерки. Потребни се и буџетски средства за зголемено користење на медијацијата согласно Законот за правда на децата, особено имајќи предвид дека медијација значи помалку трошоци за странките. Во оваа насока, во моментот кога го креира својот буџет обвинителството треба да има процена на бројките околу предметите што се однесуваат токму на децата.[209]

Во јули 2019 година, во соработка со Комората на медијатори, Владата на Република Северна Македонија усвои Заклучок со која ги задолжува сите државни органи, институции, јавни претпријатија што се во државна сопственост, но и единиците на локална самоуправа, пред да почнат постапка пред суд да направат обид споровите да ги надминат по пат на медијација.[210]

Од спроведената анкета со медијатори[211] произлегува заклучокот дека постои зголемување на бројот на предмети што медијаторите одговориле дека им ги упатиле јавните органи во 2020 година (133 предмети) во споредба со 2019 година (89 предмети). Исто така, постои зголемување на бројот на решени предмети по оваа основа во 2020 година (128 предмети) за разлика од 2019 година (58 предмети).[212] Постои зголемување и на бројот на предмети упатени на медијација согласно Законот за правда на децата во 2020 година (четири предмети) за разлика од 2019 година, каде што медијаторите одговориле дека нема упатени предмети. Постои значително зголемување на бројот на работни и трговски предмети што се упатени и решени по пат на медијација во 2020 година. Во 2019 година, во регистарот што го води Министерството за правда се регистрирани 87 медијации во трговски спорови, додека 16 од споровите завршиле со спогодба. Во 2020 година има значителен пораст на бројот на поведени трговски спорови во постапка за медијација, односно 189 медијации од кои 37 завршиле со спогодба. За разлика од 2019 година, каде што нема ниту еден предмет за медијација во работните спорови регистриран во регистарот што го води Министерството за правда, во 2020 година по оваа основа се регистрирани 126 медијации, од кои 89 завршиле со спогодба.

---

206 Душко Георгиевски, „Анализа на квалитетот и воедначеноста на судските одлуки во граѓанско правната област“ (Институт за европска политика и Асоцијација „Зенит“, август 2021) <https://epi.org.mk/wp-content/uploads/%D0%90%D0%9D%D0%90%D0%9B%D0%98%D0%97%D0%90-%D0%9D%D0%90-%D0%9A%D0%92%D0%90%D0%9B%D0%98%D0%A2%D0%95%D0%A2-%D0%98-%D0%92%D0%9E%D0%95%D0%94%D0%9D%D0%90%D0%A7%D0%95%D0%9D%D0%9E%D0%A1%D0%A2-%D0%9D%D0%90-%D0%A1%D0%A3%D0%94%D0%A1%D0%9A%D0%98%D0%A2%D0%95-%D0%9E%D0%94%D0%9B%D0%A3%D0%9A%D0%98-%D0%92%D0%9E-%D0%93%D0%A0%D0%90%D0%83%D0%90%D0%9D%D0%A1%D0%9A%D0%9E-%D0%9F%D0%A0%D0%90%D0%92%D0%9D%D0%90%D0%A2%D0%90-%D0%9E%D0%91%D0%9B%D0%90%D0%A1%D0%A2.pdf>.

207 „Извештај од следење на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година – за 2020 година“ (n 202).

208 Блупринт група за правосудство (n 12).

209 Институт за европска политика, „Документ за јавните политики ’Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година‘“ (n 32).

210 Ibid.

211 На првата анкета за 2019 година одговориле 22 медијатори, додека за анкетата за состојбите во 2020 година одговориле 21 медијатор. „Извештај од следење на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година – за 2020 година“ (n 202).

212 Ibid.

На 24 септември на ЕНЕР е објавено известување за почеток на процесот за подготовка на нов закон за вештачење.[213] Неоспорно е дека вештачењето е клучно за разрешница на судските случаи, непристрасноста и квалитетот на правдата. Законската рамка што детално ја уредува областа вештачење по првпат беше воведена во 2010 година со донесување на Законот за вештачење. До сега тој беше менуван и дополнуван вкупно петпати, и тоа во 2014, 2015 и 2018 години. Во известувањето на ЕНЕР е нотирано дека поради големиот број лоцирани слабости и недостатоци во актуелниот закон, се наметна потребата од донесување на нов закон што ќе придонесе кон зголемувањето на ефикасноста и воспоставувањето на функционален систем за вештачење.[214]

АСЈО континуирано работи на унапредување на квалитетот на обуките и воведување на потребните теми за обука. Потребно е зголемување на буџетот на АСЈО заради подобрување на квалитетот на обуките. Потребно е кадровско, техничко и инфраструктурно доекипирање на АСЈО. Потребно е обезбедување на нови простории на Академијата за судии и јавни обвинители со цел целосно да може да ги извршува своите примарни надлежности, поточно да организира обуки во рамките на континуираната обука, како и да има доволно можности да ги прима новите кандидати на почетна обука.

Во однос на уедначувањето на судската практика, Одделот за судска практика при Врховниот суд во 2019 година има одржано седум седници. Во 2020 година не се одржани средби помеѓу судиите од различни апелациски подрачја и Врховниот суд (за судската практика), за разлика од 2019 година, каде што се одржани три средби.

Значителен чекор кон подобрување на квалитетот на правдата е и потпишувањето на Протоколот бр. 16 од страна на министерот за правда.

Со цел усогласување на судската практика, потребно е преку заеднички средби на Врховниот суд на РСМ со апелациските судови да се заземат заеднички ставови по одредени правни прашања заради поголема уедначеност при донесувањето на одлуките, како и да се зголеми активноста на одделите за судска практика. Заради следење на насоките и ставовите што ги заземаат апелациските судови на своите средби, заклучоците од овие средби треба да бидат потранспарентни, со што ќе се поедностави примената на судската практика.

Пробациската служба почна активно со работа од 2019 година. Меѓутоа, пробациската служба не се користи доволно од страна на судиите. Овој закон е од исклучителна важност за определување на видот и висината на казната. Затоа се препорачува интензивна обука на судиите за примена на Законот за пробација, бидејќи соработката со пробациската служба овозможува правилен пристап кон индивидуализација на казната за секој обвинет.

Потребно е дополнително унапредување на концептот на медијација преку промотивни активности. Сепак, забележано е зголемување на бројот на предмети во 2020 година, во кои странки се јавни органи, како и значително зголемување на бројот на трговски и работни спорови што се упатени и решени по пат на медијација.

213 ЕНЕР, „Пропис: Предлог на Законот за вештачење“ (септември 2021) <https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=70466>.

214 Ibid.

# Ефикасност

Според последните податоци од Извештајот на Судскиот совет за 2020 година[215], судовите во 2020 година не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 2.503 предмети и може да се заклучи дека во 2020 година од 34 суда за ажурни се сметаат 15 суда, додека како неажурни се 19 суда, и тоа два од апелациските судови и 17 основни суда. Според Судскиот совет, ваквата состојба се должи, пред сè, на пандемијата со вирусот КОВИД-19 во нашата земја, и покрај тоа што претседателите на судовите ги презедоа сите мерки и активности за намалување на заостатокот на предметите во судовите. Но, како и во сите сегменти од нашето живеење, така и во работењето на судовите, оваа пандемија придонесе дел од судовите да бидат оценети како неажурни, со оглед на тоа што дел од судиите и вработените во судовите беа заболени од вирусот, како и во изолација поради контакт со заболено лице со вирусот.

А според извештајот за работата на јавните обвинителства за 2020 година[216], работењето на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на вишите јавни обвинителства, на основните јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во 2020 година во предметите е постапувано ажурно и стручно, и покрај недостатокот на кадар. Функцијата на кривично гонење на сторителите на кривични дела јавното обвинителство ја извршуваше непрекинато, приспособено согласно со препораките и заклучоците на Владата на Република Северна Македонија за мерките за заштита против пандемијата од вирусот КОВИД-19. Согласно задолжителното упатство на републичкиот јавен обвинител, итно се постапуваше по предметите за кривични дела со кои се загрозува здравјето на граѓаните.

Сепак, за зголемување на ефикасноста на судството и на јавното обвинителство неоспорно се потребни повеќе финансиски средства, зголемување на човечките ресурси, подобрување на опремата и обезбедување на просторни услови, пред сè, на некои јавни обвинителства[217], кои сè уште функционираат во судските згради. Во оваа насока потребно е добра процена за потребите за човечки ресурси во судовите и јавните обвинителства и целосна имплементација на стратегиите за човечки ресурси.

Потребно е обезбедување на соодветни просторни услови и на Управниот суд,[218] како и негово кадровско екипирање, со оглед на фактот што со новиот Закон за управни спорови, што ќе се применува од мај 2020 година, се предвидуваат поголеми обврски за Управното судство. Односно, Управниот суд ќе биде на рамниште како и другите судови со водење на јавна расправа пред истиот.

Во делот на судството, и покрај тоа што во текот на 2020 година во судовите се реализираа нови вработувања (во рамките на бројот на пензионирања во текот на годината), состојбата на недостиг на соодветен потребен кадар во судството беше присутна и во текот на 2020 година. Во Извештајот за работата на Судскиот совет[219] е нотирано дека судовите имаат потреба од раководен кадар, стручен и административно-технички кадар и стручни кадри од областа на информатичката технологија, управувањето со човечките ресурси,

215 Судски совет на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2020 година“ (2021) <shorturl.at/ikJP3>.

216 Љубомир Јовевски, Јавен обвинител на РСМ, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2020 година“ (2020) <https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2021/08/izveshta%D1%98-za-2020-%D1%98o-na-rsm.pdf>.

217 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'“ (n 16).

218 Ibid.

219 Судски совет на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2020 година“ (n 218).

внатрешна ревизија, јавна внатрешна финансиска контрола, стратешко планирање. Поради недоволниот број судии во согласност со систематизацијата направена од Судскиот совет, Советот во 2020 година донесе 13 одлуки за привременото упатување судии согласно член 39 од Законот за судовите.[220]

Недостиг на кадар се забележува и кај јавните обвинителства. Од вкупно 244 систематизирани места, има само 180 обвинители заклучно со септември 2021 година.[221] За извршување на функцијата определена со законите од големо значење е побрзо пополнување на испразнетите места на јавните обвинители, особено во основните јавни обвинителства. Исто така, треба да се пополнат испразнетите места за записничари и други административни кадри, а првенствено за зајакнување на капацитетите на истражните центри.[222]

Се очекува дека дигитализацијата и целосната имплементација на планот за дигитализација во судството и процесот на интероперабилност ќе придонесе за поголема ефикасност, како на судството, така и на јавното обвинителство.[223] Потребна е набавка на компјутери и опрема, не само на судовите, доколку повеќе и во јавните обвинителства. Процесот на дигитализација ќе придонесе и кон полесно пребарување на интернет-страницата на судовите и ќе ја зголеми транспарентноста и отвореноста. Исто така, ќе обезбеди и е-услуги за граѓаните.[224]

Клучно за зголемување на ефикасноста на судовите е соодветното финансирање на судството и јавното обвинителство, како што е и детално елаборирано во делот на независност од овој извештај. Во оваа насока, години наназад не се почитува законската одредба за издвојување на 0,8% од БДП на судовите. Постои и намалување на средствата доделени на судската власт во 2020 година (0,29% од БДП), за разлика од 2019 година (0,31% од БДП).[225] Што се однесува на јавното обвинителство, од неопходните средства во износ од 1.179.054,00 денари за работа на обвинителствата, колку што беа побарани во предлог-пресметката, заедно со ребалансот на Буџетот вкупно беа одобрени парични средства во износ од 643.700.000,00 денари или само 48,49%, што не се доволни обвинителствата непречено да ја извршуваат функцијата.[226] Со немањето на доволно финансиски средства доделени на јавното обвинителство, се нарушува и тајноста на истрагата со тоа што обвинителите се обврзани да се обратат на извршната власт за дополнителни средства за вештачење при водење истраги за капитални кривични предмети.[227]

Потребно е и искористување на ресурсите од поранешното Специјално јавно обвинителство, поточно обучениот стручен кадар за работа со дигитални алатки, како и користење на најновата опрема од СЈО, која не се користи веќе две години.[228] Поранешните јавни обвинители од СЈО кои работат на предметите од СЈО, исто како и другите јавни обвинители, немаат доволно стручен кадар.[229]

Во однос на ефикасноста на кривичните постапки се забележува дека главната расправа за случаите „Титаник", „Топлик", „Талир" и „Тендери" ќе почне одново, поради промена на судечкиот совет, односно поради престанување на функцијата на судија-поротник. Според републичкиот јавен обвинител, „случаите на враќање на почеток на повеќе предмети е слабост на Законот за кривична постапка". Тој предлага да се разгледаат други решенија за да се надмине овој проблем. Јовески смета дека „кога ќе дојде до промена во составот на судечкиот совет, наместо да се враќа предметот на почеток, треба да се даде време

220 Ibid.

221 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'" (n 16).

222 Љубомир Јовевски, Јавен обвинител на РСМ (n 219).

223 Институт за европска политика, „Дигитално судство – нова ера на реформите на македонскиот правосуден систем" (n 117).

224 Ibid.

225 „Извештај од следење на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година – за 2020 година" (n 202).

226 Љубомир Јовевски, Јавен обвинител на РСМ (n 219).

227 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'" (n 16).

228 Ibid.

229 Ibid.

на новиот член да ги разгледа предметите. Или, пак, да се даде соодветна можност на судијата-поротник да постапува по тој предмет сѐ до завршување на предметот без разлика што наполнил определена возраст". Според обвинителот, враќањето на дел од предметите на СЈО значително ќе го пролонгира времето до изрекување пресуда, но очекува Основниот кривичен суд во Скопје да им даде приоритет на овие предмет.[230] Одолжувањето на постапките предизвика реакции и кај стручната јавност и како можни позитивни придвижувања за решавање на овој проблем беа предложени повеќе опции.[231] Во оваа насока беше предложено да се разгледа можност за продолжување на мандатот на судијата-поротник по барање на претседателот на судечкиот совет или нов член на Советот да биде запознаен со доказите надвор од главна расправа, што би овозможило да се смета дека тој дел од доказите е изведен. Исто така, потребен е и добар план за работа и приоретизирање на предметите, односно уште при приемот на предметот да се земе предвид кога застарува предметот, обем на доказен материјал и број на обвинети. Треба да се земе предвид и возраста на судиите-поротници, односно дека предметот може да се заврши пред да истече мандатот на судијата-поротник или пред тој или таа да се пензионира. Поставување на резервни судии-поротници, кои постојано би биле присутни на главната расправа со цел да се елиминира можноста судењата да почнуваат одново.

Генерално, во однос на одржувањето на рочиштата во кривичните постапки, податоците од мониторираните предмети на Коалицијата „Сите за правично судење" за 2020 година[232] укажуваат на фактот дека во кривичните постапки сѐ уште постои висок процент на одложени рочишта за главна расправа што првенствено се должат на отсуство на учесниците чиешто присуство во процесот е задолжително, но не изостануваат ниту одлагања поради несоодветно менаџирање на доказната постапка, односно поради непрецизно планирање на дејствата што треба да се преземат на едно рочиште, како и подолгорочно планирање на текот на постапката. Иако ваквиот процент полека се намалува секоја следна година, сепак нивниот број е над половината од сите набљудувани рочишта за главна расправа, што несомнено укажува на тоа дека доколку се изземат постапките по казнен налог, признанијата на вина и пресудите врз основа на спогодба за вина, поверојатно е дека едно рочиште ќе биде одложено отколку одржано. Од вкупно 400 мониторирани рочишта за главна расправа во 15 основни судови на територијата на Република Северна Македонија, 55% од рочиштата се одложени. Во однос на мерките за обезбедување присуство позитивно е што мерката притвор се применува во мал дел од предметите, а воедно се забележува и константно опаѓање на нејзината примена низ годините, па така изрекувањето на оваа мерка за обезбедување присуство во 2020 година е најниско споредено со претходните пет години. Сепак, другите полесни мерки за обезбедување присуство во постапките остануваат недоволно неискористени.

Ажурноста на судовите е намалена во 2020 година во споредба со 2019 година. Според Судскиот совет, ваквата состојба се должи, пред сѐ, на пандемијата со вирусот КОВИД-19 во нашата земја. Според извештајот за работата на јавните обвинителства за 2020 година, работењето на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на вишите јавни обвинителства, на основните јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во 2020 година во предметите е постапувано ажурно и стручно, и покрај недостатокот на кадар.

230 dw.com, „Жежок август за предметите на СЈО – Дали конечно ќе има завршница?" (27 јули 2021) <https://www.dw.com/mk/%D0%B6%D0%B5%D0%B6%D0%BE%D0%BA-%D0%B0%D0%B2%D0%B3%D1%83%D1%81%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%98%D0%BE-%D0%B4%D0%B0%D0%BB%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B5%D1%87%D0%BD%D0%BE-%D1%9C%D0%B5-%D0%B8%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0/a-58577949> пристапено на 9 септември 2021.

231 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'" (n 16).

232 Придонес од Коалицијата „Сите за правично судење", за овој извештај во сенка.

Сепак, за зголемување на ефикасноста на судството и на јавното обвинителство неоспорно се потребни повеќе финансиски средства што ќе бидат доделени на судовите и на обвинителствата, зголемување на човечките ресурси, подобрување на опремата и обезбедување на просторни услови, пред сè на некои јавни обвинителства, кои сè уште функционираат во судските згради. Во оваа насока потребна е добра процена за потребите за човечки ресурси во судовите и јавните обвинителства и целосна имплементација на стратегиите за човечки ресурси.

Потребно е обезбедување на соодветни просторни услови и на Управниот суд, како и негово кадровско екипирање, со оглед на фактот што со новиот Закон за управни спорови, што ќе се применува од мај 2020 година, се предвидуваат поголеми обврски за Управното судство. Односно, Управниот суд ќе биде на рамниште како и другите судови со водење на јавна расправа пред истиот.

Се очекува дека дигитализацијата и целосната имплементација на планот за дигитализација во судството и процесот на интероперабилност ќе придонесе за поголема ефикасност, како на судството, така и на јавното обвинителство. Потребно е набавка на компјутери и опрема, не само на судовите, доколку повеќе и во јавните обвинителства. Процесот на дигитализација ќе придонесе и кон полесно пребарување на интернет-страницата на судовите и ќе ја зголеми транспарентноста и отвореноста. Исто така, ќе обезбеди и е-услуги за граѓаните.

Потребно е и искористување на ресурсите од поранешното Специјално јавно обвинителство, поточно обучениот стручен кадар за работа со дигитални алатки, како и користење на најновата опрема од СЈО, која не се користи веќе две години.

Во однос на ефикасноста на кривичните постапки се забележува дека главната расправа за случаите „Титаник“, „Топлик“, „Талир“ и „Тендери“ ќе почне одново, поради промена на судечкиот совет. Во оваа насока, експертите предлагаат да се разгледаат повеќе опции во однос на промената на судиите-поротници, како и судовите да направат план за приоретизирање на предметите, односно уште при приемот на предметот да се земе предвид кога застарува предметот, обемот на доказен материјал и бројот на обвинети. ”

# 2. Борба против корупцијата

Во последниот извештај на Транспаренси Интернешнал за индексот за перцепција на корупцијата за 2020 година, Република Северна Македонија,[233] заедно со Босна и Херцеговина, се најниско рангирани во споредба со другите земји од Западен Балкан. Република Северна Македонија се најде на 111-тото место, за разлика од претходната година, кога беше на 106-тото место,[234] а во индексот за перцепција на корупцијата за 2018 година беше на 93-тото место.[235]

Покрај напорите за зајакнување на правната и институционалната рамка за борба против корупцијата, перцепцијата за постоење корупција за Република Северна Македонија е на високо ниво и сè повеќе се зголемува со текот на годините. Сепак, Владата на РСМ изрази посветеност да работи на реформските процеси што се однесуваат на борба против корупцијата. Така, во септември 2020 година по првпат е именуван заменик претседател на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржливиот развој и човечките ресурси, со широк мандат на дејствување.[236] Реформските процеси што се однесуваат на борба против корупцијата е еден од главните приоритети на „Акција 21 – европски стандарди дома“.[237] Имено, во март 2021 година Владата го усвои Планот за борба против корупцијата[238], што е подготвен врз основа на препораки и предлози од надлежни институции, невладини организации, независни тела, како и согласно укажувањата на релевантните домашни и странски извештаи и содржи нови начини и соодветни механизми за спречување и искоренување на корупцијата. Овој план има цел да се зајакнат капацитетите и се воспоставува синхронизиран систем за ефикасна функционалност на институциите. Меѓу другото, во планот[239] е предвидена зголемена употреба на Националната платформа за интероперабилност за потребите на надлежните органи за борба против корупцијата и меѓуинституционална соработка на седум институции[240] надлежни за борба против корупцијата со кабинетот на претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржливиот развој и човечките ресурси, како и меѓу самите нив. Како резултат на заложбите на Владата на РСМ и Министерството за информатичко општество и администрација се донесе антикорупциска програма со акциски план.[241]

233 Transparency International, "Corruption Perception Index 2020" (2021) <https://www.transparency.org/en/cpi/2020/index/mkd> пристапено на 9 септември 2021.

234 Transparency International, "2019 Corruption Perceptions Index" <https://www.transparency.org/cpi2019#report>.

235 Transparency International, "2018 Corruption Perceptions Index" (Transparency International, 29 јануари 2019) <https://www.transparency.org/news/pressrelease/corruption_perceptions_index_2018>.

236 Влада на Р. Северна Македонија, „Заменик на претседателот на владата за борба против корупцијата и криминал, одржлив развој и човечки ресурси“ <https://vlada.mk/minister/LjupchoNikolovski>.

237 Влада на Р. Северна Македонија, „Владата на Република Северна Македонија е цврсто решена да ја промени сликата и перцепцијата во борбата против корупцијата, тоа е еден од главните приоритети на владината 'Акција 21 – европски стандарди дома'“ (28 јануари 2021) <https://vlada.mk/node/24047?ln=mk>.

238 Влада на Р. Северна Македонија, „Од 50. седница на Владата: Усвоен планот за борба против корупцијата; усвоен здравствениот протокол за непречено спроведување на пописот; одобрен предлог-законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк“ (2 март 2021) <https://vlada.mk/node/24418>.

239 Влада на Р. Северна Македонија, „'Акција 21' план за борба против корупција“ (март 2021) 21.

240 Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Интелектуален совет, Финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање, Управа за јавни приходи, Царинска управа.

241 Министерство за информатичко општество и администрација, „Антикорупциската програма со Акциски план“ (март 2021) <https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/antikorupciska_programa_-_05.05.2021.pdf>.

# Институционална рамка

## ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Со донесувањето на новиот Закон за спречување корупција и судир на интереси беше избран новиот состав на ДКСК и таа почна со работа во февруари 2019 година. Новиот Закон за спречување корупција и судир на интереси ги зголеми и ги зајакна надлежностите на ДКСК и обезбеди поефективни механизми за постапување.

Покрај предизвиците за работа предизвикани од пандемијата со КОВИД-19, четиримесечен период на „вонредна состојба", осуммесечен период на „Техничка влада", година на „предвремени Парламентарни избори – 2020", ДКСК во текот на извештајниот период работеше транспарентно и постапуваше по повеќе случаи врз основа на добиени пријави, како и отвори повеќе случаи по сопствена иницијатива.

Имено, ДКСК во текот на 2020 година[242] прими 550 пријави од граѓани со сомневања за постоење на коруптивно однесување, злоупотреба на јавната функција, постоење судир на интереси и оформи 102 предмета по сопствена иницијатива. Од областа на корупцијата донесе одлуки по 378 предмети, од областа судир на интереси донесе одлуки 157 предмети, за непочитување на забраните во текот на изборен процес одлучи за сите 33 пријави, од областа проверка на податоците од анкетните листи одлучи по 38 пријави.[243] Во 2020 година, одлуките на ДКСК главно се поврзани со работата на извршните органи на централно и на локално ниво (134 одлуки), судството (80) и образованието (72). Во просек, потребно било десет месеци за да се затвори предмет и да се донесе одлука.[244] Во втората половина на 2020 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела 263 одлуки од кои во 88, или 33%, постапувала по предмети поврзани со вработувањето или постапки поврзани со работни односи. Комисијата во четири случаи, поврзани со вработувањата или работните односи, потврдила дека има повреда на законот. Половина од водените постапки се поведени по иницијатива на познат подносител (51%). По иницијатива на непознат/анонимен подносител се поведени 40%, додека, пак, само 2% се поведени по сопствена иницијатива на ДКСК.[245]

По сопствена иницијатива, ДКСК отвори случаи и за високи државни функционери. Во текот на извештајниот период дојде до отворање истраги и поведување на судски постапки за актуелни високи државни функционери. По сопствена иницијатива, ДКСК отвори случај за Рашковски.[246] Во декември 2020 година Собранието ја избра Павлина Црвенковска како нов член на Судскиот совет од редот на истакнати правници.[247] Во мај 2021 година, непосредно по изборот на новата претседателка на Судскиот совет, ДКСК отвори предмет за неа.[248] ДКСК отвори случај и за владините хонорари[249] и исто така случај за градоначалникот на Скопје за судир на интереси со склучување договор со неговото адвокатско друштво, кој подоцна беше затворен.[250]

242 Државна комисија за спречување на корупција, „Годишен извештај за работата на ДКСК за 2020 година" (март 2021) <https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/04/%D0%93%D0%98-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB.pdf> пристапено на 9 септември 2021.

243 Ibid.

244 Миша Поповиќ, „Извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција за 2020 година" (2021) <http://www.antikorupcija.mk/uploads/records/file/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0%20DKSK%20-%20KOR2%20(1).pdf> пристапено на 9 септември 2021.

245 Мартина Илиевска, „Анализа на одлуките на ДКСК за постапки за вработување во втората половина на 2020 година" (2021) <http://www.antikorupcija.mk/uploads/records/file/A%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%BA%D1%81%D0%BA%20KOR-2.pdf>.

246 Фотиновска (n 95).

247 Судски совет на Република Северна Македонија, „Судски совет на Република Северна Македонија – Претседател" (n 37).

248 360 степени, „ДКСК отвори предмет за новата претседателка на Судскиот совет" (n 39).

249 press24, „Антикорупциска ќе ги бара имињата на мистериозните хонорарци во Владата" (9 април 2021) <https://press24.mk/antikorupciska-kje-gi-bara-iminjata-na-misterioznite-honorarci-vo-vladata>.

250 Државна комисија за спречување на корупција, „Одлука бр. 09-2034/9" (27 ноември 2020).

Од последниот извештај на ДКСК[251] е наведено дека од анализираните пријави во 2020 година произлегува фактот дека правосудните органи, извршната власт, институциите што одлучуваат во сферата на урбанизмот и општините, се перципирани како области со најголем ризик од корупција, злоупотреба на службена должност и можност за судир на интереси со што се потврдија сферите дефинирани и во Националната стратегија за борба против корупцијата. Најмногу се пријавува за злоупотреба на службена должност при вработувањата, издавањето на разни дозволи решенија (за градење), постоење судир на интереси при донесување на судски одлуки итн.[252]

Со новиот Закон за спречување корупција и судир на интереси на ДКСК ѝ се дава широк фронт на дејствување, но постои опасност од заглавување на работата на ДКСК на помали предмети и предмети што не се во нејзина надлежност, со што би се исцрпиле капацитетот и ресурсите и не би можело да се работи на случаите од висок профил на корупција. Затоа, потребно е да се воспостави механизам за филтрирање на пријавите што не се во надлежност на ДКСК, како и оние за кои рокот е поминат или за кои нема доволно податоци.[253] Потребно е и ДКСК во најголем дел да се фокусира на случаите од висок профил на корупција.[254] Во оваа насока потребно е и ДКСК да отвора повеќе случаи по сопствена иницијатива, бидејќи Комисијата е преплавена од случаи пријавени од граѓани кои на крајот се констатира дека нема корупција.[255]

Во однос на другите надлежности на ДКСК, во текот на 2020 година Комисијата ја ревидираше Националната стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси поради нејзино неусвојување од претходниот парламентарен состав. Таа беше донесена на десетти декември 2020 година од ДКСК и го опфаќа периодот 2021-2025 година.[256] Процесот на подготовка на Стратегијата беше во надлежност на ДКСК. За таа цел, врз основа на претходно спроведена анализа на ризиците од корупција, ДКСК примени широк, инклузивен и транспарентен процес на консултации со учество на претставници од јавниот и од приватниот сектор, медиумите, граѓанските здруженија и фондации, експерти и претставници од релевантни меѓународни организации. Исто така, нацрт-стратегијата беше ставена на увид и коментари на јавноста, со што беше овозможен широк консензус за нејзиниот опфат и за нејзината содржина.[257]

Во текот на 2020 година, ДКСК исто така изврши антикорупциска проверка на седум закони, почна реализација на повеќе проекти поддржани од домашни и од меѓународни организации и се донесоа нови акти за организација и систематизација на работните места во Секретаријатот на ДКСК. Во овој дел во 2020 година беа изработени и усвоени Правилник за внатрешна организација на Секретаријатот на ДКСК и Правилник за систематизација на работните места во Секретаријатот на ДКСК, со што се овозможи организирање на вработените според проширените законски надлежности, но и можност за зголемување на бројот на вработените. Но, и покрај тоа, во текот на 2020 година ДКСК не реализираше нови вработувања, пред сѐ, поради намалените буџетски средства.[258] На почетокот на 2020 година ДКСК го донесе Етичкиот кодекс за претседателот и членовите на ДКСК, како и Насоки за интегритет и етичко однесување за вработените во ДКСК, со кои се утврдуваат принципите, вредностите и нормите за однесување на сите вработени.[259]

---

251 Државна комисија за спречување на корупција, „Годишен извештај за работата на ДКСК за 2020 година“ (n 245).

252 Ibid.

253 Институт за човекови права и Транспаренси Интернешнал Македонија, „Втор квартален извештај септември-ноември 2019 од следењето на работата на Државната комисија за спречување корупција“ (2019) <http://ihr.org.mk/uploads/%D0%A1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B8/%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%94%D0%9A%D0%A1%D0%9A/Vtor_Kvartalen_Izveshtaj.pdf>.

254 „Дијалог за политика ’Реформите во Поглавје 23‘, 17 април 2019 година“ (17 април 2019).

255 Поповиќ (n 247).

256 „Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси (2021-2025) со Акционен план за нејзино спроведување“ (декември 2020) <https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf>.

257 Ibid.

258 Државна комисија за спречување на корупција, „Годишен извештај за работата на ДКСК за 2020 година“ (n 245).

259 Ibid.

Во однос на транспарентноста и отвореноста, во текот на извештајниот период во услови на пандемија, ДКСК транспарентно ги објавуваше сите информации на својата интернет-страница. Нејзините седници (вклучително и дискусиите за предметите) беа јавни, ДКСК овозможи одржување на седниците онлајн за време на пандемија на кои имаа можност да се приклучат и медиумите. Имено, за да се приспособи кон новиот начин на работење во услови на пандемија, ДКСК пристапи кон измена на Деловникот за работа на ДКСК со кој се овозможи одржување седници и колегиуми онлајн и работа од дома на вработените.[260]

Во 2021 година ДКСК доби нови соодветни простории со цел непречено извршување на нивната работа.[261] Сепак, останува проблемот со недоволниот број вработени и ограничените средства за набавка на потребниот софтвер, ограничувачките фактори остануваат нерешени и во текот на извештајниот период и значително влијаат на ефикасното работење на ДКСК.[262] За непречена работа на ДКСК е потребно зголемување на нејзиниот буџет и ресурсите, и покрај тоа што буџетот на ДКСК за 2021 година е поголем од буџетот доделен во 2020 година.[263]

## ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција го отвори случајот „Рекет", каде што е обвинета и поранешната специјална јавна обвинителка за изнуда на пари и злоупотреба на службената положба.[264] Случајот „Рекет" доби своја разрешница во јуни 2020 година, каде што поранешната специјална јавна обвинителка доби казна затвор од седум години за сторено дело злоупотреба на службената положба и овластувањата. Апелациониот суд во Скопје на 21 јули ја потврди оваа пресуда, со што таа стана правосилна.[265]

Во однос на предметите преземени од поранешното СЈО, во 2020 година во записникот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција заведени се четири предмети против вкупно 28 лица на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите по кои е донесена наредба за спроведување истрага за осум лица, обвинителен предлог за едно лице, решение за отфрлање на кривичната пријава за две лица, а за 17 лица се води предистражна постапка.[266]

Во 2019 година останала недовршена истрага за 90 лица, односно во 2020 година се работело на истражни постапки против 98 лица. По завршени истражни постапки поднесени се обвинителни акти за 13 лица, донесени се наредби за запирање на истрага за осум лица, а истрагата е во тек за 77 лица. По подигнати обвиненија, првостепени пресуди се донесени за четири лица, од кои за едно лице врз основа на признание на вина и му е изречена условна осуда, а за три лица изречена е казна затвор. Во однос на правната квалификација на кривичните дела станува збор за перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 од КЗ, злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ и злосторничко здружување од член 394 од КЗ.[267] Првостепена пресуда беше донесена и во „Таргет-Тврдина" и „Трезор", за кои во тек е жалбена постапка пред Апелациониот суд во Скопје. Првостепена пресуда беше донесена и во случајот „Тортура" во јуни 2021 година.[268]

---

260 Ibid.

261 Влада на Р. Северна Македонија, „ЗПВ Николовски, Ивановска и Мирчевски на увид во новите простории на ДКСК: Сите ресурси ги ставаме во служба на реализација на планот за борба против корупција, ДКСК наскоро се вселува во новите простории" (10 март 2021) <https://vlada.mk/node/24514>.

262 Државна комисија за спречување на корупција, „Годишен извештај за работата на ДКСК за 2020 година" (n 245).

263 Државна комисија за спречување на корупција, „Буџет на ДКСК" <https://dksk.mk/%D0%B1%D1%83%D1%9F%D0%B5%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%B4%D0%BA%D1%81%D0%BA/>.

264 European Commission, "Update on the Republic of North Macedonia" (European Commission, 3 февруари 2020) <https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/update-on-the-republic-of-north-macedonia.pdf>.

265 Тамара Дичоска (n 100).

266 Љубомир Јовевски, Јавен обвинител на РСМ (n 219).

267 Ibid.

268 mkd.mk, „Денес Сашо Мијалков ќе ја чуе четвртата пресуда, овој пат за 'Тортура'" (јуни 2021) <https://www.mkd.mk/makedonija/sudstvo/denes-sasho-mijalkov-kje-ja-chue-chetvrtata-presuda-ovoj-pat-za-tortura>.

Во однос на ефикасноста на кривичните постапки по предметите на поранешното СЈО, се забележува дека главната расправа за случаите „Титаник", „Топлик", „Талир" и „Тендери" ќе почне одново, поради промена на Судскиот совет, односно поради престанување на функцијата на судија-поротник. Слабостите на кривичната постапка во овој дел беа укажани и од републичкиот јавен обвинител и од експертската јавност, со давање на конкретни препораки за подобрување.[269] Овој дел е детално елабориран во делот ефикасност на овој извештај.

Генерално, во однос на одржувањето на рочиштата во кривичните постапки, податоците од мониторираните предмети на Коалицијата „Сите за правично судење" за 2020 година[270] покажува дека сè уште постои висок процент на одложени рочишта за главна расправа. Од вкупно 400 мониторирани рочишта за главна расправа во 15 основни судови на територијата на Република Северна Македонија, 55% од рочиштата се одложени.

Со цел унапредување на ефикасноста на кривичната правда, неопходна е сериозна заложба на државата за унапредување на кадровската екипираност, материјалните услови и поголем буџет на судовите и јавните обвинителства. Во оваа насока е потребно[271] обезбедување на соодветен број судии согласно систематизацијата и рамномерното распределување на предметите, со цел оптимално искористување на капацитетите со кои располага судот, што би резултирало со ефикасно и економично водење на постапките. Потребно е унапредување на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција со човечки ресурси и јавнообвинителски кадар, а пред сè со финансиска поддршка од буџетот.[272] Потребно е и преземање на поактивна улога на судот во приоретизирањето на предметите, за да се избегне непотребното одолжување на постапките.[273] Исто така, потребно е и искористување на ресурсите од поранешното Специјално јавно обвинителство, поточно обучениот стручен кадар за работа со дигитални алатки, како и користење на најновата опрема од СЈО, која не се користи веќе две години.[274] Поранешните јавни обвинители од СЈО кои работат на предметите од СЈО, исто како и другите јавни обвинители, немаат доволно стручен кадар.[275]

Законот за кривична постапка[276] предвидува можност за формирање на истражни центри за подрачјето на едно или на повеќе јавни обвинителства со одлука на јавниот обвинител на РСМ. Јавниот обвинител на РСМ донесе одлука за формирање на истражни центри во четири јавни обвинителства: ОЈО Скопје, ОЈО Тетово, ОЈО Куманово и ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Скопје.[277] На седми февруари 2020 година, јавниот обвинител на Република Северна Македонија донесе Правилник за организација и начин

---

269 Според Републичкиот јавен обвинител, „случаите на враќање на почеток на повеќе предмети е слабост на Законот за кривична постапка. Тој предлага да се разгледаат други решенија за да се надмине овој проблем. Јовески смета дека кога ќе дојде до промена во составот на судечкиот совет, наместо да се враќа предметот на почеток, треба да се даде време на новиот член да ги разгледа предметите. Или, пак, да се даде соодветна можност на судијата-поротник да постапува по тој предмет сè до завршување на предметот без разлика што наполнил определена возраст. Според обвинителот, враќањето на дел од предметите на СЈО значително ќе го пролонгира времето до изрекување на пресуда, но очекува Основниот кривичен суд во Скопје да им даде приоритет на овие предмет". Одолжувањето на постапките предизвика реакции и кај стручната јавност и беа предложени можни позитивни придвижувања за решавање на овој проблем. Во оваа насока треба да се разгледаат повеќе опции, односно можноста за продолжување на мандатот на судијата-поротник по барање на претседателот на судечкиот совет или нов член на советот да биде запознаен со доказите надвор од главна расправа што би овозможило да се смета дека тој дел од доказите се изведени. Исто така, потребен е и добар план за работа и приоретизирање на предметите, односно уште при приемот на предметот да се земе предвид кога застарува предметот, обем на доказен материјал и број на обвинети. Треба да се земе предвид и возраста на судиите поротници, односно дека предметот може да се заврши пред да истече мандатот на судијата-поротник или пред тој или таа да се пензионира. Поставување на резервни судии-поротници кои постојано би биле присутни на главна расправа со цел да се елиминира можноста судењата да почнуваат одново.

270 Придонес од Коалицијата „Сите за правично судење", за овој извештај во сенка.

271 Натали Петровска, Сибел Амет и Жарко Хаџи-Зафиров, „Ефикасна кривична правда: Преглед на предметите иницирани од СЈО" (2020).

272 Ibid.

273 „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'" (n 16).

274 Ibid.

275 Ibid.

276 „Службен весник на РМ", бр. 150 од 18.11.2010 година; Закон за кривична постапка.

277 Блупринт група за правосудство (n 115).

на работа во истражните центри.[278] Сепак, иако само четири обвинителства имаат истражни центри и иако се оперативни, истражните центри ги немаат потребните капацитети, не се екипирани, ниту, пак, дигитализирани. Владата објави соопштение во кое најавува дека, меѓу другото, во следниот период ќе се работи континуирано на екипирање и дигитализација на истражните центри во Јавното обвинителство, што ќе придонесе во борбата против корупцијата и криминалот преку брзо решавање на предметите.[279]

Реакции во јавноста имаше и во однос на бонусите за доверливост делени на јавните обвинители и персоналот вработен во СЈО. Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција поведе истражна постапка во однос на можните злоупотреби при делење на овие бонуси.[280] На барање на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на тема „Плати и додатоци на плати и други надоместоци во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите"[281]. Извршената ревизија се однесува на периодот 2015-2019 година. Во ревизорскиот извештај се нотира дека додатоците на плата за 2015 година, што се предвидени за јавниот обвинител и јавните обвинители во ова обвинителство, го надминуваат износот на исплатените средства за основната плата по лице. Од извршената ревизија е утврдено дека остварувањето на правото на плата, освен додатоците на плата за 2015 година, остварувањето на правото на додатоците на плата, точноста на пресметката, евидентирањето и исплатата се во согласност, во сите материјални аспекти, со релевантната законска регулатива и интерните акти. За разлика од тоа, остварувањето на правото на другите надоместоци, точноста на пресметката, евидентирањето и исплатата не се во согласност, во сите материјални аспекти, со релевантната законска регулатива и интерните акти.[282]

278 Придонес од Министерството за правда кон овој извештај во сенка.

279 Влада на Р. Северна Македонија, „Владата на Република Северна Македонија е цврсто решена да ја промени сликата и перцепцијата во борбата против корупцијата, тоа е еден од главните приоритети на владината 'Акција 21 – европски стандарди дома'" (n 240).

280 Правдико, „Јовески: За доверливост двапати се делеле надоместоци во СЈО" (28 ноември 2019) <https://www.pravdiko.mk/joveski-za-doverlivost-dvapati-se-delele-nadomestotsi-vo-sjo/>.

281 Државен завод за ревизија, „Извршена е ревизија на Специјалното јавно обвинителство за периодот 2015-2019 година на тема 'Плати и додатоци на плати и други надоместоци'" (29 септември 2020) <https://dzr.mk/mk/200929-izvrshena-e-revizija-na-specijalnoto-javno-obvinitelstvo-za-periodot-2015-2019-godina-na>.

282 Ibid.

# Правна рамка

Со цел ефикасна борба против корупцијата беше донесен новиот Закон за спречување корупција и судир на интереси.[283] Со него се регулираат и двете области – корупцијата и судирот на интереси, а меѓу другото, се воведуваат и промени во постапката за избор на претседател и членови, во статусот и нивните плати, како и во престанокот на функцијата и разрешување на членовите, а има измени во однос на пријавување на имотната состојба и интересите и обврските кај административните, судските и јавните службеници. Се зголемуваат надлежностите на Комисијата, при што таа сега води постапка за контрола на финансирањето на политичките партии и ја следи законитоста на финансирањето на изборни кампањи.[284] Со новиот закон се воведува ексклузивна надлежност на ДКСК во делот на испитување на имотната состојба на избрани и именувани лица што е во насока на исполнување на една од препораките дадени од ГРЕКО во четвртиот круг на евалуација.[285] Исто така беше донесен и нов Закон за Јавно обвинителство.[286]

На 22 декември 2020 година, предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик е објавен на електронскиот национален регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР) за писмени мислења, забелешки и сугестии од засегнатите страни. Главната причина за почнување на процесот на менување на Кривичниот законик е потребата за усогласување на одредбите со меѓународните стандарди во одредени области, пред сè – Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство, позната како Истанбулска конвенција и практиката на Европскиот суд за човекови права, како и намерата за отстранување на лоцираните слабости од практиката. Во меѓувреме, на 15 декември 2020 година е формирана нова работна група за подготовка на нов кривичен законик.[287] Во однос на Законот за кривичната постапка, иако во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година[288] се предвидени измени и дополнувања на Законот, се пристапи кон подготовка на нов закон за кривична постапка. Работната група беше формирана во ноември 2017 година, додека кон крајот на 2020 година новиот министер за правда ја почна постапката за формирање на нова работна група за работа на досега утврдениот текст на предлог-законот за кривичната постапка во кој се вклучени претставници од релевантни институции, судии, јавни обвинители и академска заедница и претставници од Блупринт групата за реформи во правосудството.[289] Потребно е да се разработат одредбите за конфискација и постапката за конфискација, како и согласување на терминологијата како во Кривичниот законик, така и во Законот за кривичната постапка.[290]

283 Закон за спречување на корупцијата и судир на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 12, 19 јануари 2019 година).

284 Ibid.

285 „Дијалог за политика 'Реформите во Поглавје 23', 17 април 2019 година“ (n 257).

286 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 42/2020; Закон за Јавно обвинителство (n 114).

287 Хаџи-Зафиров и др. (n 11).

288 Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план 2017.

289 Хаџи-Зафиров и др. (n 11).

290 Натали Петровска и Дарко Аврамовски, „Практичната примена на мерката конфискација во кривичните постапки во Република Северна Македонија“ (2021).

Се почна со подготовката на Законот за потекло на имот што ќе биде во служба на детектирање и конфискација на нелегално стекнатиот имот и имотот со недокажано потекло, а со насока на заштита на државните интереси.[291] Овој нацрт предлог-закон ќе биде испратен на мислење до Венецијанската комисија.[292]

Во текот на извештајниот период ДКСК работеше транспарентно и постапуваше по повеќе случаи врз основа на добиени пријави, како и отвори повеќе случаи по сопствена иницијатива. Во однос на транспарентноста и отвореноста, во текот на извештајниот период во услови на пандемија, ДКСК транспарентно ги објавуваше сите информации на својата интернет-страница. Нејзините седници (вклучително и дискусиите за предметите) беа јавни, ДКСК овозможи одржување на седниците онлајн за време на пандемија на кои имаа можност да се приклучат и медиумите.

Во 2021 година ДКСК доби нови соодветни простории со цел непречено извршување на нивната работа. Сепак, потребно е зголемување на буџетот, како и соодветна кадровска и техничка екипираност на Комисијата.

Со цел унапредување на ефикасноста на кривичната правда, неопходна е сериозна заложба на државата за унапредување на кадровската екипираност, материјалните услови и поголем буџет на судовите и јавните обвинителства. Исто така, потребно е и искористување на ресурсите од поранешното Специјално јавно обвинителство, поточно обучениот стручен кадар за работа со дигитални алатки, како и користење на најновата опрема од СЈО, која не се користи веќе две години.

Со цел да се унапреди борбата против корупцијата потребно е целосно да се имплементира планот за борба против корупцијата, како и Национална стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси.

Се очекува во следниот период да бидат донесени новиот Закон за кривична постапка, Кривичниот законик, како и Законот за потекло на имот усогласен со мислењето на Венецијанската комисија.

291 „ДКСК соопштение" (26 јули 2021) <https://dksk.mk/%D1%81%D0%BE%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-3/>.

292 dw.com, „Ќе се конфискува имот вреден над 30 илјади евра без доказ за потекло" (22 септември 2021) <https://www.dw.com/mk/%D1%9C%D0%B5-%D1%81%D0%B5-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%84%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D0%B8%D0%BC%D0%BE%D1%82-%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0%BD-%D0%BD%D0%B0%D0%B4-30-%D0%B8%D0%BB%D1%98%D0%B0%D0%B4%D0%B8-%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%B0-%D0%B1%D0%B5%D0%B7-%D0%B4%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%B7-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%BB%D0%BE/a-59263535>.

# 3. Фундаментални права

# Судската практика на Европскиот суд за човекови права

Во текот на 2020 година, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) прими 300 апликации против Република Северна Македонија. Од вкупно примените, 277 апликации се прогласени за недопуштени или исфрлени. Во однос на другите апликации, донесени се 14 пресуди за 23 случаи во кои е утврдено најмалку една повреда на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП).[293]

Во извештајниот период, од забележителните пресуди може да се истакне случајот на Бошкоски против Северна Македонија. Имено, ЕСЧП утврди дека на Љубе Бошкоски му било повредено правото на правично судење во однос на член 6 од ЕКЧП со кој се предвидува правото на правична судска постапка. Со пресудата, ЕСЧП ѝ наложи на Северна Македонија да исплати 4.500 евра за нематеријална штета и 1.220 евра за трошоци и расходи.[294] Во друг случај процесиран од ЕСЧП, Владата на Северна Македонија ќе плати по 12.000 евра отштета на две ромски семејства поради двајца Роми кои починаа во сомнителни околности во затворите во Идризово[295] и Штип[296] во 2017 година. Одлуката е донесена врз основа на спогодба помеѓу државата и тужителите.

На 25.09.2020 година ЕСЧП до Владата на РСМ ги достави апликациите на Никола Груевски, Гордана Јанкулоска, Миле Јанакиески, Сашо Мијалков и други кои се повикуваат на укинатата аболиција на тогашниот претседател на државата.[297] Владата на седница одржана на 15 декември 2020 година[298] ја усвои информацијата дека нема да се спогодува за овие апликации. Во оваа насока, Владата до јуни 2021 година треба да образложи дали повлечената аболиција е правно издржана.

Врз основа на повреда на правото на изразување, Судот во Стразбур пресуди во корист на новинарот Никола Гелевски и ѝ наложи на државата да плати 3.000 евра отштета.[299] Во пресудата се тврди дека Владата признала дека имало одредено мешање во слободата на изразување, но тоа било со цел да се заштити угледот на другите додека Судот забележува дека тој не бил насочен кон приватните активности на тужителот и дека пресудата изречена против новинарот од страна на нашите судови може да има „ефект на одвраќање од политичка дебата за важни прашања помеѓу членовите на медиумите“.[300]

---

293 Европски суд за човекови права [European Court of Human Rights], „Медиуми, профил на земјата – Република Северна Македонија“ [Press Country Profile – The Republic of North Macedonia] (2021) <https://echr.coe.int/Documents/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG.pdf> пристапено на 19 април 2021.

294 Европски суд за човекови права, „Случај Бошкоски против Северна Македонија“ <http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/08/БОШКОСКИ-против-СЕВЕРНА-МАКЕДОНИЈА.pdf> пристапено на 19 април 2021.

295 Европски суд за човекови права [European Court of Human Rights], „Одлука – Апликација бр. 59492/18, Мизафер Јусинова против Северна Македонија“ [Decision – Application No. 59492/18, Mizafer JUSINOVA against North Macedonia] <https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"appno":["59492/18"],"itemid":["001-208156"]}> пристапено на 19 април 2021.

296 Европски суд за човекови права [European Court of Human Rights], „Одлука – Апликација бр. 30415/18, Нехру Реџепов и Џемиле Реџепова против Северна Македонија“ [Decision – Application No. 30415/18 Nehru Redjepov and Djemile Redjepova against North Macedonia] <https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"itemid":["001-208155"]}> пристапено на 19 април 2021.

297 Алсат М ,360 степени, „Груевски, Мијалков, Јанкулоска, Јанакиески... меѓу ексфункционерите кои во Стразбур се повикуваат на аболицијата“ (5 октомври 2021) <https://360stepeni.mk/gruevski-mijalkov-jankuloska-janakieski-megu-eksfunktsionerite-koi-vo-strazbur-se-povikuvaat-na-abolitsijata/> пристапено на 19 април 2021.

298 Влада на Р. Северна Македонија, „Од 30. седница на Владата: Донесени дополнителни рестриктивни мерки во периодот од 18 декември до 20 јануари; Транспортот на дел од вакцините против КОВИД-19 ќе се реализира преку УНИЦЕФ“ (15 декември 2020) <https://vlada.mk/node/23565> пристапено на 19 април 2021.

299 Европски суд за човекови права, „Случај Гелевски против Северна Македонија (Апликација бр. 28032/12)“ <https://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/03/CASE-OF-GELEVSKI-v.-NORTH-MACEDONIA.pdf> пристапено на 29 април 2021.

300 Ibid.

# Народен правобранител

Три недели пред истекот на мандатот на Народниот правобранител, на 22. седница на Собранието на РСМ, одржана на 26.11.2020 година, пратениците ја изгласаа одлуката за распишување оглас за избор на Народен правобранител.[301] Одлуката беше објавена во „Службен весник"[302] и во три печатени медиуми, што наиде на критики од страна на граѓанските организации. Имено, Мрежата за заштита од дискриминација ја искритикува оваа постапка „како тенденциозна со цел што помала информираност на јавноста, а со тоа и на потенцијалните заинтересирани кандидати за пријавување по огласот".[303] Дополнително, огласот не бил објавен на интернет-страницата на Собранието во делот на „огласи", а исто така и медиумите не биле писмено известени со што би се зголемила видливоста на огласот.[304] Предлогот за Народен правобранител беше утврден од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на 11 јануари 2021 година.[305] Вкупно четири кандидати беа разгледани пред Комисијата, но јавноста не беше запознаена со нивните биографии додека општиот впечаток беше дека изборот беше нетранспарентен. На 32. седница на Собранието на РСМ, одржана на 25.01.2021 година, за Народен правобранител со 61 пратеник, од кои 26 пратеници што не се од мнозинството, беше избран Насер Зибери. Избраниот кандидат претходно 20 години работел како нотар додека првично пошироката јавност се запознава со неговото име кога бил назначен за министер за труд и социјална политика во периодот 1996-1998.[306] Насер Зибери исто така беше кандидат на владејачката партија на ДУИ за премиерската позиција на парламентарните избори одржани во 2020 година.

Новиот Народен правобранител Насер Зибери ја предложи Васка Бајрамовска Мустафа како заменик на Народниот правобранител со мандат од осум години. Васка Бајрамовска Мустафа претходно ја извршуваше истата функција од 2013 година. За другите заменици на Народниот правобранител беа предложени нови имиња. Следствено, беа предложени „за заменик на Народниот правобранител во Куманово е предложен Азмин Шерифи, а за заменик во Тетово предлог на Зибери е Сашо Перовски. Лилјана Кирова, пак, треба да биде заменик на Народниот правобранител во Штип, додека, пак, Ванчо Велков треба да биде заменик на Народниот правобранител во Струмица. Сите тие се дипломирани правници".[307]

Во 2020 година, најголем дел од претставките поднесени до Народниот правобранител се однесуваат на правосудството, односно во областа на работата на извршителите. Дополнително загрижуваат проблемите на граѓаните во поглед на неисплатата на плати и надоместоци, исклучување на електрична енергија, што ги спречува децата да следат онлајн-настава, а исто така социјално ранливите граѓани за време на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 се соочуваат со низа предизвици со остварување на правата од социјалната

301 Собрание на Република Северна Македонија, „Предлог-одлука за распишување оглас за избор на Народен правобранител" (26 ноември 2021) <https://sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=c5455ecc-067d-408e-bb3a-23fd769ad167> пристапено на 20 април 2021.

302 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 285 од 30.11.2020 <https://www.slvesnik.com.mk/Issues/26a4cfeef77748a0adb7c6d1d064d846.pdf> пристапено на 20 април 2021.

303 Радио МОФ, „Мрежа за заштита од дискриминација: Собранието го сокри огласот за Народен правобранител од јавноста" (24 декември 2020) <https://www.radiomof.mk/mrezha-za-zashtita-od-diskriminacija-sobranieto-go-sokri-oglasot-za-naroden-pravobranitel-od-javnosta/> пристапено на 20 април 2021.

304 Ibid.

305 Собрание на Р. Северна Македонија, „Седница бр. 9 на Комисијата за прашања на изборите и именувањата закажана на 11.01.2021 година во 13:00 часот" (1 ноември 2021) <https://www.sobranie.mk/sessiondetailsrabotni.nspx?sessionDetailsId=25375226-884f-4591-a5fc-ee08e167071f&date=11.1.2021> пристапено на 15 октомври 2021.

306 Собрание на Република Северна Македонија, „Предлог на одлуката за избор на Народен правобранител" (25 јануари 2021) <https://sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=9956e741-8df8-44fc-9329-beb5b0231f9d>.

307 Фактор.мк, „Васка Бајрамовска Мустафа уште осум години ќе биде заменик народен правобранител – Зибери ја достави листата со кандидати до Собранието" <https://faktor.mk/vaska-bajramovska-mustafa-ushte-osum-godini-kje-bide-zamenik-naroden-pravobranitel---ziberi-ja-dostavi-listata-so-kandidati-do-sobranieto> пристапено на 1 октомври 2021.

заштита.[308] Главниот проблем, според Народниот правобранител, е „неможноста за остварување на право на гарантирана минимална помош врз основа на трајни промени во здравствената состојба, односно (не)способност за работа, пред сѐ поради нефункционалноста на комисијата која ненавремено ги решаваа предметите на граѓаните".[309]

Истражувањата покажуваат дека помалку од 50 отсто од граѓаните имаат доверба во институцијата Народен правобранител во земјава и во регионот. Покрај другите институции што работат во областа на заштита на човековите права, Народниот правобранител се соочува со недостаток на финансиски средства, човечки ресурси, но и политизација на вработувањата.[310] Дополнително, јавноста преку медиумите беше сведок на внатрешните несогласувања помеѓу вработените и замениците на Народниот правобранител наспроти Народниот правобранител Иџет Мемети. Имено, Народниот правобранител одзел овластувања на друг заменик, а дополнително и пресметувал годишен одмор врз основа на работа од дома за време на пандемијата предизвикана од КОВИД-19.[311] Покрај ова, и други обвинувања беа презентирани во јавноста во кој се наведуваа други злоупотреби на Народниот правобранител во однос на закуп на простор, снабдувачи, вработувања и друго. По анонимна пријава, Државната комисија за спречување корупција ги испита овие наводи и не утврди неправилности во работењето на Народниот правобранител врз основа на што ја запре постапката.[312]

Државната комисија за спречување корупција во декември 2020 година утврди дека заменик на Народниот правобранител во Кичево, кој бил избран во 2019 година, не ги исполнувал условите предвидени за степенот на образование и потребното работно искуство од најмалку седум години во областа на заштита и промоција на човековите права.[313] ДКСК за оваа состојба го известило Собранието на РСМ додека Народниот правобранител Иџет Мемети истакнал дека, иако не ги исполнувал условите, сепак тој лично сметал дека бил добар кандидат.[314] Дополнително, Уставниот суд расправал за оваа состојба по пријава на засегнат граѓанин и утврдил дека Одлуката со која Собранието го избрала кандидатот за заменик на Народниот правобранител во Кичево „не претставуваат акти согласно член 51 од Деловникот на Уставниот суд за кои може да се бара заштита на слободите и правата предвидени во член 110 алинеја 3 од Уставот".[315]

308 Народен правобранител, „Годишен извештај за степенот на обезбедувањето, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права – 2020" (март 2021 година) <http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2020/GI-2020.pdf> пристапено на 21 април 2021.

309 Ibid.

310 Билјана Котевска, „Ефективност на националните институции за човекови права на Западен Балкан – Црна Гора, Северна Македонија, Србија: Извештај за Северна Македонија" [Effectiveness of National Human Rights Institutions in the Western Balkans – Montenegro, North Macedonia, Serbia: Country Report on North Macedonia] (Civil Rights Defenders 2019) <https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2019/12/Effectiveness-of-National-Human-Rights-Institutions-in-the-Western-Balkans.pdf>.

311 СДК.мк, „Војна кај Народниот правобранител – замениците го обвинуваат омбудсманот Мемети за деспотизам, тој вели 5 месеци не доаѓаат на работа" (21 август 2020) <https://sdk.mk/index.php/makedonija/vojna-kaj-narodniot-pravobranitel-zamenitsite-go-obvinuvaat-ombudsmanot-memeti-za-despotizam-toj-veli-5-mesetsi-ne-doagaat-na-rabota/> пристапено на 21 април 2021.

312 Државна комисија за спречување на корупција, „Одлука бр. 12-465/5 од 15.04.2021" <https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/04/2021-465-5-v.v.-12-3210-2020.pdf> пристапено на 21 април 2021.

313 Државна комисија за спречување на корупција, „Одлука бр. 12-88/10 од 22.10.2020" <https://old.dksk.mk/fileadmin/user_upload/2020/odluki/2020-88-10.pdf> пристапено на 20 април 2021.

314 Фокус.мк, „Антикорупциска утврди дека Иџет Мемети предложил заменик кој не ги исполнувал условите од редовите на 'рамковните'" (28 октомври 2020) <https://fokus.mk/antikoruptsiska-utvrdi-deka-idhet-memeti-predlozhil-zamenik-koj-ne-gi-ispolnuval-uslovite-od-redovite-na-ramkovnite/>.

315 Уставен суд на Република Северна Македонија, „Решение У. бр. 32/2020" <http://ustavensud.mk/?p=19911> пристапено на 20 април 2021.

# Тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување

Во текот на 2020 година, Народниот правобранител постапувал по 21 претставка (шест по допрен глас) во однос на тортура, нехумано и нечовечко постапување од страна на полициски службеници и припадници на затворската полиција.[316] Од овие предмети, вкупно 14 се однесуваат на полициски службени лица, додека седум се однесуваат на припадници на затворската полиција.[317] При постапувањето, Народниот правобранител доставил десет барања за покренување постапка за утврдување на кривична одговорност, од кои осум се однесуваат на припадници на полицијата, додека две се однесуваат на припадници на затворската полиција.

Хелсиншкиот комитет за човекови права за периодот јануари-октомври 2020 година забележал 27 претставки на граѓани до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во однос на примена на сила од страна на полициски службеници. Од вкупниот број претставки, десет биле отфрлени како неосновани, за две се покренати кривични пријави, додека за 15 претставки е забележано дека не содржат докази за примена на сила.[318]

Како истакнат случај за нечовечко постапување, во септември 2020 година, во јавноста беше објавена видеоснимка на која полициски службеници претепуваат тројца граѓани од ромска етничка припадност. Настанот се случил на 22 септември во Битола, откако тројцата граѓани направиле сообраќајна несреќа во градот. Лицата се здобиле со пукната аркада, внатрешно крвавење и други телесни повреди.[319] Против еден полицаец е поднесена кривична пријава за неоснована употреба на физичка сила, а уште еден полицаец, кој бил вмешан во настанот, е суспендиран.[320] Неколку недели по овој случај, повторно припадници на полицијата во Битола во полициски комбе претепале мајка и син од ромска етничка припадност, што може да е засновано на реваншизам за санкциите добиени од страна на нивните полициски колеги. Мајката веднаш била пренесена со возило на итна помош, а бидејќи е болна од астма, таа се нашла во загрижувачка животна ситуација.[321]

316 Народен правобранител (n 311).

317 Ibid.

318 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Кривични дела поврзани со тортура, нехумано и нечовечко постапување сторени од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција за период јануари 2019 – октомври 2020 година". <https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/mk.pdf> пристапено на 2и април 2021.

319 Слободен печат, „Полициска бруталност на дело: тројца полицајци претепаа Роми во Битола" (24 септември 2020) <https://www.slobodenpecat.mk/policziska-brutalnost-na-delo-trojcza-policzijaczi-pretepaa-romi-vo-bitola-video/>.

320 a1on.mk, „Спасовски: Кривична пријава и суспензии за полицајци по претепувањето во Битола" (25 септември 2020) <https://a1on.mk/uncategorized/spasovski-krivichna-prijava-i-suspenzija-za-policaecot-od-bitola-koj-napadna-rom-suspendiran-ushte-eden-policaec/>.

321 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Хелсиншки и Аваја реагираат на нов случај на полициска бруталност кон Роми во Битола" (21 октомври 2020) <https://mhc.org.mk/media/helsinshki-i-avaja-reagiraat-na-nov-sluchaj-na-policziska-brutalnost-kon-romi-vo-bitola/> пристапено на 22 април 2021.

# Затвори и притвори

Владата на седница одржана на осми април 2020 година донесе Уредба со законска сила за примената на Законот за извршување на санкциите за време на вонредна состојба.[322] Со оваа уредба издавањето на упатните акти за извршување на санкциите за изречена казна затвор до три години се одложи до први септември 2020 година, освен за предметите каде што постои опасност за застарување на казната. Сепак, пандемијата предизвикана од КОВИД-19 не ги одмина и казнено-поправните установи во земјата. Во извештајниот период притворени и осудени лица, како и вработени во затворите, беа заболени од КОВИД-19, додека од вирусот починаа двајца затвореници.[323] Врз основа на ова, затворениците беа ставени во приоритетната листа за вакцинирање.[324] Дополнително, работна група содржана од правосудниот сектор, Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство, разговарале за потенцијални решенија за намалување на бројот на притворените и затворените лица, а со цел спречување на ширење на вирусот во казнено-поправните установи. Работната група планира стопирање на дел од решенијата за упатување, но и условен отпуст на оние затвореници кои скоро ја одлежале својата казна.[325]

Вкупно 18,2 милиони евра државата троши во областа на затворскиот систем. Половина од овие пари се наменуваат за затворската полиција и вработените во затворите, додека 18% од вкупната сума се насочува кон подобрување на условите на затворите. Во 2020 година биле затворени 1.901 затвореник, што претставува исполнетост на 89% од вкупниот сместувачки капацитет на затворите.[326]

Комитетот за спречување тортура на Советот на Европа во извештајот од јули 2021 година тврди дека работењето на затворите е нетранспарентно, а се нотира и политичкото влијание врз изборот на раководните лица, наместо способноста за извршување на оваа комплексна задача. Дополнително, во извештајот се нагласува дека се „исполнети долгогодишните препораки од Комитетот за професионално управување со затворскиот систем што се состои од јасна хиерархија помеѓу администрацијата на затворот и директорите на затворите, јасен тек за управување и воспоставување одржлив систем за обука на персоналот, како и донесување на јасни антикорупциски мерки, кои, како што се наведува се со 'срамежлив' развој".[327]

Во поглед на генералната состојба на затворите, повторно како и во минатото, се нотира фактот дека здравствената заштита на затворениците не е на потребното ниво. Народниот правобранител го заснова ова тврдење на „недостигот на редовно вработен медицински персонал, недостиг на соодветна медицинска опрема, апаратура и медикаменти, а неретко проблем се јавува и во спроведувањето на осудените и притворените лица на специјализирани медицински прегледи во соодветни здравствени установи".[328] Имено,

322 Уредба со законска сила за примената на Законот за извршување на санкциите за време на вонредна состојба („Службен весник", бр. 95/20).

323 Сител, „Сведоштво од затворениците во Шутка: Владее страв и паника по вториот смртен случај" (15 април 2020) <https://sitel.com.mk/svedoshtvo-od-zatvorenicite-vo-shutka-vladee-strav-i-panika-po-vtoriot-smrten-sluchaj> пристапено на 22 април 2021.

324 Влада на Р. Северна Македонија, „Филипче: Имунизацијата ја почнуваме со вакцината Синофарм, медицински работници и сите лица над 70 години со приоритет за вакцинирање" <https://vlada.mk/node/24140> пристапено на 10 септември 2021.

325 Телма, „Надлежните бараат начин за намалување на бројот на затвореници" (5 декември 2020) <https://telma.com.mk/2020/12/05/надлежните-бараат-начин-за-намалува-н/> пристапено на 22 април 2021.

326 21.tv, „9.500 евра за секој затвореник – условите и полицискиот професионализам остануваат главни предизвици" (22 мај 2021) <https://mk.tv21.tv/9-500-evra-za-sekoj-zatvorenik-uslovite-i-politsiskiot-profesionalizam-ostanuvaat-glavni-predizvitsi/> пристапено на 11 август 2021.

327 Слободна Европа, „Затворениците со минимум лекарска грижа" (30 јули 2021) <https://www.slobodnaevropa.mk/a/затворениците-со-минимум-лекарска-грижа/31384525.html>.

328 Народен правобранител (n 311).

најголем број претставки поднесени од страна на осудените и притворените лица се однесуваат на здравствената заштита и здравствениот третман во казнено-поправните установи низ Републиката.[329] Осудените и притворените лица се жалат на нередовно или задоцнето одење на контролни прегледи. Во поглед на пренатрупаноста во казнено-поправните установи, во споредба со 2017 година кога имало 2.500 затвореници, а капацитети за само 2.300, заклучно со мај 2020 година во затворите се сместени околу 1.800 затвореници, што е значително намалување на бројот.[330] Сепак, Народниот правобранител во последниот извештај констатира дека сместувачките услови „не се на потребното ниво и не одговараат на меѓународните стандарди кои треба да се применуваат во поглед на почитување на човековите права".[331] Хелсиншкиот комитет во својот извештај утврдува „влага, мувла и непријатна миризба" во КПД Идризово, додека во КПД Штип „сместувачките капацитети не ги исполнуваат минималните стандарди за големината на просторијата сметано по осудени лица, а дел од просториите не ги исполнуваат стандардите во однос на влажност, осветлување и вентилација".[332] Овие наводи се потврдуваат и со последниот извештај на Европскиот комитет за спречување тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, кој нотира недостиг на персонал, здравствена заштита на затворениците, лоши услови во затворите и недостиг на професионален пристап и слаб менаџмент во поглед на управувањето во сложени ситуации.[333]

Кон крајот на 2020 година се пушти во употреба новата зграда на Воспитно-поправниот дом – Тетово, која е наменета за сместување деца кои од 2015 година беа сместувани во КПУ Затвор Охрид.[334] Сепак, Народниот правобранител нотира дека децата немаат квалитетен образовен процес, бидејќи се одржуваат само привремени часови, а дополнително, децата немаат соодветна здравствена заштита врз основа на фактот што установата има вработено само една медицинска сестра додека лекарски прегледи се вршат само двапати неделно.[335]

329 Ibid.

330 mms.mk, „Дали затворите се вистинска казна само за сиромашните?: Во 'Стадион' се дебатираше за затворскиот систем (видео)" (30 мај 2020) <https://mms.mk/142847/дали-затворите-се-вистинска-казна-сам/?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=%25d0%25b4%25d0%25b0%25d0%25bb%25d0%25b8-%25d0%25b7%25d0%25b0%25d1%2582%25d0%25b2%25d0%25be%25d1%2580%25d0%25b8%25d1%2582%25d0%25b5-%25d1%2581%25d0%25b5-%25d0%25b2%25d0%25b8%25d1%2581%25d1%2582%25d0%25b8%25d0%25bd%25d1%2581%25d0%25ba%25d0%25b0-%25d0%25ba%25d0%25b0%25d0%25b7%25d0%25bd%25d0%25b0-%25d1%2581%25d0%25b0%25d0%25bc> пристапено на 22 април 2021.

331 Народен правобранител (n 311).

332 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Прв извештај за состојбата и условите во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија – 1 август – 1 октомври 2020" <https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/izvestaj-helsinski-popravni-domovi-mk.pdf> пристапено на 22 април 2021.

333 Council of Europe, „Извештај до властите на Северна Македонија за посетата на Северна Македонија од страна на Европскиот комитет за спречување тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КПТ) од 2 до 10 декември 2019 година" [Report to the Authorities of North Macedonia on the Visit to North Macedonia Carried out by the European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (CPT) from 2 to 10 декември 2019] (2021) <https://rm.coe.int/1680a26b8f?fbclid=IwAR32ifHb9q0icAyp_XnwABkr_snbGvaMtgBbDYIHbBgYGek-tQN3mSNSzVw>.

334 Владата на Република Северна Македонија, „Маричиќ од Волковија: Децата-штитеници добиваат нов воспитно поправен дом вреден 4.000.000 евра" (25 ноември 2020) <https://vlada.mk/node/23328> пристапено на 22 април 2021.

335 Народен правобранител (n 311).

# Заштита на лични податоци

Од 24 август 2021 година стапи на сила новиот Закон за заштита на лични податоци што беше донесен во февруари 2021 година со одложена примена. Со примената на овој закон се изврши усогласување со Општата регулатива за заштита на личните податоци 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физички лица во поглед на обработката на лични податоци. Врз основа на усогласување со правото и директивите на ЕУ, потребно е да се донесе закон за транспонирање на Директивата (ЕУ) 2016/680[336], која се однесува на заштита во однос на обработка на лични податоци од надлежни органи заради спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или извршување на кривични казни и за слободно движење на такви податоци, а дополнително, потребно е да се ратификува Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци (CETS, бр. 223[337]).[338] За оваа цел, Агенцијата за заштита на личните податоци подготви работни текстови за закони за транспонирање на Директивата 2016/680 и ратификација на горенаведениот протокол.

Во однос на бројот на претставки, во 2020 година биле поднесени вкупно 418 претставки, од кои 246 претставки (65%) се за злоупотреби на социјалните мрежи, додека другите се за други основи во смисла на обработка на лични податоци преку системи за видеонадзор, објава на избирачки список на ДИК и друго. Во однос злоупотребите на социјалните мрежи, најчесто претставките се однесуваат на лажни профили (116), неовластен упад во профили (73), објавување на туѓи фотографии (29) и друго. Најзастапена социјална мрежа на која се однесуваат претставките е „Фејсбук“, а потоа „Инстаграм“.[339]

Министерството за внатрешни работи објави дека спровеле акција во која обвинети се десет лица, од кои девет вработени во МВР, кои ја злоупотребиле својата службена положба и овластување. Имено, вработените во МВР нелегално издале 215 пасоши на лица со висок ризик преку „употребени податоци за идентитети на лица, кои до сега не побарале и не се стекнале со македонска биометриска патна исправа, а се иселени од земјата или од раѓање живеат во странство, кои немаат остварено влез во земјата, но поседуваат македонско државјанство“.[340]

По компјутерскиот DDOS напад на 15 јули 2020 година врз софтверот за броење на гласовите во сопственост на Државната изборна комисија, Агенцијата за заштита на лични податоци по службена должност на 29 јули 2020 година изврши вонреден надзор за да ја утврди безбедноста на личните што ги обработува ДИК. Следствено, АЗЛП утврдила дека ДИК не го обезбедиле потребното ниво на безбедност преку технички и организациски мерки, не го тестирале софтверот за спроведување на парламентарните избори во 2020 година во поглед на безбедноста на заштита на личните податоци, додека при набавка, ДИК постапиле спротивно на прописите за заштита на личните податоци.[341] Дополнително,

336 EUR Lex, „Директива (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година“ [Directive (EU) 2016/680 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016] <https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32016L0680> пристапено на 23 април 2021.

337 Совет на Европа, „Протокол за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци“ [Protocol Amending the Convention for the Protection of Individuals with Regard to Automatic Processing of Personal Data]“ <https://rm.coe.int/16808ac918> пристапено на 23 април 2021.

338 Агенција за заштита на личните податоци, „Годишен извештај на Агенцијата за заштита на личните податоци 2020“ (2021 година) <https://www.dzlp.mk/sites/default/files/u4/pdf-azlp-godisen_izvestaj_za_2020_mk.pdf> пристапено на 23 април 2021.

339 Ibid.

340 Телма, „Најмалку тројца криминалци ги користеле лажните македонски пасоши и на скопскиот аеродром и Деве Баир“ (13 април 2021) <https://telma.com.mk/2021/04/13/најмалку-тројца-криминалци-ги-корист/> пристапено на 23 април 2021.

341 Агенција за заштита на личните податоци, „Наоди од спроведената супервизија во ДИК“ (4 август 2020) <https://dzlp.mk/mk/content/наоди-од-спроведената-супервизија-во-дик> пристапено на 23 април 2021.

АЗЛП утврдила дека ДИК поставувале документи со лични податоци на платформата „Гугл драјв“ (Google Drive), додека внатрешен процес за чување и управување на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци не бил воспоставен.[342]

АЗЛП поднесе кривична пријава за неовластено објавување список со имиња и адреси на заболени од КОВИД-19 од Куманово, кој се појави на социјалните мрежи.[343] Дополнително, обвинителството во Охрид отвори предмет откако се споделуваа списоци на заболени од Охрид,[344] а исто така беа објавувани списоци и за заразени во Кичево[345] и Струмица[346], додека во Битола беа фотографирани починати пациенти.[347] Ваквото објавување дополнително ги прави граѓаните жртви на вирусот, бидејќи се подложни на потсмев, линч и подбивање доколку нивното име се најде на списокот, особено во помалите населени места.

Финансиската полиција отвори истрага за три обложувалници поради индиции на злоупотреба на личните податоци на граѓаните, откако од ДКСК ја известија јавноста за овој случај. Личните податоци биле злоупотребени за внесување на лажна добивка од игра на среќа во даночната пријава на граѓани што фрла сомнеж за организирано перење пари. Имено, прв ваков случај се појавил кај даночната пријава кај државен функционер кој никогаш не играл ниту добил пари од игра на среќа.[348] Дополнително, поради ваквата злоупотреба на личните податоци, од ДКСК известија дека постојат случаи на губење на социјална помош, крадење на лични податоци, земање кредит.[349]

АЗЛП и Асоцијацијата за е-трговија на Македонија склучија меморандум за соработка што има цел „зајакнување на меѓусебната соработката во обезбедување информации, едукација и поддршка на членовите на Асоцијацијата во усогласување на нивното работење со законските регулативи“. Ова е во насока на зајакнување на свеста на граѓаните за правото на заштита на личните податоци на членовите на асоцијацијата, односно компаниите од е-трговијата.[350]

342 Ibid.

343 Канал 5, „Кривична пријава за објавување списоци со наслов корона вирус – Ковид 19 со лични податоци на социјалните мрежи“ (10 април 2020) <https://kanal5.com.mk/krivichna-prijava-za-objavuvanje-spisoci-so-naslov-korona-virus-kovid-19-so-lichni-podatoci-na-socijalnite-mrezhi/a417326> пристапено на 23 април 2021.

344 dw.com, „Ковид-19 ги 'инфицираше' и социјалните мрежи – кружат списоци и фотографии“ (24 ноември 2020) <https://www.dw.com/mk/ковид-19-ги-инфицираше-и-социјалните-мрежи-кружат-списоци-и-фотографии/a-55715106>.

345 360 степени, „Двојни жртви на корона-кризата: Заболените водат битка и за заштита на личните податоци“ (21 декември 2020) <https://360stepeni.mk/dvojni-zhrtvi-na-korona-krizata-zabolenite-vodat-bitka-i-za-zashtita-na-lichnite-podatotsi/> пристапено на 23 април 2021.

346 24.mk, „Во Струмица објавен список со имиња на одбојкарки како заболени од Ковид-19, клубот бара одговорност“ (16 септември 2020) <https://www.24.mk/details/vo-strumica-objaven-spisok-so-iminja-na-odbojkarki-kako-zaboleni-od-kovid-19-klubot-bara-odgovornost?fbclid=IwAR2BkIwGrwy_-f1SKzeZ6967vhDVPm_F-nl1iJFEHBL5WiHvupJBQCLdCsA>.

347 dw.com, „Ковид-19 ги 'инфицираше' и социјалните мрежи – кружат списоци и фотографии“ (n 47).

348 Алсат.мк, „Финансиската полиција врши истрага во три обложувалници“ (10 април 2021) <https://alsat.mk/mk/finansiskata-politsija-vrshi-istraga-vo-tri-oblozhuvalnitsi/> пристапено на 23 април 2021.

349 Нова ТВ, „ДКСК откри сомнителни трансакции во обложувалници“ (9 април 2021) <https://novatv.mk/dksk-otkri-somnitelni-transaktsii-vo-oblozhuvalnitsi/>.

350 mkd.mk, „Со Меморандум за соработка ќе се крева свеста за правото на заштита на лични податоци“ (31 мај 2021) <https://www.mkd.mk/makedonija/politika/so-memorandum-za-sorabotka-kje-se-kreva-svesta-za-pravoto-na-zashtita-na-lichni> пристапено на 11 август 2021.

ПРЕПОРАКИ:

- Стручната комисија предвидена со Правилникот за остварување на правото за загарантирана помош навремено да ги решава предметите на граѓаните особено во период на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 кога граѓаните се поранливи и се соочуваат со низа предизвици.
- Потребно е Народниот правобранител да ја поврати нарушената доверба на граѓаните во оваа институција преку кампањи, апели и запознавање на граѓаните со надлежностите и работата на Народниот правобранител.
- Министерството за внатрешни работи треба да спроведе обуки за сензибилизирање на полицајците при нивната работа со маргинализирани групи врз основа на фактот што во извештајниот период беа нотирани неколку случаи на неоснована употреба на физичка сила од страна на припадници на полицијата.
- Потребно е да се унапреди областа на обезбедување на здравствена заштита на затворениците во однос на вработување на медицински персонал, набавка на медицинска опрема и медикаменти и овозможување на специјализирани прегледи на затворениците.
- Надлежните власти треба да изготват закон за транспонирање на Директивата (ЕУ) 2016/680 во однос на обработка на лични податоци од надлежни органи заради спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или извршување на кривични казни и за слободно движење на такви податоци и да се ратификува Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци (CETS бр. 223).

# Слобода на мисла, совест и религија

Во Извештајот за верските слободи во Република Македонија за 2020 година на Стејт департментот се нотира дека Основниот суд Скопје 2 не ја спровел одлуката на ЕСЧП од 2017 година со која ѝ се наложува на Северна Македонија да ја регистрира Православната охридска архиепископија и да стекне статус на религиозна група.[351] Дополнително, во извештајот се нотира и нерегистрирањето на Бектешката заедница од Тетово од страна на надлежниот суд.

51 отсто од младите во Северна Македонија се сметаат себеси за религиозни, 34 отсто се сметаат за донекаде религиозни, додека 15 отсто се атеисти. 42 отсто од нив се согласни дека државата ги почитува религиозните права и слободи, додека 36 отсто донекаде се согласуваат со ова мислење.[352] Секој втор гласач во земјата, односно 57,5 отсто, не би гласале за политичар кој има различна религија од себе, додека, генерално, граѓаните се против користењето на верски симболи во политичка кампања.[353]

Исламската селефиска заедница „Дар ал Хадис" беше регистрирана кон крајот на 2020 година на што реагираше Исламската верска заедница, тврдејќи дека е „прекршен Законот за правната положба на црквата, верските заедници и верските групи, а дополнително ја прекршила и правната практика, според која за секое основање верски заедници мислење треба да дадат петте уставни заедници во земјата". Дополнително, од ИВЗ посочуваат дека, согласно законот, не можат да се регистрираат верски заедници со исто име, учења и религиозни практики.[354]

351 Канцеларија за меѓународна религиска слобода при Стејт департмент на САД, „Извештај за меѓународна верска слобода: Северна Македонија 2020" [2020 Report on International Religious Freedom: North Macedonia] (2021) <https://www.state.gov/reports/2020-report-on-international-religious-freedom/north-macedonia/> пристапено на 11 август 2021.

352 Канал 5, „Истражување: 51 Отсто од младите се сметаат за религиозни" <https://kanal5.com.mk/istrazhuvanje-51-otsto-od-mladite-se-smetaat-za-religiozni/a446635> пристапено на 23 април 2021.

353 Сител, „Анкета: Секој втор гласач на избори не би гласал за политичар со религија различна од својата" (30 јули 2020) <https://sitel.com.mk/anketa-sekoj-vtor-glasach-na-izbori-ne-bi-glasal-za-politichar-so-religija-razlichna-od-svojata> пристапено на 23 април 2021.

354 Нова Македонија, „Селефистите регистрирани како нова верска заедница во земјава, ИВЗ реагира" (19 февруари 2021) <https://www.novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/селефистите-регистрирани-како-нова-в/> пристапено на 23 април 2021.

# Слобода на изразување

Република Северна Македонија беше оценета како „делумно слободна" со оценка 63/100 од страна на „Фридом хаус", што е за четири поени повеќе од 2019 година (59/100).[355] Дополнително, земјата се најде на 90-тото место од вкупно 180 земји на Индексот за слобода на печатот креиран од „Репортери без граници", што е подобрување за три места во однос на 2020 година. Сепак, оваа меѓународна организација нотира дека во 2020 година состојбата со медиумите се влошила во земјата, владини претставници продолжиле да се закануваат и да ги навредуваат медиумите, додека кибермалтретирањето и вербалните напади врз новинарите се зголемиле на социјалните мрежи.[356] Во споредба со ова, во Извештајот за состојбите со човековите права на САД за Северна Македонија за 2020 година се констатира дека состојбата со медиумите се подобрува, иако акцент се става и на одговорот на властите на случаи на насилство и заплашувањето на новинарите, што се оценува како бавен и неефикасен.[357]

Врз основа на пандемијата предизвикана од КОВИД-19, работата на медиумските работници беше отежната согласно протоколите за заштита на здравјето. Медиумските работници беа изложени на ризик при остварување на правото на слободата на изразување и правото на информирање. Врз основа на иницијативата на ЗНМ и ССНМ, Министерството на здравство обезбеди вакцини за над 600 новинари и медиумски работници од кои први во редот беа оние со хронични заболувања и новинарите со над 40-годишна возраст.[358]

Извештајот за човекови права на САД констатира дека, иако медиумите во голема мера се поделени на политичка основа, сепак бројот на независни медиуми што активно изразуваат различни ставови без очигледно ограничување продолжи да се зголемува.[359]

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕГИСЛАТИВА/ИНСТИТУЦИИ

Иако Државната комисија за спречување корупција укажа на тоа дека треба да се укинат амандманите на Изборниот законик од 2018 година со кои се овозможува парите на даночните обврзници да се користат за политичка кампања во комерцијалните медиуми, сепак тоа сè уште не е направено.[360] Дополнително, Владата во јуни 2020 година донесе Уредба со законска сила за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување за вработени во медиумите со која се субвенционираат за целиот износ придонесите од „задолжително социјално осигурување за вработените во медиумите кои работеле и известувале за надминување на состојбата со КОВИД-19 за време на вонредната состојба, за јуни, јули и август 2020 година".[361]

355 Freedom House, „Слободата во светот 2020 – Северна Македонија" [Freedom in the World 2020 – North Macedonia] (2020) <https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2020>.

356 Репортери без граници, „Индекс на слобода на печатот во светот – 2021" (2021 година) <https://rsf.org/en/north-macedonia?nl=ok> пристапено на 23 април 2021.

357 Биро за демократија, човекови права и труд [Bureau Of Democracy, Human Rights and Labor, „Извештај за состојбите со човековите права на САД за Северна Македонија за 2021 Година" [North Macedonia 2020 Human Rights Report] (2021) <https://www.state.gov/wp-content/uploads/2021/03/NORTH-MACEDONIA-2020-HUMAN-RIGHTS-REPORT.pdf> пристапено на 23 април 2021.

358 aa.com.mk, „Филипче: „Во среда продолжува вакцинацијата според возрасната група на граѓани" (12 април 2021) <https://www.aa.com.tr/mk/балкан/филипче-во-среда-продолжува-вакцинацијата-според-возрасната-група-на-граѓани-/2206739> пристапено на 29 април 2021.

359 Биро за демократија, човекови права и труд [Bureau Of Democracy, Human Rights and Labor] (n 360).

360 Ibid.

361 Уредба со законска сила за субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во медиумите („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 156/2020).

Новите измени на предлог-законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[362] предвидуваат членовите на Советот на АВМУ и на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија да се избираат со мнозинство од најмалку 61 пратеник, наместо со досегашното двотретинско мнозинство. Изборот на членови на овие тела стагнира веќе неколку години врз основа на фактот што двотретинско мнозинство не можеше да се обезбеди во Собранието. Следствено, ваквите измени претставуваат обид за деблокада на работата на реформите на МРТ и АВМУ.[363] По реакции на јавноста, предлог-измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беа повлечени, а Собранието на петти мај објави оглас за нови членови на советите на Македонската радио-телевизија (МРТ) и на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги (АВМУ).[364]

## ПРИТИСОК ВРЗ НОВИНАРИ

Здружението на новинари на Македонија регистрирало 16 напади[365] врз новинари, што е за трипати повеќе од 2019 година. 14 од нападите се регистрирани како вербални врз основа на закани по животот на новинарите, додека два се регистрирани како физички напади.[366] Измените на Кривичниот законик се во собраниска процедура, откако веќе подолго време новинарите бараат измени што ќе овозможат подобра заштита на новинарите и медиумските работници.[367] Следствено, Министерството за правда изработи измени на Кривичниот законик, кој ги предвидува и кривичните дела со кои ќе се подигне нивото на заштита на новинарите и медиумските работници. Целта е да се заштитат оваа група лица со тоа што сторителите ќе бидат гонети по службена должност за делата „убиство, спречување службено лице во вршење службено дејство, загрозување на сигурноста и присилба".[368] Дополнително, се предлагаат и измени на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Имено, измените предвидуваат намалување за петпати на износите што им се досудуваат на новинарите и уредниците и намалување за трипати на износот за медиумите како правни лица. Со измените, максималниот износ што може да се досуди изнесува 7.400 евра во споредба со 27.000 евра со постојниот закон.[369]

На 27 април 2020 година, новинари и медиумски работници поднесоа тужби за утврдување на правото на слободна изразување и за надоместок на нематеријална штета врз основа за нападите и случувањата на 27 април 2017 година во Собранието. Судот ги одби тужбите на две новинарки врз основа на тоа дека „новинарите немале право да бараат надоместок на нематеријална штета за претрпени душевни болки и наведува дека двете немале телесни повреди".[370] Дополнително, за друг новинар судот барал да му докаже дека е новинар, бидејќи судот не го сметал интернет-порталот како медиум.[371]

---

362 Собрание на Република Северна Македонија, „Предлог на Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка" (26 јануари 2021) <https://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=e28fbe3f-e788-46ba-a44b-2c9dee7a8589&fbclid=IwAR0ySy-7_ssARMw0_itcg16spJhCe22ym0x22Smwc23yWDNW4j1XJ4BdMwQ> пристапено на 29 април 2021.

363 Призма, „Нов обид за деблокада на реформите во МРТ и АВМУ" (27 јануари 2021) <https://prizma.mk/nov-obid-za-deblokada-na-reformite-vo-mrt-i-vo-avmu/>.

364 360 степени, „Повторен обид на Собранието да избере нови совети на МРТ и на АВМУ: Ќе се отвори ли конечно патот за реформи?" (12 мај 2021) <https://360stepeni.mk/povtoren-obid-na-sobranieto-da-izbere-novi-soveti-na-mrt-i-na-avmu-ke-se-otvori-li-konechno-patot-za-reformi/> пристапено на 11 август 2021.

365 Биро за демократија, човекови права и труд [Bureau Of Democracy, Human Rights and Labor] (n 360).

366 Ibid.

367 Слободна Европа, „Нападите врз новинарите тројно зголемени од лани" (28 јули 2020) <https://www.slobodnaevropa.mk/a/новинари-избори-корона-напади/30751534.html> пристапено на 29 април 2021.

368 dw.com, „Се бара крај за неказнивоста на нападите врз новинари" (25 ноември 2020) <https://www.dw.com/mk/се-бара-крај-за-неказнивоста-на-нападите-врз-новинари/а-55718875> пристапено на 29 април 2021.

369 Васко Маглешов, „Помали износи за клевета и навреда и поголема заштита на новинарите" (28 јули 2021) <https://prizma.mk/pomali-iznosi-za-kleveta-i-navreda-i-pogolema-zashtita-na-novinarite/>.

370 360 степени, „ЗНМ: Судот одби тужба од новинари за 27 април бидејќи немале докази дека имало упад и немале телесни повреди" (11 декември 2020) <https://360stepeni.mk/znm-sudot-odbi-tuzhba-od-novinari-za-27-april-bidejki-nemale-dokazi-deka-imalo-upad-i-nemale-telesni-povredi/>.

371 dw.com, „Трнливиот пат на новинарите до правда за 'крвавиот четврток'" (11 декември 2020) <https://www.dw.com/mk/трнливиот-пат-на-новинарите-до-правда-за-крвавиот-четврток/а-55913142> пристапено на 29 април 2021.

Новинарот Љупчо Златев бил нападнат во ноќен клуб, кој, според него, бил мотивиран од негов текст што бил издаден претходната вечер, а бил поврзан со луксузен имот на Охридското Езеро.[372] Дополнително, новинарката Мирослава Брнс беше цел на напади и закани под нејзиниот живот откако објави за одржување свадба во Тетово спротивно на прописите за заштита на здравјето на граѓаните за време на пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Новинарката Тања Милевска исто така беше мета на смртни закани и сексистички навреди преку социјалните мрежи „Твитер" и „Фејсбук" врз основа на нејзини ставови што беа искажани на „Твитер".[373]

На протестот организиран на деветти септември 2020 година од страна на партијата ВМРО-ДПМНЕ, новинарската екипа на „Ал Џезира" беше нападната од страна на одредени лица присутни на протестот. Иако нема повредени и е причинета незначителна материјална штета, сепак настанот може да се дефинира како притисок и предизвикување несигурност врз известувачките новинари.

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

Извештајот за состојбите со човековите права на САД за Северна Македонија за 2020 година нотира дека медиумските реформи не се проследени со системски реформи во поглед политичката неутралност на јавниот дифузен сервис и медиумскиот регулатор.[374] Дополнително, кризата предизвикана од КОВИД-19 негативно влијаеше врз пазарот на рекламирање, што ја зголеми зависноста на медиумите од сопствениците и од државните субвенции.[375]

Пет години по ред приходите на МРТ опаѓаат, додека за 2019 година[376] МРТ забележала приходи од 15,1 милион евра,[377] што е помалку за 300.000 евра во однос на 2018 година. Сепак, во третиот квартал од 2020 година МРТ почнува да бележи добивка од 300.000 евра. Согласно извештајот, најголемиот дел од приходите (98,3%) доаѓаат од Министерството за информатичко општество.[378] Со буџетот за 2021 година се алоцираат 10,9 милиони евра, што е намалување за 3,6 милиони евра во споредба со буџетот за 2020 година.[379]

Во однос на вработените, до декември 2020 година во МРТ се вработени 814 лица.[380] Во однос на долгот, во моментот изнесува 10,2 милиони евра, иако во 2019 година бил смален за 1,5 милиони евра.[381] Во јуни 2020 година, МИОА одобри систематизација на МРТ со која постојниот број работници го зголемува на 1.224 вработени.[382]

372 360 степени, „Нападнат новинарот Љупчо Златев" (24 јули 2020) <https://360stepeni.mk/napadnat-novinarot-lupcho-zlatev/> пристапено на 29 април 2021.

373 meta.mk, „SafeJournalists: Ги осудуваме смртните закани и сексистичките навреди кон новинарката Тања Милевска" (17 јули 2020) <https://meta.mk/safejournalists-gi-osuduvame-smrtnite-zakani-i-seksistichkite-navredi-kon-novinarkata-tanja-milevska/> пристапено на 29 април 2021.

374 Биро за демократија, човекови права и труд [Bureau Of Democracy, Human Rights and Labor] (n 360).

375 Ibid.

376 meta.mk, „Приходите на МРТ продолжиле да опаѓаат и лани, заедно со бројот на вработени (инфографик)" (2 април 2020) <https://meta.mk/prihodite-na-mrt-prodolzhile-da-opagaat-i-lani-zaedno-so-brojot-na-vraboteni-infografik/> пристапено на 29 април 2021.

377 ЈРП Македонска радио-телевизија, „Консолидиран годишен финансиски извештај на ЈРП Македонска радио-телевизија ДООЕЛ, Аргус ДООЕЛ, Сцена и База ДООЕЛ за 2019 година" <http://mrt.com.mk/sites/default/files/Годишен%20консолидиран%20извештај%20за%20МРТ%20и%20ДООЕЛИ-те%20за%202019%20година.pdf> пристапено на 29 април 2021.

378 ЈРП Македонска радио-телевизија, „Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во периодот 01.07 – 30.09.2020 година" <http://mrt.com.mk/sites/default/files/Извештај%20за%20финансиското%20работење%20на%20ЈРП%20МРТ%20во%20период%2001%2007-30%2009%202020г.pdf> пристапено на 29 април 2021.

379 meta.mk, „МРТ со скратени 3,6 милиони евра во предлог-буџетот за 2021 година" (24 ноември 2020) <https://meta.mk/mrt-so-skrateni-36-milioni-evra-vo-predlog-budjetot-za-2021-godina/> пристапено на 29 април 2021.

380 Плус Инфо, „Лани во медиумите работеле 2.600 лица, мажите главно како режисери и сниматели, жените како новинарки"<12.25.2020> пристапено на 29 април 2021.

381 meta.mk, „МРТ официјално и во третиот квартал работела со добивка, но бројот на вработените и понатаму опаѓа" (5 ноември 2020) <https://meta.mk/mrt-oficzijalno-i-vo-tretiot-kvartal-rabotela-so-dobivka-no-brojot-na-vrabotenite-i-ponatamu-opagja/> пристапено на 29 април 2021.

382 meta.mk, „МИОА ја одобри новата систематизација за дополнителни 460 работни места во МРТ" (5 јуни 2020) <https://meta.mk/mioa-ja-odobri-novata-sistematizaczija-za-dopolnitelni-460-rabotni-mesta-vo-mrt/> пристапено на 29 април 2021.

Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија го усвои Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на вработените[383] и Стратегијата за развој на јавниот сервис, што е планирана до 2025 година.[384] Со Правилникот се уредува процесот за избор на нови лица за вработување и унапредувањето на постојните лица вработени во МРТ. Со Стратегијата е планиран развој на дописни центри во земјата, а дополнително да се отворат дописнички центри и во Вашингтон, Брисел и други странски градови. Планирана е реконструкција на седиштето на јавниот дифузен сервис и набавување опрема, а исто така се планира отворање на едукативен центар што ќе обучува новинари и зголемена видливост на социјалните мрежи.

## ЕКОНОМСКИ ФАКТОРИ

Владата на РСМ во мај 2020 година усвои изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19.[385] Измените и дополнувањата предвидуваат покривање на трошоците на радиодифузерите кон операторот на дигиталниот терестријален мултиплекс за дозволата за емитување за 2020 година.

Преку Програмата за поддршка на печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2020 година,[386] Владата додели 488.000 евра за поддршка на печатените медиуми што непрекинато ја информираат јавноста за тековни, политички, културолошки и други прашања. Имено, финансиската поддршка беше доделена на 11 медиумски компании.[387]

Во јавноста се појавија информации дека има интерес од Владата да се врати владиното рекламирање преку промена на член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски, што во моментот забранува алоцирање на јавни пари во приватни радиодифузери.[388] ЗНМ, ССНМ, МИМ и СЕММ се против измени на законот, бидејќи според нив законот може да поттикне клиентелизам и државен поткуп на приватни медиуми.

Медиумските работници сѐ уште се соочуваат со предизвикот во поглед на висината на примањата, но и отсуство на мерки што би го стимулирање професионалното медиумски работење.[389]

---

383 „Правилник за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во јавното радиодифузно претпријатие на македонската радиотелевизија“ <http://mrt.com.mk/sites/default/files/Правилник%20за%20вработување%2C%20унапредување%20и%20распоредување%20на%20даватели%20на%20услуги%20и%20помошно-технички%20лица%20во%20ЈРП%20МРТ.pdf> пристапено на 29 април 2021.

384 Македонска радио-телевизија, „Петгодишна стратегија за развој на Македонската радио-телевизија“ <http://mrt.com.mk/sites/default/files/ПЕТГОДИШНА%20СТРАТЕГИЈА%20ЗА%20РАЗВОЈ%20НА%20МРТ_0.pdf> пристапено на 29 април 2021.

385 Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за формирање фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 139/2020).

386 Програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2020 година („Службен весник на РСМ“, бр. 287/2020 од 02.12.2020).

387 meta.mk, „Владата додели финансиска поддршка од 488.000 евра на 11 печатени медиуми“ (30 декември 2020) <https://meta.mk/vlada-dodeli-finansiska-poddrshka-od-488-000-evra-na-11-pechateni-mediumi/> пристапено на 1 мај 2021.

388 Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 247/18 од 31.12.2018 година).

389 civilmedia.mk, „Цивил: Постигнувањата во областа на слободата на изразувањето се евидентни, но придружени со низа слабости и предизвици“ (3 мај 2020) <https://civilmedia.mk/tsivil-postignuvanata-vo-oblasta-na-slobodata-na-izrazuvaneto-se-evidentni-no-pridruzheni-so-niza-slabosti-i-predizvitsi/> пристапено на 1 мај 2021.

## ИНТЕРНЕТ

Анкетите покажуваат дека 74% од младите на возраст од 15 до 30 години тврдат дека можат да препознаат лажна вест, додека 21% не можат, а 5% размислувале дали одредена вест што ја прочитале е лажна или не. 50% не отвораат извор на вест, а дополнително, 32% од младите прочитале вест што подоцна се утврдило дека е лажна.[390]

Северна Македонија се наоѓа на последното место во поглед на отпорноста на жителите на лажните вести според Индексот за медиумска писменост од 2021 година.[391] Од вкупно 35 земји, Северна Македонија е рангирана на последното место, а над неа се наоѓаат балканските земји Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора, Бугарија и Србија. Ова е особено загрижувачки за време на пандемијата во која граѓаните сè повеќе се присутни на медиумскиот интернет-простор што ги прави поподложни на секаков вид на лажно информирање и креирање на искривена слика за реалноста. Дополнително, ваквата состојба е закана за довербата во научните информации за вакцините и медицинските лица и институции што секојдневно се на првите борбени линии со вирусот КОВИД-19.[392]

Северна Македонија нема законска регулатива што ги таргетира лажните вести. Имено, лажните вести и дезинформациите присутни на македонскиот медиумски интернет-простор претставуваат хибридна закана против демократијата.[393] Дезинформациските кампањи се најзастапени на социјалните медиуми, како „Фејсбук“, „Јутјуб“ и „Твитер“, но тие имаат и тенденција да се појавуваат и на традиционалните медиуми, а особено и на локални медиуми.[394]

Владата на РСМ во март 2021 година го објави документот „Акција 21 – европски стандарди дома“ во кој еден од приоритетите вклучен во документот е борбата против дезинформациите. Имено, решавањето на приоритетот предвидува консултации со медиумските работници и граѓанскиот сектор за наоѓање решенија во борбата против лажните вести и говорот на омраза. Тоа иницијално треба да вклучи соработка со проверители на факти, пристап на медиумите до релевантни извори и информации и зајакнување на медиумската писменост.[395]

Новинските агенции на Северна Македонија и Бугарија (МИА и БТА) договорија заедничка соработка во борбата против лажните вести во двете земји. Соработката предвидува размена на информации, преноси во живо и пренесување на најважните информации околу двете земји на дневно ниво.[396]

---

390 Frontline, „Онлајн анкета: Младите велат дека можат да препознаат лажна вест, но често веруваат во дезинформациите за Ковид-19“ (27 декември 2020) <https://frontline.mk/2020/12/27/onla-n-anketa-mladite-velat-deka-mozhat-da-prepoznaat-lazhna-vest-no-chesto-veruvaat-vo-dezinformaciite-za-kovid-19/> пристапено на 2 мај 2021

391 Марин Лесенски, „Индекс на медиумската писменост – двојна закана: Отпорност на лажни вести за време на „инфодемијата“ од Ковид-19 [Индекс на медийната грамотност 2021 – двойна заплаха: Устойчивост на фалшиви новини по време на „инфодемията“ от Ковид-19] <https://osis.bg/wp-content/uploads/2021/03/MediaLiteracyIndex2021_BG.pdf?fbclid=IwAR1ZJYmiK8aBpayZDkfD2HTWpdjMvoalyDLtK0V7D4MLX6_11Ok5HskpACg> пристапено на 2 мај 2021.

392 Сител, „Лажни вести ја уриваат довербата во вакцинацијата“ (5 април 2021) <https://sitel.com.mk/lazhni-vesti-ja-urivaat-doverbata-vo-vakcinacijata> пристапено на 2 мај 2021.

393 civilmedia.mk, „Цивил: Постигнувањата во областа на слободата на изразувањето се евидентни, но придружени со низа слабости и предизвици“ (n 88).

394 Одделение за политика за надворешни односи, Генерален директорат за надворешни политики на Унијата, „Мапирање лажни вести и дезинформации на Западен Балкан и идентификување начини за ефикасно спротивставување со нив“ [Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them] (2021) <https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2020/653621/EXPO_STU(2020)653621_EN.pdf>.

395 Влада на РСМ, „Акција 21 – европски стандарди дома“ (2021) 21 <https://vlada.mk/akcija21> пристапено на 2 мај 2021.

396 Плус Инфо, „МИА и БТА заедно ќе се борат против лажни вести“ (6 февруари 2021) <https://plusinfo.mk/mia-i-bta-zaedno-e-se-borat-protiv-lazhni-vesti/> пристапено на 2 мај 2021.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ/ПРОФЕСИОНАЛНИ УСЛОВИ

Саморегулацијата преку Регистарот на професионални онлајн-медиуми функционира во насока на подигнување на медиумската писменост на граѓаните преку означување на онлајн-медиуми што исполнуваат критериуми за професионално известување. Чекор понапред во оваа насока се оди со соработката со агрегаторот на вести „Тајм.мк“ (Time.mk) и со регистарот на онлајн-медиуми на „Промедиа.мк“ (Promedia.mk). Имено, Time.mk нуди верзија[397] на нивниот агрегатор што покажува новости од онлајн-медиуми што се дел Регистарот на професионални медиуми. Ваквиот пристап нуди можност на граѓаните да читаат новости од медиуми што се етички и не се склони кон ширење на лажни вести и дезинформации. Во однос на онлајн-медиумите, Советот за етика во медиумите во Македонија со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје по првпат објавија Насоки за етичко известување во Северна Македонија.[398] Насоките како саморегулаторна алатка имаат цел да обезбедат содржина на онлајн-медиуми креирана врз принципи на професионално и етичко известување на онлајн-медиумите.

Во извештајниот период СЕММ примиле 111 жалби врз сите основи од Кодексот на новинарите на Македонија. 77 од жалбите биле основани, додека најголем број од нив се однесуваат на кршење на член 1 од Кодексот на новинарите[399], што се однесува на точноста на информацијата што ја пренесува новинарот.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одлучи да ги запре постапките што се однесуваат на одземање дозволи по основа на неплатен годишен надоместок за радио и телевизиско емитување, но и да не се покренуваат нови постапки одземање заради неплаќање на надоместокот за дозволите за 2021 година.[400] Ваквата одлука доаѓа откако претходно во февруари 2021 година, Владата на РСМ одобри средства во износ од 50.000.000,00 денари на АВМУ, како поддршка за справување со кризата предизвикана од корона-вирусот КОВИД-19. Имено, поддршката се однесува кон радиодифузерите „за надоместок на средства платени по основа на такси, давачки и надоместоци за вршење радиодифузна дејност што се документирани во финансиската евиденција на АВМУ“.[401]

## ПРЕПОРАКИ:

» Потребно е да се зајакне борбата против лажните вести што претставуваат форма на хибридни напади врз демократското општество преку зајакнување на финансиската одржливост на медиумите и нивната независност и зголемување на плурализмот. Дополнително, потребни се континуирани кампањи и јакнење на свеста за препознавање на лажните вести од страна на граѓаните.

» Да се изберат членовите на Советот на АВМУ и на Програмскиот совет на МРТ, што ќе овозможи деблокада на реформите на работата на МРТ и АВМУ.

» Новиот Кривичен законик да го предвиди гонењето по службена должност за делата што се однесуваат на новинарските работници, што ќе овозможи нивна поголема заштита. Дополнително, надлежните институции да постапуваат поефективно при пријава на загрозување на безбедноста на новинарите во земјата.

397 https://time.mk/blue

398 СЕММ, „Насоки за етичко известување на онлајн медиумите (примена на Кодексот на новинарите во онлајн сферата)“ <https://semm.mk/attachments/01-02-2021/Насоки%20за%20етичко%20известување%20во%20онлајн%20медиумите.pdf> пристапено на 3 мај 2021.

399 СЕММ, „Кодекс на новинарите на Македонија“ (15 октомври 2014) <https://semm.mk/dokumenti/korisni-resursi/kodeks/91-kodeks-na-novinarite-na-makedonija> пристапено на 3 мај 2021.

400 Агенција за аудио и аудиовизуелни услуги, „Финансиска поддршка за надомест на средствата за дозвола за РА и ТВ емитување“ (2 март 2021) <https://avmu.mk/2021/03/02/финансиска-поддршка-за-надомест-на-ср/>.

401 Влада на Р. Северна Македонија, „Од 48. седница на Владата: Донесена одлука за мерката финансиска поддршка за радиодифузери од пакетот 5“ (24 февруари 2021) <https://vlada.mk/node/24359> пристапено на 3 мај 2021.

# Ранливи групи и принцип на недискриминација

Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020 е истечена. Во извештајниот период не се спроведе евалуација за придонесот на стратегијата, додека, дополнително, надлежните органи не спроведуваат активности за развивање на нова стратегија што ќе ги адресира прашањата од оваа област.

## КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Законот за спречување и заштита од дискриминација повторно беше изгласан на 27 октомври 2020 година,[402] откако, претходно во мај, Уставниот суд го укина врз основа на недостигот на апсолутно мнозинство со кое беше донесен во 2019 година.[403] Новиот закон предвидува зголемен број надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Дополнително, покрај квантитативно поголемиот број, се прошируваат и квалитативните надлежности додека акцент е ставен и на превентивната функција, односно спречувањето на дискриминацијата. Законот по првпат ја предвидува и заштитата од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во поглед на критериумите за избор на членови на Комисијата, новиот закон предвидува професионализација на составот. Имено, покрај критериумите државјанство, живеалиште во РСМ, високо образование и искуство во областа на човековите права, новиот закон ја дополнува таа листа со минимум седум години работно искуство од областа на човековите права, од кои пет години во областа на еднаквоста и недискриминацијата.

Имињата на новите членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беа изгласани од страна на Комисијата за изборите и именувањата на седница одржана на петти јануари 2021 година.[404] На изборот претходеше јавно сослушување на сите кандидати кои имаа можност да се претставаат пред пратениците и јавноста, а дополнително, да одговараат на поставени прашања од страна на пратениците и другите заинтересирани страни кои присуствуваа на сослушувањето. На 25 јануари 2021 година, со мнозинство од 61 пратеник, Собранието го изгласа првиот состав на новото тело согласно Законот за спречување и заштита на дискриминација.[405] Пратениците од опозициските редови се спротивставуваа на избраниот состав врз основата дека составот не е професионален и е политички мотивиран. Составот го одразува мултиетничкиот карактер на државата и по првпат за член на Комисијата е избран припадник на ромската етничка заедница, што е позитивен чекор во борбата против дискриминацијата. Но, составот на Комисијата не е родово балансирана. Имено, од избраните седум члена само две се жени, од кои едната поднесе оставка врз основа приватни причини.[406]

402 Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 258/20).

403 Уставен суд на Република Северна Македонија, „Одлука У. бр. 115/2019“ <http://ustavensud.mk/?p=18839> пристапено на 29 март 2021 година.

404 Собрание на Р. Северна Македонија, „Седница бр. 8 на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата закажана на 05.01.2021 год. во 13:00 часот“ (5 јануари 2021) <https://sobranie.mk/sessiondetailsrabotni.nspx?sessionDetailsId=9bc4fd3e-9ae9-4f06-89b3-fb5925023f5f&date=05.1.2021> пристапено на 3 мај 2021 година.

405 Собрание на Р. Северна Македонија, „Седница бр. 31 на Собранието на Р. Северна Македонија закажана на 12.01.2021 год. во 12:00 часот“ (25 јануари 2021) <https://sobranie.mk/sessiondetails.nspx?sessionDetailsId=d2375cca-06aa-47ae-816c-c5ac9a809cde&date=25.1.2021> пристапено на 3 мај 2021 година.

406 360 степени, „Падна оставка во Комисијата за заштита од дискриминација, неполн месец по нејзиното формирање“ (16 февруари 2021) <https://360stepeni.mk/padna-ostavka-vo-komisijata-za-zashtita-od-diskriminatsija-nepoln-mesets-po-nejzinoto-formirane/> пристапено на 3 мај 2021 година.

Во моментот, Комисијата работи на оформување на стручна служба, чијшто процес се наоѓа во завршна фаза. Стручната служба е особено важна од аспект на техничка и стручна поддршка во работата на ова тело, а следствено и во зголемување на ефикасноста. Дополнително, Комисијата ги подготвува актите за систематизација, правилникот за внатрешна организација, деловникот за работа и функционалната анализа.[407]

Во поглед на просторните капацитети, со заклучок на Владата на РСМ донесен во март 2021 година, на Комисијата ѝ беа доделени просториите што во моментов се седиште на Државната комисија за спречување и корупција. Процесот на иселување на ДКСК сè уште трае, а се очекува тој да заврши во мај 2021 година.[408] Во моментов има 74 активни[409] претставки за дискриминација што согласно Законот за спречување и дискриминација новото тело ги презема за одлучување. Овие претставки најчесто датираат од 2019, па сè до 2020 година.

По првпат беше поднесена тужба против учебник наменет за студенти од високото образование од Филозофскиот факултет врз основа на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, учебникот содржи „обвинување на жените за зголемениот број разводи, осуда на прекинувањето на бременост и квалификување на исто половите партнерства како забеганост", меѓу другото.[410] Во друг случај, Министерството за образование и наука повлече дискриминаторски учебник по македонски јазик наменет за ученици од петто одделение. Во учебникот е забележана содржина од дискриминаторски карактер и текстови што поттикнуваат родова нееднаквост.[411]

407 Радио МОФ, „Антидискриминаторска комисија со низа предизвици, граѓанскиот сектор бара поддршка за да ѝ се обезбедат услови за работа" (23 април 2021) <https://www.radiomof.mk/antidiskriminatorska-komisija-so-niza-predizvici-gragjanskiot-sektor-bara-poddrshka-za-da-i-se-obezbedat-uslovi-za-rabota/> пристапено на 4 мај 2021 година.

408 civilmedia.mk, „Комисијата за спречување и заштита од дискриминација три месеци работи на институционално воспоставување" (22 април 2021) <https://civilmedia.mk/komisijata-za-sprechuvane-i-zashtita-od-diskriminatsija-tri-mesetsi-raboti-na-institutsionalno-vospostavuvane/> пристапено на 3 мај 2021 година.

409 mms.mk, „Сакаме да им влееме доверба на граѓаните, ние сме им сојузници во борбата за еднаквост: Со Игор Јадровски за функционирањето на новата Комисија за заштита од дискриминација" (26 март 2021) <https://mms.mk/212145/сакаме-да-им-влееме-доверба-на-граѓани/?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=сакаме-да-им-влееме-доверба-на-граѓани> пристапено на 3 мај 2021 година.

410 Коалиција „Маргини", „Прва тужба против учебник од високо образование врз основа на новиот закон за спречување и заштита од дискриминација" (9 декември 2020) <http://coalition.org.mk/прва-тужба-против-учебник-од-високо-об/> пристапено на 1 мај 2021 година.

411 a1on.mk, „Учебник за шесто одделение: Изброј до 15 пред да ја заколеш жена ти, совет за трпение" (28 октомври 2020) <https://a1on.mk/macedonia/uchebnik-za-shesto-oddelenie-izbroj-do-15-pred-da-ja-zakolesh-zhena-ti-sovet-za-trpenie/> пристапено на 1 мај 2021 година.

# Род

Пандемијата предизвикана од КОВИД-19 силно влијаеше врз жените, бидејќи тие се побројни помеѓу здравствените и социјалните работници. Јазот на вработеност на жените во однос на мажите е продлабочен, а стапката на семејно насилство е зголемена за време на пандемијата.[412] Владата усвои пет пакети економски мерки насочени кон олеснување на економските последици предизвикани од пандемијата, како и дополнително алоцирани средства од буџетот за здравството, но во процесот на креирање на мерките отсуствува системски пристап за адресирање на родовите потреби, иако генерално, мерките се насочени кон сите без разлика на полот и родот. Во оваа насока, две третини од граѓанските организации што се занимаваат со родови прашања истакнале дека не биле вклучени, односно биле малку вклучени при креирање на мерките.[413] Од вкупно 46 мерки што можат да содржат родова димензија, само 14 се родово позитивни. Економските мерки генерално имаа ограничен опсег. До одреден степен, тие ги опфатија само жените кои ги загубија приходите на почетокот на кризата, како што е малиот процент на самовработени жени, самовработени уметнички или работнички кои се отпуштени. Анализите покажуваат дека постои недостиг од конкретни мерки за жените во неформалната економија, жените фармери, самохраните мајки (вдовици, семејства со самохрани родители), жртвите на насилство и семејно насилство и работничките во производството и во основните сектори што се во постојан ризик од инфекција и губење на нивните работни места (производствени капацитети, производствени, текстилни фабрики, продавници, пазари итн.).[414]

Грижата за семејството, домот и децата за време на пандемијата ја презеле претежно жените, а мерката за чување на децата дома кога градинките не работеа паднала на грбот на 77% жени и 23% мажи. Зголемениот труд на жените во домашните услови може да има последици врз менталното здравје на жената. Во политичкиот живот, има голема неурамнотеженост помеѓу учеството на жените и мажите. Баланс има помеѓу раководители на сектори и одделенија, но во поглед на градоначалници, претседатели и членови на совети и претседатели на урбани и месни заедници, мажите доминираат во нивното присуство во процесите на одлучување на општинско ниво.[415] Наспроти ова, жените доминираат како директорки на градинки наспроти мажите.

Во Северна Македонија сè уште има јаз помеѓу платите на мажите и жените. За исто ниво на образование, работно место и работни квалификации, дел од жените сè уште се помалку платени од мажите особено во професиите со пониски примања, како што се во текстилната и кожарската индустрија.[416]

Ромките во Северна Македонија сè уште се соочуваат со низа предизвици да влезат на пазарот на трудот поради долгогодишна системска дискриминација. Во јавните институции, само четири Ромки се вработени на раководни позиции, а на нераководни се застапени само со 0,47% од вкупниот број вработени. Од вкупно 7.647 лица кои користеле активни

412 Европска комисија, „Меѓународен ден на жената, 2021 година: Пандемијата предизвикана од КОВИД-19 е голем предизвик за родовата еднаквост" [International Women's Day 2021: COVID-19 Pandemic Is a Major Challenge for Gender Equality] (5 март 2021) <https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_21_1011> пристапено на 17 мај 2021 година.

413 Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП), „Справување со КОВИД-19: Како трошењето на јавните пари влијае на родовата еднаквост" (2021) <https://gbwn.net/wp-content/uploads/2021/02/Fiskalna-Analiza-final-2.pdf> пристапено на 15 мај 2021 година.

414 Marija Bashevska, "The Influence of Covid-19 on Men and Women in North Macedonia" (Влијанието на КОВИД-19 врз мажите и жените во Северна Македонија) (UN Women, јули 2020) <https://www.preventionweb.net/files/73970_nmrgaassessmentmacedonian.pdf>.

415 mms.mk, „Способната жена не е прифатена бидејќи на неа се гледа како на силна конкуренција: бројни предизвици на патот кон родовата рамноправност при донесувањето одлуки" (n 117).

416 Voice of America, „Исто образование, а помали плати од мажите – поразителна родова нееднаквост во македонското општество" (10 март 2021) <https://mk.voanews.com/a/rodova-neednakvost-razlicni-primanja-voa/5809153.html> пристапено на 14 мај 2021 година.

мерки за вработување за 2019 година, само 169 се Ромки, иако 4.632, односно 4,6 отсто од регистрираните невработени лица, се Ромки.[417] Фрапантен е податокот што 95% Ромки, регистрирани како невработени, немаат образование или имаат само основен степен на образование.[418]

Собранието на РСМ на 27 јануари 2021 година го изгласа Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, што е усогласен со Истанбулската конвенција. Целта на законот е „превенција и спречување на родово базирано насилство врз жените и семејното насилство, ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родово базирано насилство врз жени, како и на жртвите на семејно насилство со почитување на основните човекови слободи и права загарантирани со Уставот и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот“.[419] Законот го уредува терминот „жена“, кој ги опфаќа и жените под 18-годишна возраст, предвидува казни за институции што не постапуваат по надлежностите врз основа на законот, обврски на синдикатите, судството, медиумите и фирмите да ја следат родовата состојба и да промовираат политика против насилство врз жената. Иако во 2019 година беше донесен Закон за прекинување на бременоста[420], што го предвидува и медикаментозниот абортус како алтернативен метод за хируршкиот абортус, клиничките упатства не се усвоени за негова примена, додека таблетите за овој абортус не се достапни во аптеките и во здравствените установи.[421] Ова е особено важно во услови на пандемија, што го зголеми ризикот на семејно насилство, а отсуството на соодветна и навремена контрацепција го ограничува безбедниот абортус. Со почетокот на пандемијата и воведувањето полициски час, по дополнително барање и предупредувања на граѓанските организации, Министерството за внатрешни работи (МВР) соопшти дека жртвите на насилство можат да ги напуштат своите домови за да пријават насилство и да бараат поддршка и помош. Дополнително, институции како Министерството за труд и социјална политика спроведоа кампањи со информации за домашно насилство врз жените и како да се пријави тоа. Поради мерките за изолација на населението, Министерството за внатрешни работи, во периодот 12 април до 12 мај 2020 година, регистрираше зголемување на домашното насилство за 44,6 проценти повеќе во споредба со истиот временски период во 2019 година.[422]

Во извештајниот период се појави канал на приватни групи на апликацијата „Телеграм“ во кој се објавуваа фотографии и лични податоци на жени во порнографска конотација. Основачите на групите беа уапсени, а сепак жените кои се соочиле со вознемирување и прогонување на интернет се соочуваат со релативизирање на нивните искуства, непостапување од страна на полицијата, што предизвикува недоверба во институциите. Според граѓанските организации, од Јавното обвинителство ненавремено покренуваат обвинителни акти, неефикасно или без доволно внимание раководат со предистражната и истражната постапка, што овозможува продолжување на насилството врз жените.[423]

Платформата за родова еднаквост во извештајниот период тврдеше дека во МВР постои покривање на пропусти на припадниците на полицијата при постапување на пријавени случаи за насилство врз жени.[424] Дополнително, како што тврдат, наместо да поднесуваат кривични пријави во вакви случаи, припадниците на МВР поднесувале прекршочна пријави. Дополнително, платформата за родова еднаквост тврди дека полицијата бавно постапува

417 libertas.mk, „Хера: За Ромките во државава сè уште има предрасуди, отколку работните места“ (8 април 2021) <https://libertas.mk/hera-za-romkite-vo-drzhavava-se-ushte-ima-predrasudi-otkolku-rabotnite-mesta/> пристапено на 6 мај 2021 година.

418 Ibid.

419 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 24/2021).

420 Закон за прекинување на бременоста („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/19).

421 makpress.mk, „Платформата за родова еднаквост бара МЗ да обезбеди абортус во време на КОВИД-19“ (28 септември 2020) <https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=371015> пристапено на 14 мај 2021 година.

422 Bashevska (n 417).

423 civilmedia.mk, „Платформа за родова еднаквост: Институционалниот молк активно го охрабрува сексуалното вознемирување преку интернет“ (15 април 2021) <https://civilmedia.mk/platforma-za-rodova-ednakvost-institutsionalniot-molk-aktivno-go-ohrabruva-seksualnoto-voznemiruvane-preku-internet/> пристапено на 14 мај 2021 година.

424 civilmedia.mk, „Платформа за родова еднаквост: Институционалниот молк активно го охрабрува сексуалното вознемирување преку интернет“ (n 122).

или не постапува на пријави за родово базирано насилство, што може да заврши фатално за жртвата. 80% од случаите на убиство се случиле во заедничкиот дом или во домот на родителите на жртвата од страна на партнерот.[425]

Кривичниот законик не предвидува поголема заштита кога станува збор за предвидување на кривични дела за насилство врз жената. Следствено, член 122 го предвидува делото „семејно насилство", но во КЗ изостануваат дефинициите за „насилство врз жени", кои би го прецизирале „кршењето на човекови права и облик на дискриминација врз жените и би се однесувале на сите форми на родово засновано насилство што резултира или ќе резултира во повреда од физичка, сексуална, психолошка или друга природа и лишување од слобода што се случуваат во јавниот или приватниот живот".[426] Дополнително, изостануваат делата сексуално вознемирување и демнење, каде што како жртви најмногу се наоѓаат жените.[427] Врз основа на ова, министерот за правда Бојан Маричиќ во јавноста најави дека Кривичниот законик ќе воведе измени што „ја ставаат заштитата и правата на жртвата и ги прецизираат делата од родово базирано насилство" преку воведување на делата демнење и полово вознемирување.[428]

Наодите на АВМУ покажуваат дека изборните кампањи се стремат кон поголема промоција на мажите кандидати-пратеници и „машкиот поглед и експертиза за случувањата околу парламентарните избори". Од вкупно 134 претставници на политичките партии во кампањите, 128 беа мажи наспроти шест жени, додека во емисиите во кои се говорело за изборите, 86% од говорниците биле мажи наспроти 14% жени. Дополнително, во кампањата биле забележани прилози во кои жените се родово стереотипизирани и сексуално објективизирани.[429]

Во моментот МТСП ги развива Законот за родова еднаквост и Законот за мобинг, што се поврзани со областа на родовата дискриминација. Целта на Законот за родова еднаквост е „унапредување на родовата еднаквост, преку воспоставување на видливост, зајакнување на улогата на жените во секоја сфера на општественото живеење, како во јавниот, политичкиот и приватниот живот, рамноправен пристап до ресурси и еднакво учество во донесување на одлуки во сите сфери на општествено живеење".[430] Со Законот за родова еднаквост предвидено е и формирање на Секретаријат за родова еднаквост како највисоко тело со надлежност да ја координира и да ја следи работата на институциите во имплементацијата на законот, а дополнително се формираше Ресурсен центар за обуки на државните службеници и Национално координативно тело.[431] Законот е испратен за коментар во ОДИХР, Венецијанската комисија, Делегацијата на ЕУ и Обединетите нации.

МТСП ја разви новата Стратегија за родова еднаквост 2021-2026, која ќе ја наследи постојната што заврши во 2020 година. Содржината на Стратегијата е креирана со вклучување на граѓанските и меѓународните организации и сите други засегнати страни. „Во Стратегијата

425 radiomof.mk, „Ненавремената реакција на полицијата може да резултира во фемицид, реагираат од платформата за родова еднаквост" (11 септември 2020) <https://www.radiomof.mk/nenavremenata-reakcija-na-policijata-mozhe-da-rezultira-vo-femicid-reagiraat-od-platformata-za-rodova-ednakvost/> пристапено на 10 мај 2021 година.

426 opserver.mk, „Фетаи: Актуелниот Кривичен законик не нуди многу за заштита од насилство врз жените" (25 февруари 2021) <https://opserver.mk/makedonija/fetai-aktuelniot-krivichen-zakonik-ne-nudi-mnogu-za-zashtita-od-nasilstvo-vrz-zhenite/> пристапено на 15 мај 2021 година.

427 Ibid.

428 vecer.press, „Маричиќ на трибина на СДММ: Измените на Кривичниот законик во центарот ја ставаат заштитата и правата на жртвата на родово базирано насилство" (8 март 2021) <https://www.vecer.press/маричиќ-на-трибина-на-сдмм-измените-на/> пристапено на 5 мај 2021 година.

429 mkd.mk, „Пораките им останаа нечуени и невидени: Жените кандидатки за пратенички во сенка на мажите кандидати" (25 март 2021) <https://www.mkd.mk/makedonija/politika/porakite-im-ostanaa-nechueni-i-nevideni-zhenite-kandidatki-za-pratenichki-vo> пристапено на 13 мај 2021 година.

430 lokalno.mk, „Шахпаска: Со Законот за родова еднаквост ја зајакнуваме улогата на жените во секоја сфера на општественото живеење" (8 март 2021) <https://lokalno.mk/shahpaska-so-zakonot-za-rodova-ednakvost-ja-zajaknuvame-ulogata-na-zhenite-vo-sekoja-sfera-na-opshtestvenoto-zhiveene/> пристапено на 15 мај 2021 година.

431 Влада на Р. Северна Македонија, „Од 127. седница на Владата на РСМ: Се подготвува ИКТ стратегија за правосудството; 'Младинска картичка' за повеќе поволности; Стратегија за развој на женското претприемништво; ќе се формира ресурсен центар за родово одговорно креирање на политики" (26 март 2019) <https://vlada.mk/node/17291> пристапено на 6 април 2020.

се интегрирани политики за сузбивање на насилството, на стереотипите, за унапредување на положбата на жените во политичкиот живот, во управни, во надзорни одбори, секаде каде што треба да се носат одлуки“[432], а со овој документ се планира воспоставување на тренинг-центар за родово-одговорно буџетирање.[433] Стратегијата беше усвоена од страна на Владата во јули 2021 година.[434]

Владата на РСМ во март ја усвои Концепцијата за основно образование што е во насока на создавање на едуцирани и одговорни граѓани. Во неа е содржана и компонентата на родова сензитивност/рамноправност што има цел да ги обучи наставниците да реализираат настава со родова сензитивност наместо родови стереотипи и да поттикнуваат родов критички однос кон родовата нееднаквост.[435] Дел од јавноста, граѓански движења и организации[436] и медиумите[437] остро ја критикуваа Концепцијата за основно образование, ширејќи омраза и омаловажување кон нехетеросексуалните лица.

МТСП во соработка со UN Women обезбеди 1.860 пакети со храна и хигиенски производи за 368 еднородителски семејства од кои 95% се жени, корисници на гарантирана минимална помош, 329 жртви на семејно насилство и за центрите за родово базирано насилство ширум земјата. Овие пакети се наменети за надминување на одредени предизвици предизвикани од пандемијата.[438]

432 mms.mk, „Способната жена не е прифатена бидејќи на неа се гледа како на силна конкуренција: Бројни предизвици на патот кон родовата рамноправност при донесувањето одлуки“ (8 април 2021) <https://mms.mk/215975/способната-жена-не-е-прифатена-бидејќ/?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=способната-жена-не-е-прифатена-бидејќ> пристапено на 15 мај 2021 година.

433 Слободен печат, „Потребна поголема политичка волја за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост“ (5 март 2021) <https://www.slobodenpecat.mk/potrebna-pogolema-politichka-volja-za-sproveduvane-na-strategijata-za-rodova-ednakvost> пристапено на 15 мај 2021 година.

434 Влада на Р. Северна Македонија, „Владата ќе ја одржи редовната 88. седница“ (19 јули 2021) <https://vlada.mk/node/25948> пристапено на 10 октомври 2021.

435 Министерство за образование и наука, „Концепција за основно образование“ <https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf> пристапено на 14 мај 2021 година.

436 https://www.odnaszanas.com/?cat=135

437 Алфа телевизија, „Сексуално образование на основците по терк на Хера, од каде доаѓа Царовска“ (12 јули 2021) <https://alfa.mk/seksualno-obrazovanie-na-osnovczite-po-terk-na-hera-od-kade-doaga-czarovska/>.

438 vecer.press, „Обезбедени 1.860 пакети храна и хигиенски продукти за еднородителски семејства од ранливи категории“ (8 мај 2020) <https://www.vecer.press/обезбедени-1-860-пакети-храна-и-хигиенски/> пристапено на 6 мај 2021 година.

# Говор на омраза

За време на пандемијата, кога голем дел од граѓаните работеа од дома, употребата на информатички средства се зголеми како никогаш досега. И покрај технолошките придобивки, предизвиците во областа на говорот на омраза се зголемија како никогаш досега.

Во извештајниот период се забележани случаи на говор на омраза против различни групи граѓани во земјата, а бројот на пријавени случаи до Хелсиншкиот комитет – Македонија изнесува 830. Најголем дел од основите на говор на омраза се однесуваат на етничката припадност, сексуалната ориентација, родовиот идентитет и политичката припадност.[439] Имено, забележани се вербални напади и закани врз различни основи кон политичари,[440, 441] новинари,[442, 443, 444] граѓански активисти,[445, 446] аналитичари,[447] починати лица поврзани со политички партии.[448, 449]

Здравствената криза предизвикана од КОВИД-19 со рестриктивните мерки го зајакна говорот на омраза на етничка основа во земјата.[450] Различните постапувања на верските заедници во поглед на здравствените протоколи создаде основа за зголемен говор на омраза на етничка основа врз фактот што и одредени етнички заедници припаѓаат на различни религии.[451, 452] Дополнително, одржувањето на предвремените парламентарни избори ги разгори социјалните мрежи со говор на омраза врз основа на политичка

439 http://www.govornaomraza.mk/reports#

440 civilmedia.mk, „Фотошопирана фотографија се користи за ширење говор на омраза кон Шекеринска" (12 ноември 2020) <https://civilmedia.mk/fotoshopirana-fotografija-se-koristi-za-shirene-govor-na-omraza-kon-shekerinska/> пристапено на 10 мај 2021 година.

441 civilmedia.mk, „Директорот на ЦУК, Стојанче Ангелов мета на говор на омраза" (23 ноември 2020) <https://civilmedia.mk/direktorot-na-tsuk-stojanche-angelov-meta-na-govor-na-omraza/> пристапено на 6 мај 2021 година.

442 plusinfo.mk, „ССНМ, ЗНМ и СЕММ: МВР и ОЈО да го санкционираат говорот на омраза кон новинари" (15 ноември 2020) <https://plusinfo.mk/ssnm-znm-i-semm-mvr-i-o-o-da-go-sankcioniraat-govorot-na-omraza-kon-novinari/> пристапено на 6 мај 2021 година.

443 NovaTv.mk, „'Уште еден Северџанец со корона. Ќе се помолиме да цркне' – говор на омраза кон Марјан Забрчанец" (29 октомври 2020) <https://novatv.mk/ushte-eden-severdhanets-so-korona-ke-se-pomolime-da-tsrkne-govor-na-omraza-kon-marjan-zabrchanets/> пристапено на 7 мај 2021 година.

444 civilmedia.mk, „ЗНМ: МВР и ОЈО веднаш да го најдат лицето кое се закани на новинарот Мишко Иванов" (6 мај 2020) <https://civilmedia.mk/znm-mvr-i-ojo-vednash-da-go-najdat-litseto-koe-se-zakani-na-novinarot-mishko-ivanov/> пристапено на 7 мај 2021 година.

445 frontline.mk, „Клевети, говор на омраза и закани против вработените на фондацијата 'Метаморфозис'" (13 ноември 2020) <https://frontline.mk/2020/11/13/kleveti-govor-na-omraza-i-zakani-protiv-vrabotenite-na-fondaci-ata-metamorfozis/> пристапено на 7 мај 2021 година.

446 civilmedia.mk, „Говор на омраза кон активистот Денис Јанкуловски и неговото семејство" (10 октомври 2020) <https://civilmedia.mk/govor-na-omraza-kon-aktivistot-denis-jankulovski-i-negovoto-semejstvo> пристапено на 7 мај 2021 година.

447 frontline.mk, „'Ако те сретнам на улица, нема да те препознаат' – закани и говор на омраза кон Ненад Јовановиќ" (24 октомври 2020) <https://frontline.mk/2020/10/24/ako-te-sretnam-na-ulica-nema-da-te-prepoznaat-zakani-i-govor-na-omraza-kon-nenad-ovanovi/> пристапено на 7 мај 2021 година.

448 civilmedia.mk, „Смртта на Амди Бајрам проследена со говор на омраза и дезинформации" (27 октомври 2020) <https://civilmedia.mk/smrtta-na-amdi-bajram-prosledena-so-govor-na-omraza-i-dezinformatsii/> пристапено на 7 мај 2021 година.

449 frontline.mk, „'Еден комуњар помалку, на сите од СДСМ им го посакувам тоа' – говор на омраза не ја одмина ниту смртта на младиот пулмолог" (15 октомври 2020) <https://frontline.mk/2020/10/15/eden-komu-ar-pomalku-na-site-od-sdsm-im-go-posakuvam-toa-govor-na-omraza-ne-a-odmina-nitu-smrtta-na-mladiot-pulmolog/> пристапено на 7 мај 2021 година.

450 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Здравствената криза не смее да се претвори во меѓуетничка" (8 јули 2020) <https://mhc.org.mk/news/zdravstvenata-kriza-ne-smee-da-se-pretvori-vo-meguetnichka/> пристапено на 8 мај 2021 година.

451 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Годишен извештај за мониторинг на говорот на омраза на локално ниво во градовите Тетово, Битола и Штип" <https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/godishen-izveshtaj-za-monitoring-na-govor-na-omraza-na-lokalno-nivo-2020.pdf> пристапено на 8 мај 2021 година.

452 meta.mk, „Поттикнување етнички и верски тензии со манипулативната лажна вест за Грција" (4 јуни 2020) <https://meta.mk/pottiknuvanje-etnichki-i-verski-tenzii-so-manipulativnata-lazhna-vest-za-grczija/> пристапено на 8 мај 2021 година.

определба и етничка припадност. Затоа што политичката кампања главно се водеше на интернет, а особено на социјалните мрежи, тоа предизвика различни навреди и закани кон политичари и индивидуи нотирани во Регистарот на говор на омраза на Хелсиншкиот комитет – Македонија.[453] Говорот на омраза врз етничка основа беше особено видлив од страна на навивачки групи на различни настани што можат да ескалираат и во насилство. Имено, такви настани се случија во населбата Ѓорче Петров,[454] кога навивачка група ширела говор на омраза кон свадбена поворка, а сличен случај имало и на градскиот плоштад во Скопје.[455] Дополнителен проблем е и ширењето на говор на омраза врз етничка основа преку употреба на лажни вести. Ваквиот пристап и несанкционирање може да доведе до сериозни тензии во дадени околности во земјата.[456]

Постојат индиции дека има мрежи на профили на социјалните медиуми што организирано шират говор на омраза и лажни информации, особено на платформата „Твитер". Ваквиот говор на омраза е особено видлив за време на изборните кампањи. Во неа, според истражувањето на „Цивил Медиа", членуваат анонимни профили, но и јавни лица, односно политичари, актуелни и поранешни функционери и слично. Говорот на омраза е насочен кон политичари од спротивен табор, но и граѓански активисти, новинари и други профили на луѓе.[457] За зголемениот говор на омраза за време на изборната кампања потврди и Хелсиншкиот комитет за човекови права во нивниот извештај.[458] Во оваа насока, на социјална мрежа „Фејсбук" се појави и листа на острел на јавни личности кои се сегашни и поранешни политичари од власта и опозицијата, дипломати, новинари и слично. Листата содржела фотографии и податоци за лицата и причина зошто требало да бидат убиени.[459]

Во поглед на политичката конотација на Ромите и нивниот јазик исто така беше цел на говор на омраза врз основа на фактот што Оливер Спасовски го честиташе осми април на ромски јазик во 2020 година.[460] Следствено, и во 2021 година за осми април не изостана мотивот за деградирање на ромскиот јазик, но и ширењето омраза кон ромската заедница во земјата.

Не изостана и родово-базираниот говор на омраза на социјалните мрежи. Новинарката Тања Милевска беше цел на говор на омраза, навреди и закани на социјалната мрежа „Твитер",[461] што беше осудено и од страна на Европската комисија. Нотиран беше и друг случај, кога за истакнато мислење за угостителските објекти во врска со епидемијата, Кристина Костова беше мета на мизогини и хомофобични коментари проследени со закани за силување и по нејзиниот живот.[462] Дополнително, мета на говор на омраза се најде и актерката Шенка Колозова.[463]

453 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Годишен извештај за мониторинг на говорот на омраза на локално ниво во градовите Тетово, Битола и Штип" (п 146).

454 21.tv, „Избегнат инцидент на етничка основа – свадбари тргнале по невестата, ги пресретнале 'Комити'" (20 септември 2020) <https://mk.tv21.tv/izbegnat-intsident-na-etnichka-osnova-svadbari-trgnale-po-nevestata-gi-presretnale-komiti/> пристапено на 5 мај 2021.

455 Слободен печат, „Мртов Шиптар – добар Шиптар" се пее на скопскиот плоштад, кој да го спречи говорот на омраза? (видео)" (13 септември 2020) <https://www.slobodenpecat.mk/mrtov-shiptar-dobar-shiptar-se-pee-na-skopskiot-ploshtad-koj-da-go-sprechi-govorot-na-omraza-video/> пристапено на 8 мај 2021.

456 civilmedia.mk, „Дезинформации и говор на омраза се шират со старо видео кое не е снимано во нашата држава" (4 мај 2021) <https://civilmedia.mk/dezinformatsii-i-govor-na-omraza-se-shirat-so-staro-video-koe-ne-e-snimano-vo-nashata-drzhava/> пристапено на 4 мај 2021.

457 frontline.mk, „Мрежа на Твитер профили – извор на говор на омраза и дезинформации во предизборната кампања" (11 август 2020) <https://frontline.mk/2020/08/11/mrezha-na-tviter-profili-izvor-na-govor-na-omraza-i-dezinformacii-vo-predizbornata-kampa-a/> пристапено на 6 мај 2021.

458 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Месечен извештај за човековите права во Република Северна Македонија – јули 2020" (7 август 2020) <https://mhc.org.mk/reports/mesechen-izveshtaj-za-chovekovite-prava-vo-republika-severna-makedonija-juli-2020/> пристапено на 6 мај 2021.

459 24info.mk, „Листа за отстрел на познати јавни личности, кој и зошто сака да ги казни" (29 април 2021) <https://www.24.mk/details/lista-za-otstrel-na-poznati-javni-lichnosti-koj-i-zoshto-saka-da-gi-kazni> пристапено на 6 мај 2021.

460 libertas.mk, „Во 'теовел' омразата се приклучи и Антонио Милошоски" (3 јули 2020) <https://libertas.mk/vo-teovel-omrazata-se-prikluchi-i-antonio-miloshoski/> пристапено на 6 мај 2021.

461 civilmedia.mk, „Остри реакции за родово-базиран говор на омраза и заканите кон новинарката Тања Милевска" (3 јули 2020) <https://civilmedia.mk/ostri-reaktsii-za-rodoviot-baziran-govor-na-omraza-i-zakanite-kon-novinarkata-milevska/> пристапено на 6 мај 2021.

462 frontline.mk, „Шкријељ: Поддршка на Кристина Костова и на сите жени што претрпеа родово базиран говор на омраза на социјалните мрежи" (16 мај 2020) <https://frontline.mk/2020/05/16/shkri-e-poddrshka-na-kristina-kostova-i-na-site-zheni-shto-pretrpea-rodovo-bazaran-govor-na-omraza-na-soci-alnite-mrezhi/> пристапено на 5 мај 2021.

463 civilmedia.mk, „Актерката Шенка Колозова мета на говор на омраза" (29 април 2021) <https://civilmedia.mk/akterkata-shenka-kolozova-meta-na-govor-na-omraza/> пристапено на 4 мај 2021.

Медиумите исто така играат клучна улога во начинот на пренесување на вестите. мено, граѓанското движење „Аваја“ нотираше[464] етикетирање на ромската заедница преку известување на интернет-портали што создаваат основа за креирање наратив за говор на омраза кон ромската заедница.[465] Известувањето се однесуваше на настанот кога група луѓе претепаа дете од ромска етничка заедница во Кочани, а подоцна семејството на детето се пресмета со насилниците. Кревката ситуација, известувањето на медиумите и споделувањето на веста на социјалните медиуми, проследено со коментари на говор на омраза, лесно можеше да доведе до понатамошно ескалирање на целата ситуација.

Истражувањата покажуваат дека младите најчесто употребуваат говор на омраза врз етничка основа, што е резултат на политичката реторика што се пласира во јавноста и меѓуетничките теми што дефокусираат корупција и криминал.[466] Ваквиот податок е особено загрижувачки врз основа на фактот што младите поголемиот дел од времето го минуваат на интернет, што ги прави ранливи и подложни на влијанија на вакви и други слични реторики. Говорот на омраза насочен кон македонската или албанската етничка заедница може да предизвика дела од омраза каде што најчести жртви и сторители се младите.[467]

## ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Во извештајниот период од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права забележани се околу 90 настани поврзани со криминал од омраза. Најголемиот број од нив се поврзани со кривичното дело насилство, а дополнително забележани се и делата оштетување имот, телесна повреда и предизвикување омраза, раздор и нетрпеливост. Најголем дел од кривичните дела се мотивирани од етничката припадност на жртвата, а како мотиви се нотираат и сексуалната ориентација и политичката припадност.

464 24info.mk, „Аваја реагира: Новинарите да објавуваат точни информации, без говор на омраза“ (13 април 2021) <https://24info.mk/аваја-реагира-новинарите-да-објавуваа/> пристапено на 5 мај 2021.

465 infomax, „’Ја презеле правдата во свои раце‘: Пукање во Кочани, четворица повредени“ (11 април 2021) <https://infomax.mk/wp/ја-презеле-правдата-во-свои-раце-пукање-во-кочани/?fbclid=IwAR11pDKLdIbJqZgLuBoqYikzTfy3ffxfVVeM9pWf4cgmbTbNuJBQP-88FY8> пристапено на 5 мај 2021.

466 slobodnaevropa.mk, „Будење на говор на омраза меѓу младите во време на пандемија“ (18 декември 2020) <https://www.slobodnaevropa.mk/a/говор-омраза-млади-пандемија/31003799.html> пристапено на 5 мај 2021.

467 telma.com.mk, „Висок пораст на случаи на говор на омраза нотира Хелсиншкиот комитет во извештајот за ноември“ (13 декември 2020) <https://telma.com.mk/2020/12/13/висок-пораст-на-случаи-на-говор-на-омра/> пристапено на 5 мај 2021.

# ЛГБТИ+

По повод Меѓународниот ден на човековите права, во декември 2020 година се формираше Интерпартиска парламентарна група за правата на ЛГБТИ-лицата.[468] Групата ќе ги застапува и ќе ги унапредува правата на оваа категорија граѓани преку механизмите што се достапни во Собранието. Во моментот, оваа група брои 11 члена од различни партии, вклучително и опозициските, а постојат најави дека ќе се приклучат повеќе пратеници кои во соработка со граѓанските организации ќе се борат против стигматизацијата, говорот на омраза и дискриминацијата кон ЛГБТ-заедницата.[469] Ваква група беше формирана и во претходниот парламентарен состав во февруари 2018 година.

Концепцијата за основно образование што го содржи сеопфатното сексуално образование во извештајниот период трпеше постојани напади преку интензивна трансфобична реторика и кампања од страна на движењето „Од нас за нас". Имено, преку нивниот кориснички профил на социјалната мрежа на „Фејсбук" и нивната интернет-страница речиси на дневно ниво се креираат содржини што се хомофобични и омаловажувачки за целата нехетеро-популација. Граѓанската организација „Хера" поднесе кривична пријава и тужба за заштита од дискриминација против ова граѓанско движење поради ширење поттикнување омраза кон оваа категорија граѓани.[470]

Националниот акциски план за правата на ЛГБТ е изработен, но сè уште не е усвоен поради пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Дополнително, локалните избори, состојбата на силите во Собранието и непредвидливиот исход за Владата како последица од овие состојби, го отежнаа процесот за усвојување на НАП-от, кој не е приоритетно ставен на агендата.

Северна Македонија забележа скок за 12 места на „Rainbow Map".[471] Моментално, нашата земја е рангирана на 33-тото место од вкупно 49 држави што се рангираат.[472]

Управата за водење на матични книги и евиденција продолжува да работи по сопствено убедување, и покрај Пресудата на Европскиот суд за човекови права, X против Северна Македонија за промена на ознаките на полот во матичната книга. И понатаму, вработените на УВМК не постапуваат по Пресудата на ЕСЧП во која оваа институција е „посочена како одговорна за повреда на правото поради донесување на произволни одлуки во врска со барањето за промена на податоците"[473]. Министерството за правда подготви предлог-закон за Законот за матична евиденција што ќе овозможат признавање на родовиот идентитет на трансродовите лица преку уредување на процедурата за промена на ознаката за пол. Овој предлог-закон е блокиран во собраниските процедури од страна на пратеници од власта и од опозицијата, а се очекува разврска откако Собранието ќе почне целосно да функционира по локалните избори.

468 Собрание на Р. Северна Македонија, „Основање и промоција на 'Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата'" (10 декември 2020) <https://sobranie.mk/sredbi-2020-ns_article-osnovanje-i-promocija-na-interpartiskata-parlamentarna-grupa-za-pravata-na-lgbti-licata.nspx> пристапено на 5 мај 2021.

469 opserver.mk, „Морачанин за МИА: Да придонесеме за целосно почитување на правата на ЛГБТИ-луѓето и нивна заштита од дискриминација, стигматизација, говор на омраза и насилство" (13 декември 2020) <https://opserver.mk/politika/morachanin-za-mia-da-pridoneseme-za-celosno-pochituvanje-na-pravata-na-lgbti-lugjeto-i-nivna-zashtita-od-diskriminacija-stigmatizacija-govor-na-omraza-i-nasilstvo/> пристапено на 4 мај 2021.

470 Хера, „Кривична пријава против здружението 'Од нас за нас': Ширењето лаги и поттикнувањето омраза и дискриминација е неприфатливо и мора да се санкционира" (25 март 2021) <https://hera.org.mk/krivichna-prijava-protiv-zdruzhenieto-od-nas-za-nas/> пристапено на 8 август 2021.

471 ILGA EUROPE, "Rainbow Map 2021" <https://www.ilga-europe.org/sites/default/files/Attachments/Rainbow%20Europe%20Map%202021_0.pdf> пристапено на 11 август 2021.

472 Voice of America, „Напредок од 12 позиции на состојбата со човековите права на ЛГБТ заедницата" (17 мај 2021) <https://mk.voanews.com/a/lgbt-skopje-/5893558.html> пристапено на 11 август 2021.

473 Радио МОФ, „Коалиција 'Маргини': Директорот и службениците во Управата за водење на матични книги се изживуваат со животите на транс луѓето" (13 август 2020) <https://www.radiomof.mk/koalicija-margini-direktorot-i-sluzhbenicite-vo-upravata-za-vodenje-na-matichni-knigi-se-izzhivuvaat-so-zhivotite-na-trans-lugjeto/> пристапено на 4 мај 2021.

Во јуни 2020 година, на социјалната мрежа „Инстаграм“ се појави силен говор на омраза кон ЛГБТ-луѓето на профили што ги следат дури 40.000 корисници. Целта на ова било да се искаже револт од присуството на ЛГБТ-заедницата во медиумскиот простор во периодот кога се слави Месецот на гордоста. Правниот проблем при вакви објави на говор на омраза е што не се насочени кон одредено лице, па иако „секој може да биде пријавител на говор на омраза, но не секој може да води кривична постапка, односно мора да постои жртва која ќе ја води постапката“.[474]

Претседателот на здружението „ЛГБТ Јунајтед“, Беким Асани, повторно беше нападнат во август 2020 година врз основа на неговата сексуална ориентација, откако претходно и во 2019 година беше претепан врз истата основа.[475] Една недела по настанот, Беким Асани добивал смртни и други закани по неговиот психофизички интегритет, а дополнително, ваквите настани можат да охрабрат и други дела и говори на омраза доколку сторителите не се најдат и не се казнат навремено.

Владиката Петар истакна сериозни квалификации за ЛГБТ-заедницата во поглед на сексуалното образование што се предвидува да почне во септември 2021 година како пилот-програма во неколку училишта. Имено, во неговата изјава се наведува дека сексуалното образование „под палките на ЛГБТ-заедницата, на младите ќе им се отворат вратите кон развратот, кон разни психички растројства и хаосни состојби, со тоа што противприродните односи на хомосексуалците, лезбејките и сите перверзни типови, ќе се третираат како природни, а изопаченоста како нормалност“.[476] Ваквата реторика дополнително може да ги заостри говорот и делата од омраза поттикнати од верското убедување на граѓаните.

---

474 Радио МОФ, „Инстаграм профил шири говор на омраза, институциите бараат конкретна жртва за отворање на постапка“ (30 јуни 2020) <https://www.radiomof.mk/instagram-profil-shiri-govor-na-omraza-instituciite-baraat-konkretna-zhrtva-za-otvoranje-na-postapka/> пристапено на 7 мај 2021.

475 Слободен печат, „Нападнат Беким Асани: Планирам да купам пиштол, не може кој како ќе стигне да ме тепа!“ (5 август 2020) <https://www.slobodenpecat.mk/napadnat-bekim-asani-planiram-da-kupam-pishtol-ne-mozhe-koj-kako-ke-stigne-da-me-tepa/> пристапено на 4 мај 2021.

476 nezavisen.mk, „Владиката Петар ги нападна реформите во образованието, ЛГБТ заедницата, а јогата ја нарече квази религија“ (6 јануари 2021) <https://nezavisen.mk/vladikata-petar-gi-napadna-reformite-vo-obrazovanieto-lgbt-zaednicata-a-jogata-ja-nareche-kvazi-religija/> пристапено на 3 мај 2021.

# Роми

Пандемијата предизвикана од КОВИД-19 влијаеше особено и на социјално загрозените Роми кои живеат во земјата. Имено, живеењето во импровизирани живеалишта, немањето пристап до вода, хигиенски средства и соодветна заштитна опрема, ги прави поподложни на заболување и ширење на вирусот низ ромските населби. Врз основа на ова, многубројни невладини и меѓународни организации се организираа да ги олеснат предизвиците предизвикани од пандемијата. Следствено, околу 200 таблети за следење онлајн-настава беа доделени во Шуто Оризари.[477] Куманово, Кичево, Кочани, Виница, Битола, Прилеп, Штип, Делчево,[478] Гостивар и Тетово.[479]

На седница одржана на 14 мај 2020 година, во насока на справување со пандемијата на КОВИД-19, Владата со уредба направи ребаланс на буџетот со што средствата за поддршка на Декадата и стратегијата за Роми го смали за 34%, што е значително намалување од 73 милиони на 48 милиони денари.[480] Во буџетот на државата за 2021 година беа алоцирани 59,2 милиони денари за поддршка на ромската заедница, што е за околу 13 милиони денари помалку во споредба со ставките за 2020 година.[481] Во поглед на образованието, „Основното и средното образование се задолжителни во Македонија, но во ромските населби само три четвртини од децата на соодветна возраст тргнуваат во прво одделение, помалку од две третини продолжуваат во шесто, а околу една третина се запишуваат во средно образование".[482] Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и придружните акциски планови се истечени. Во моментот тече процесот на подготовка на Стратегија за Роми за периодот 2022-2030 година. Новата стратегија се води од заложбите на Познањ декларацијата за земјите од Западен Балкан за интеграција на Роми во рамките на процесот на проширување на ЕУ,[483] а по насоките дадени од Стратешката рамка на ЕУ за Ромите.[484] Изготвувањето на Стратегијата за Роми 2022-2030 е раководен од Владата преку Советникот за инклузија на Роми во соработка со Министерството за труд и социјална политика со техничка поддршка од проектот „Интеграција на Роми 2020". Процесот се одвива и во консултации со засегнати институции и граѓански организации.[485]

Според истражувањата на граѓанските организации, смртноста на новороденчињата кај Ромите е за 1,5 пати повисока во споредба со македонското население во 2017 година. Дополнително, околу „50 отсто од смртните случаи кај Ромите се случиле пред 65-тата

477 opserver.mk, „Хуманитарна помош за децата Роми вклучени во градинката 'Осми април' во Шуто Оризари" (28 мај 2020) <https://opserver.mk/makedonija/humanitarna-pomosh-za-decata-romi-vklucheni-vo-gradinkata-8mi-april-vo-shuto-orizari/?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=humanitarna-pomosh-za-decata-romi-vklucheni-vo-gradinkata-8mi-april-vo-shuto-orizari> пристапено на 3 мај 2021.

478 frontline.mk, „Доделување помош за онлајн настава за ученици Роми" (24 јули 2020) <https://frontline.mk/2020/07/24/dodeluva-e-pomosh-za-onla-n-nastava-za-uchenici-romi/> пристапено на 3 мај 2021.

479 makpress.mk, „Таблети за ученици Роми вклучени во основното училиште 'Браќа Рамиз и Хамид' во Шуто Оризари" (3 јуни 2020) <https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=350766> пристапено на 3 мај 2021.

480 Влада на Р. Северна Македонија, „Од 52. седница на Владата: Донесен ребалансот на буџетот за 2020" (15 мај 2020) <https://vlada.mk/node/21404>.

481 Министерство за финансии, „Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година" <https://finance.gov.mk/budget2021/> пристапено на 3 мај 2021.

482 libertas.mk, „360 степени: Младите Роми и натаму на маргините: Само четворица од десет завршуваат средно образование" (4 јануари 2021) <https://libertas.mk/360-stepeni-mladite-romi-i-natamu-na-marginite-samo-chetvorica-od-deset-zavrshuvaat-sredno-obrazovanie-video> пристапено на 2 мај 2021.

483 Regional Cooperation Council, „Декларација на партнерите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамки на процесот на проширување на ЕУ" (5 јули 2019) <https://www.rcc.int/romaintegration2020/files/admin/docs/866ab25893dd6d9271ebccbfd195349e.pdf>.

484 Европска комисија (European Commission), "Guidelines for Planning and Implementing National Roma Strategic Frameworks" [Насоки за планирање и спроведување на националните стратешки рамки за Ромите].

485 НВО соработка, „Консултативен процес за изработка на стратегија за Роми 2022-2030" <https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/503>.

година од животот, за разлика од 23 отсто кај останатото население“.[486] Дури 85,6 отсто од Ромките немаат посетено матичен гинеколог,[487] а поради недостиг на матичен гинеколог во Шуто Оризари не можат да остварат прегледи, додека само 2% од Ромките од Шуто Оризари се опфатени со Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката на Министерството за здравство.[488] По подолг период, 20.000 жени Ромки од Шуто Оризари во април 2021 година добија гинеколог со отворање на приватна Јавна здравствена установа поддржана од Министерството за здравство.[489]

Во извештајниот период се случија неколку вознемирувачки настани поттикнати од етничка дискриминација. Имено, на 22 септември, со прекумерна употреба на сила, полициски службеници претепаа тројца Роми во Битола, откако тие претходно направиле сообраќајна несреќа, за што беше објавена и видеоснимка од страна на случаен минувач.[490] Настанот предизвика лавина реакции, протест на ромската заедница[491], но и контрапротест[492] во знак на поддршка за полицијата, кој беше проследен и со говор на омраза против ромската заедница.[493] Дополнително, во Кочани, од страна на група граѓани беше претепано дете од ромската етничка заедница врз кој беше употребена сила и психичко малтретирање за што беше и објавен вознемирувачки видеозапис во медиумите.[494] Состојбата ескалираше врз основа на тоа што семејството на детето по неколку дена предизвикале физичка пресметка со оваа група, а неколкумина биле повредени.[495]

Жените Ромки се поподложни на семејно насилство во споредба со другите заедници кои живеат во земјата. Тоа се должи поради двојната дискриминација врз основа на полот и етничката припадност, социјалното исклучување и системските бариери со кои се соочуваат во поглед на бирократските процедури.[496]

Во поглед на инфраструктурата, сè уште постојат ромски населби што не се легализирани, немаат пристап до вода, струја и асфалтирани улици,[497] што директно може да придонесе кон сегрегација на ромската заедница.

Продолжува имплементирањето на проектите за стипендирање деца средношколци Роми и бесплатно вклучување на Ромите во предучилишното образование, што се реализира од страна на Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика

486 makpress.mk, „Конференција за пристапот до здравствена заштита на жените, мајките и децата Роми“ (23 јули 2020) <https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=360340> пристапено на 1 мај 2021.

487 21.tv, „Проблемите на Ромите се одолговлекуваат 30 години – расизмот и дискриминацијата сè уште се главен белег“ (8 април 2021) <https://mk.tv21.tv/problemite-na-romite-se-odolgovlekuvaat-30-godini-rasizmot-i-diskriminatsijata-s-ushte-se-glaven-beleg/> пристапено на 5 јануари 2021.

488 makpress.mk, „Конференција за пристапот до здравствена заштита на жените, мајките и децата Роми“ (n 489).

489 24.mk, „Шуто Оризари од денес има матичен гинеколог“ (23 април 2021) <https://www.24.mk/details/shuto-orizari-od-deneska-ima-matichen-ginekolog> пристапено на 5 јануари 2021.

490 Република.мк, „Се огласија претепаните Роми: Бевме тепани и малтретирани, во станица нè држеа до пет часот изутрина“ (24 септември 2020) <https://republika.mk/vesti/crna-hronika/se-oglasija-pretepanite-romi-bevme-tepani-i-maltretirani-vo-stanica-ne-drzea-do-pet-chasot-izutrina/> пристапено на 5 мај 2021.

491 dw.com, „Најавен протест против полициска бруталност“ (25 септември 2020) <https://www.dw.com/mk/најавенпротест-против-полициска-бруталност/a-55050373> пристапено на 1 мај 2020.

492 apla, „Протест за поддршка на полицијата – полицаецот должен е да реагира, а не да се претвори во топовско месо“ (30 септември 2020) <https://apla.mk/direktno/item/5964-bitolchani-masovno-na-protestot-za-poddrshka-na-policijata> пристапено на 1 мај 2021.

